**СРЕДНО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ КАВАДАРЦИ**

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**КАВАДАРЦИ, Август 2025**

**Директор**
**Ратка Росомански**

**Претседател на УО**
**Блаже Ѓорчев**

# I. ВОВЕД

Училиштето е лоцирано во Општина Кавадарци, а како основач на училиштето се јавува општина Кавадарци.

Основната дејност на училиштето е воспитно-образовна, со јасно дефинирани цели.

Во 2024/2025 година во училиштето се реализираше воспитно-образовен процес, во кој учениците стекнуваа стручно образование.

Од стручното образование застапени се следните сектори: **земјоделство, рибарство и ветеринарство** со три образовни профили, **шумарство и обработка на дрво** со три образовни профили и **здравствство и социјална заштита** со еден профил.

Од **гимназиското образование** се застапени две паралелки – спортска академија за кошарка, како дисперзирани паралелки на ДСУ „Спортска академија“ - Скопје

Во изминатата учебна година во училиштето на почетокот се запишаа вкупно **371** ученици, распоредени во **25** паралелки. Во текот на годината се запишаа уште **4** ученици, а си замина **13.** На крајот на учебната година останале **362** ученици**.** Од **362** ученици, **343** направо ја завршија соодветната година на образование, **17** ученици беа упатени на поправен испит, **1** ученик ја повторува годината,**1** ученик беше упатен на класен испит на годината по сите предмети, а 2 ученици само по еден предмет. Упатената ученичка на испит на годината по сите предмети, ги положи сите предмети и ја заврши годината. Учениците кои беа упатени на испит на годината по еден предмет, успешно го положија. Сите ученици кои беа упатени на поправен испит успешно го положија и ја завршија годината.

Од вкупно 77 матуранти од Четврти степен, во јунскиот испитен рок 61 ученици положија Државна матура, а 6 положија завршен испит. Од Трети степен за Завршен испит положија 5 ученици. За завршен испит се пријавија и 15 вонредни ученици од IV степен. Во Августовскиот испитен рок за Државна матура повторно се пријавија 6 редовни и 2 вонредни ученици. За завршен испит се пријавија 6 редовни и 2 вонредни ученици. Во августовскиот испитен рок, Државна матура положија 5 редовни и 1 вонреден ученик. Завршен испит положија 5 редовни и 2 вонредни ученици. Вкупно во двата испитни рока државна матура положоја 66 редовни и 1 вонреден ученик. Завршен испит положија 11 редовни и 17 вонредни ученици.

Учебната година започна на **2 Септември 2024 г**. Учебната година заврши на **10.06.2025** година. Според календарот за учебната година, на почетокот беа планирани 180 работни денови за I, II и III година, а 166 за завршните класови. Учениците направиле вкупно **16070** изостаноци, од кои **13812** оправдани, неоправдани **2258** или во просек по ученик вкупно **44,39** изостаноци. Во однос на претходната учебна година, изостанувањето е намалено за 3,688 %.

Поведението на учениците е дадено во табелата:

| Година на образование | Број на ученици | Примерно | Добро | Незадоволително |
|---|---|---|---|---|
| I | 85 | 74 | 11 | 0 |
| II | 109 | 98 | 6 | 5 |
| III | 91 | 87 | 4 | 0 |
| IV | 77 | 68 | 9 | 0 |
| Вкупно | 362 | 327 | 30 | 5 |

Среден успех постигнат на ниво на училиште на крајот од наставната година е **4,17.**

Среден успех постигнат на ниво на училиште на крајот од учебната година е **4,18.**

Постигнатиот успех е намален во однос на претходната учебна година за 0,71%.

# II.ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

## 2.1.СТРУКИ И ОБРАЗОВНИ ПРОФИЛИ

Во училиштето се одвива стручно образование.

Од стручното образование застапена е земјоделско-ветеринарната струка (сектор за земјоделство, рибарство и ветеринарство), шумарско - дрвопреработувачката струка (шумарство и обработка на дрво) и здравствена струка (сектор за здравство и социјална заштита) и гимназиско образование (спортска академија за кошарка)

**Секторот за земјоделство, рибарство и ветеринарство** работи по реформирана програма со следните образовни профили:

- градинар-цвеќар (тригодишно образование) I, II, III година
- агротехничар (модулирано) I, II, III, IV година
- техничар за фитомедицина (модулирано) I , II, III, IV година

Програмата е верифицирана со одлука на МОН со Решение бр.11-2936/2 од 09.06.2006 година, Министерство за образование и наука.

Верификации за модулираните профили:

| | |
|---|---|
| Агротехничар: | УП1 13-3520 од 10.06.2020 |
| Техничар за агроменаџмент | УП1 13-3521 од 10.06.2020 |
| Техничар за фитомедицина | УП1 13-3522 од 10.06.2020 |

**Секторот шумарство и обработка на дрво** работи по реформирана програма (модуларно) со следните образовни профили:

- шумарски техничар (модулирано) I, II, III, IV година
- техничар за пејзажен дизајн (модулирано) I, II, III, IV година
- техничар за мебел и ентериер (модулирано) I, II, III, IV год

Верификација за столар: 11-1857/4 од 02.04.2013 год на Министерството за образование и наука

Верификација за шумар:12-7448/2 од 09.07.2018

Верификација за модулираните програми:

| | |
|---|---|
| Шумарски техничар | УП1 13-3516 од 10.06.2020 |
| Техничар за пејзажен дизајн: | УП1 13-3517 од 10.06.2020 |
| Техничар за мебел и ентериер: | УП1 13-3519 од 10.06.2020 |
| Техничар за обработка на дрво: | УП1 13-3518 од 10.06.2020 |

**Секторот здравство и социјална заштита** работи со следните образовни профили:

- фармацевтски техничар (модулирано) I , II, III, IV година

верификација за модулиранио профил: УП1 13-3431 од 10.06.2020

**Гимназиско образование:**

- спортска академија за кошарка II, III година;

## 2.2. УЧЕНИЦИ

### 2.2.1 ЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ

Во 2023/24 година на почетокот се запишаа 371 ученици.

Од нив **89** ученици посетуваа настава во стручното образование од Шумарско-дрвопреработувачката струка, **118** посетуваа настава во стручното образование од земјоделско-ветеринарната струка**, 134** посетуваа настава во стручното образование од здравствената струка и **30** ученици посетуваа настава во спортската академија за кошарка (гимназиско образование).

Годината започна со запишани 89 ученици во I година.

Во I година во земјоделско - ветеринарна струка се запишаа **31** ученици распоредени во две паралелки IV степен и една паралелка во III степен.

Во I година во шумарско дрвопреработувачка струка се запишаа **27** ученици распоредени во 2 паралелки во IV степен.

Во I година во здравствената струка се запишаа **31** ученици во една паралелка.

Во I година во Спортската академија немаше упис.

Во Прилог 2.1.1.даден е табеларен и графички приказ на запишани ученици во учебната 2024/25 година според струката, успехот.

Освен редовните ученици во училиштето во учебната 2024/25 година образование стекнуваат вонредни ученици. Во учебната 2024/25 своето четиригодишно образование го дооформија 18 вонредни кандидати кои успешно положија завршен испит и се здобија со соодветна диплома за завршен IV степен .

Во 2024/25, во Прва година се запишаа 12 вонредни ученици сите во шумарско-дрвопреработувачка струка за профилот шумарски техничар.

Вонредни ученици во V степен

| | Образовен профил | Запишаниво 2024/25 | Завршиле во 2024/25 |
|---|---|---|---|
| 1 | Специјалист по шумарски работи | 12 | 12 |
| 2 | Специјалист по ловство | 10 | 10 |
| 3 | Специјалист за подиг на зелени. Површини и уредување на населби | / | / |
| 4 | Специјалист- подрумар | / | / |
| | вкупно | 22 | 22 |

### 2.2.2. УСПЕХ, РЕДОВНОСТ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во Прилог 2.2. даден е табеларен и графички приказ за успехот и редовноста на учениците по паралелка на крајот од наставната, учебната година.

Од приказот се гледа дека:

* Направо ја завршиле годината **343** ученици со среден успех **4,17** што претставува 94,76**%** од вкупниот број на ученици.

* На **поправен испит** беа упатени **17** ученици или 4,70 %

* на **испит на година 1** упатен 0,27 %

* **1** ученичка ја повторува годината 0,27 %

Сите ученици упатени на поправни испити ги положија и ја завршија соодветната година. Од упатените на „испит на годината“, сите се јавија положија и ја завршија годината.

За „првенец на генерацијата 2021-25“ е прогласен ученикот Марјан Атанасов од IV-5 од здравствената струка.




Истакнати се уште двајца ученици како најдобри во својата струка: Дејана Николова од земјоделско ветеринарната струка и Виктор Ристов од шумарско-дрвопреработувачката струка. Беа наградени и 2 ученици со посебни потреби, кои се истакнаа со својот успех и редовноста: Надица Којчева (IV-1) и Петар Мегленов (III-5).

Во прилог бр 2.3 е дадена табеларен и графички приказ за успехот, поведението на крајот од наставната и учебната година.

## 2.3. РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

Со училиштето раководеше училиштен тим во состав:



**Ратка Росомански – Директор**



**Ефремчо Николов – Претседател на Училишен одбор**

Во Прилог 3.1. дадени се податоци за директорот Ратка Росомански .
Во прилог 3.2. даден е извештај за работа на директорот во 2024/25 година

## 2.4. УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

Со училиштето управуваше Училиштен Одбор во состав:






Прилог 4.1 е дадена работата на Училишниот Одбор

## 2.5.СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА



## 2.5.1.НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

Во текот на неделата членовите на Наставничкиот Совет се менуваа од причина што некои од професорите беа ангажирани во други училишта, или од други училишта надополнуваа часови во СОЗШУ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци.

1. **Ратка Росомански** – директор
2. **Тања Камчева**-педагог
3. **Валентина Мукаетов** -психолог
4. **Рамова Делева Антонија -** дефектолог
5. **Влатко Тасев**-професор по македонски јазик и литература
6. **Лилјана Ѓорѓиева**-професор по македонски јазик и литература
7. **Коле Станоев** -професор по македонски јазик и литература
8. **Касапинова Наталија-**професор по англиски јазик
9. **Делова Маргарита**-професор по англиски јазик
10. **Ацева Сања**-професор по англиски јазик
11. **Весна Тодорова**- професор по математика
12. **Јованова Пепица** - професор по математика
13. **Тодоров Ѓоко**-професор по информатика
14. **Манчева Милка** -професор по физика
15. **Попов Горан** -професор по спорт и спортски активности
16. **Велковски Горан** -професор по спорт и спортски активности
17. **Смилевски Златко**-професор по музичка култура, ( надополнува часови во нашето училиште -6 часа)
18. **Соња Поп-Ицова** - професор по ликовна уметност ( надополнува 6 часа во нашето училиште, од ОУ „Тошо Велков – Пепето“)
19. **Петков Даниел** професор по историја
20. **Таскова Валентина** професор по Граѓанско образование
21. **Бинов Љупчо**-професор по Содржини програмирани од училиштето
22. **Минова Божанка**- професор по хемија
23. **Вчкова Наталија**- професор по биологија
24. **Гркова Оливера**-- професор по стручни предмети од земјоделско-ветеринарна струка
25. **Мајсторова Менча**-професор по поледелска група на предмети, практична настава
26. **Спиркоски Јасминка** - - професор по стручни предмети од земјоделско-ветеринарна струка
27. **Настов Бошко** - професор по поледелска, лозароовоштарска и градинарско цвеќарска група на предмети, практична настава
28. **Николов Ефремчо** - професор по стручни предмети од земјоделско-ветеринарна струка
29. **Керов Горан** - професор по лозаро-овоштарска група на предмети
30. **Попов Коце** – професор по стручни предмети од земјоделско-ветеринарана струка

31. **Ѓелова Лепа** - професор по стручни предмети од земјоделско-ветеринарана струка
32. **Бојков Глигорчо**– професор по стручни предмети од земјоделско-ветеринарана струка
33. **Коцева Тодорка** - професор по група предмети од шумарско-дрвопреработувачка струка
34. **Петрова Александра** - професор по група предмети од шумарско-дрвопреработувачка струка
35. **Бинова Радица**- професор по група предмети од шумарско-дрвопреработувачка струка
36. **Сакалиев Горан** - професор по група предмети од шумарско-дрвопреработувачка струка
37. **Тефова Роза**- професор по група предмети од шумарско-дрвопреработувачка струка
38. **Зимоски Горан**- професор по група предмети од обработка на дрво и практична настава и заменик директор
39. **Ацев Стефан**- професор по група предмети од обработка на дрво и практична настава
40. **Илков Деан**- професор по група предмети од обработка на дрво и практична настава
41. **Стојчева Наумова Гордана** - професор по група предмети од обработка на дрво и мебел и ентериер
42. **Пењушков Перо** – професор по стручни предмети од медицинска струка
43. **Еленова Јасминка**- професор по стручни предмети од областа на фармацијата
44. **Ѓорчев Блаже -** професор по стручни предмети од областа на фармацијата
45. **Јовановска Ивана** - професор по стручни предмети од областа на фармацијата
46. **Косовска Ѓурѓица** професор по латински јазик (надополнува)
47. **Камчева Анастасија (Билјана Јанкова од 10 Март)** професор по Психологија
48. **Стамаџиев Крсте -** професор по Историја **(** 4 часа-надополнува**)**
49. **Цеков Дарко –** професор (ментор) во спортската академија за кошарка
50. **Ѓуров Марјан –** професор (ментор) во спортската академија за кошарка
51. **Рамова Бранка –** професор по Содржини програмирани од училиштето

Наставничкиот Совет одржа 15 состаноци на кои се дискутираа прашања и теми и се носеа Одлуки во согласност со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. (прилог 5.1)

### 2.5.2 .СОВЕТ НА ПАРАЛЕЛКА

Во Прилог 5.2.1. е даден приказ за состав на Советот на паралелки

Советите на паралелка одржа 5 состаноци. На Советите се дискутираше за успехот, редовноста и поведението за секој ученик поединечно, како и за сите проблеми со кои се соочуваат учениците од секоја паралелка.

### 2.5.3. РАКОВОДИТЕЛИ НА ПАРАЛЕЛКИ

| Р.б | клас | Бројна состојба | просторија | Раководител на паралелка | профил |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | I-1 | 17 | 14 | Радица Бинова | Техничар за мебел и ентериер |
| 2 | I-2 | 6 | 1 | Стефан Ацев | Техничар за мебел и ентериер |
| 3 | I-3 | 6 | 20 | Гордана Стојчева | Агротехничар |
| 4 | I-4 | 21 | 16 | Ефремчо Николов | Техничар за фитомедицина |
| 5 | I-5 | 5 | 19 | Љупчо Бинов | Градинар-цвеќар |
| 6 | I-6 | 30 | 5 | Божанка Минова | Фармацевтски техничар |
| 7 | II-1 | 17 | 13 | Горан Сакалиев | Техничар за мебел и ентериер |
| 8 | II-2 | 6 | 12 | Коле Станоев | Техничар за мебел и ентериер |
| 9 | II-3 | 10 | 17 | Коце Попов | Агротехничар |
| 10 | II-4 | 15 | 15 | Даниел Петков | Техничар за фитомедицина |
| 11 | II-5 | 6 | 9 | Валентина Таскова | Градинар-цвеќар |
| 12 | II-6 | 35 | 2 | Милка Манчева | Фармацевтски техничар |
| 13 | II-7 | 20 | 4 | Дарко Цеков | Спортска академија - кошарка |
| 14 | III-1 | 11 | 24 | Коцева Тодорка | Шумарски техничар / Техничар за пејзажен дизајн |
| 15 | III-2 | 6 | 21 | Зимоски Горан | Техничар за мебел и ентериер |
| 16 | III-3 | 9 | 8 | Керов Горан | Агротехничар |
| 17 | III-4 | 17 | 23 | Бојков Глигор | Техничар за фитомедицина |
| 18 | III-5 | 5 | 7 | Горан Попов | Градинар-цвеќар |
| 19 | III-6 | 34 | 3 | Ѓорчев Блаже | Фармацевтски теничар |
| 20 | III-7 | 9 | 9 | Ѓуров Марјан | Спортска академија - кошарка |
| 21 | IV-1 | 18 | 10 | Роза Тефова | Шумарски техничар / Техничар за пејзажен дизајн |
| 22 | IV-2 | 1 | 19 | Деан Илков | Техничар за мебел и ентериер |
| 23 | IV-3 | 10 | 18 | Бошко Настов | Агротехничар |
| 24 | IV-4 | 14 | 11 | Менча Мајсторова | Техничар за фитомедицина |
| 25 | IV-5 | 34 | 6 | Маргарита Делова | Фармацевтски техничар |
| Вк. | | 362 | | | |

Раководителите на паралелка се грижеа за успехот, редовноста и поведението на секој ученик во паралелката, за целокупната работа на паралелката, поднесуваа извештаи, остваруваа контакти и средби со родителите, разговараа со учениците за проблемите со кои се соочуваат во училиштето и надвор од него и заедно со педагогот ги решаваа училишните проблеми, а се обидуваа да ги решат и другите проблеми. Паралелките со означени со зелена боја, се дуални паралелки (дуално образование)

## 2.5.4.СТРУЧНИ АКТИВИ

Во училиштето застапени се следните стручни активи:

**I. Актив по македонски јазик и странски јазици**
**II. Актив по шумарско-дрвопреработувачката струка**
**III. Актив по земјоделско втеринарната струка**
**IV. Актив по природно-математички науки: математика, информатика физика, биологија и хемија**
**V. Актив по општествено-хуманистичка група на предмети**
**VI. Актив по група на предмети од областа на спортот**
**VII. Актив на наставниците од здравствената струка**

Активите во текот на годината работеа врз основа на претходно донесен План за работа.

Во прилог 5.4.1. дадени се референците за сите членови од активите, со нивните компетенции.

Извештаите за работата на активите се дадени во Прилогот 7.

## 2.6. ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА СЛУЖБА

Во склоп на педагошко-психолошката служба работи дипломиран професор по педагогија Тања Камчева, дипломиран психолог Валентина Мукаетов и диломиран дефектолог Антонија Делева Рамова.

Во Прилог 2.6.1. даден е извештајот за работа на педагогот во учебната 2023/24 година.
Во Прилог 2.6.2. дадени се податоци за психологот на училиштето, како и извештајот за работа на психологот во учебната 2024/25 година.
Во Прилог 2.6.3. дадени се податоци за дефектологот на училиштето, како и извештајот за работа на дефектолог во учебната 2024/25 година.

## 2.7. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во склоп на училиштето функционира училиштна библиотека со вкупен фонд 18.470 книга до 04. 07. 2025

Учениците користеле различна литература, но најмногу лектири и книги за обработка.

**Активностите се реализираа тековно:**

01.09.2024 до 05.09.2025 – Доделување на учебници на учениците
10.09.2024 (3 - школски часа)
Ученици од класовите $II^1$, $II^4$ и $III^2$ помогнаа во **преглед, сортирање, пребришување и подредување на книгите во реновираниот дел од библиотеката**
25.09.2024 (2-школски часа)
Ученици од $III^2$ - **Електронско внесување на подарени книги**

---

-Изготвување на табеларни прегледи за примени, поделени и вратени учебници

03.10.2024 ( 3-школски часа )
Ученици од $II^4$ **-Електронско внесување на подарени книги**
16.10.2024 (2-школски часа) со ученици од 1-ва година
**Средување и лепење на оштетени книги во библиотеката**
13.11.2024 (2-школски часа) со ученици од 2-ра година
**Средување и лепење на оштетени книги во библиотеката**
**17. 02. 2025 – купени 88 лектири**
19.02 2025 (2-школски часа)
Ученици од $II^4$ **-Електронско внесување на купени книги**
22. 04. 2025 (2-школски часа)
Ученици од $III^2$ - **Електронско внесување на подарени книги**
-Запознавање на учениците со работата на училишната библиотека и начинот на користење со истата **(преку соопштение по класови- Септември)**
-Соработка со наставниците**(во текот на целата година)**
-Унапредување на воспитно-образовната работа
-Грижа за збогатување на книжниот фонд
-Соработка со локалната заедница и други сродни институции
-Изготвување на табеларни прегледи за примени, поделени и вратени учебници
-Изработка на сопствена годишна програма
-Учество во изработка на годишната програма на училиштето
-Учество во работата на Наставничкиот совет
-Издавање на книги
-Упатство за користење на библиотечниот фонд

-Техничка обработка на книгите
-Ажурирање на податоци за членовите на училишната библиотека-Водење евиденција и документација за книжниот фонд
-Ажурирање на податоци во инвентарна книга
-Консултации со активите за набавка на нови наслови
-Поддршка на учениците и наставниците во изведување на наставниот процес, чија цел е унапредување на воспитно-образовниот процес во училиштето во согласност со наставните планови и програми на СОЗШУ ,, Ѓорче Петров ”-Кавадарци
-Овозможување пристап до лектирните наслови, стручната литература и други извори на знаења како претпставка за што поголема индивидуализација на наставниот процес
-Стручна помош на класни раководители, приправници и ментори
-Реализација на активности со соработниците од библиотеката ,,Феткин ,,
-Создавање навика и потреба за читање при што се влијае врз развојот на комуникациските и социолошките вештини
-Прочистување и вреднување на фондот
-Ажурирање на податоци за членовите на училишната библиотека
-Соработка со издавачките куќи
-Презентација на литературно дело од македонски автор
-Развивање навики за користење на библиотеката низ целиот живот
-Испитување, развивање и насочување на интересот на учениците за книгата, и тоа, согледувајќи ги нивните желби и потреби
-Запознавање на учениците со значењето и функцијата на авторот на книжевното дело
-Соработка со наставниците и родителите при реализација на предвидените планови на училиштето
-Работа со талентирани ученици ( реализација на презентација по избор)
-Соработка со библиотекарите од средните училишта
-Учество во работата на комисијата за враќање на учебници
-Средување и преглед на книжниот фонд

---

Библиотека 04. 07. 2025

Библиотечен фонд
Вкупен број на книги 18.471
Број на наслови 10.614

---

Број на библиотечен фонд
-Лектири...................5.423
-Стручни наслови.....1.591
-Белетристика...........7.092
Жанрови:
-Љубовни ...................4.262
-Акциски....................1.608
-Историски...................673
-Криминалистички.......310

-Поезија.........................221
-Енциклопедии..............35
Јазици на кои се издадени книгите
-Македонски.....................16.987
-Турски................................36
-Српско-Хрватски............1.245
-Руски...... /
-Бугарски..... /
-Англиски...... /
-Останати...... /

-Наставен јазик на кој се води библиотеката – **Македонски јазик**

04. 07. 2025 библиотекар
Кавадарци Бранка Рамова

### 2.8. АДМИНИСТРАТИVНО-ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Во прилог 8.1. дадени се членовите на оваа служба

| Ред бр | Опис на работно место | м | ж | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Секретар-благајник | 1 | 1 | 2 |
| 2 | Домаќин | 1 | / | 1 |
| 3 | Чувар | 2 | / | 2 |
| 4 | Технички персонал | 1 | 4 | 5 |
| | ВКУПНО | 5 | 5 | 10 |

### 2.9. СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

| Вработени | Неопределено | Определено | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Срби | Власи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставен** | **40** | **5** | **22** | **24** | **46** | **/** | **/** | **/** |
| **Ненаставен** | **8** | **2** | **5** | **4** | **9** | **/** | **/** | **/** |
| **Вкупно** | **48** | **7** | **27** | **28** | **55** | **/** | **/** | **/** |

## III. НАСТАВА

Во училиштето се реализираше **редовна, додатна, дополнителна** и **консултативна настава за 362 редовни и 27 вонредни ученици**

**Редовната настава** започна на 02.09.2024 година, а заврши на 10.06.2025 година за учениците од I, II и III година.

За учениците од IV година наставата започна на 02.09.2024, а заврши на 16.05.2025 година.

Редовната настава е организирана врз основа на изментетиот Календарот за работа на средните училишта во учебната 2024/25 година.

**Неработни денови** во текот на неделата беа **сабота** и **недела** и деновите :

**- 08.09.2024 година - Ден на независноста на Р.Македонија**
**- 11.10.2024 година - Ден на народното востание**
**- 23.10.2024 година – Ден на Македонската Револуционерна борба**
**- 08.12.2024 година – Св. Климент Охридски**
**- 31.03.2025 година – Рамазан Бајрам**
**- 18.04.2025 година – Велики Петок**
**- 21.04.2025 година – Втор ден Велигден**
**- 01. 05.2025 година – Ден на трудот**
**- 24.05.2025 година - ,,Св.Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители**
**- 06.06.2025 година - Духовден**

**Денови во кои не се изведуваше настава, но беа спроведени активности од областа на екологијата, културата, уметноста:**
**02.04.2025 година – Патронен празник**

Настава учениците ја следеа во **една смена која** започнуваше од **8:00 часот** и траеше до **14:00 часот.**

Оценетоста на учениците е комплетна, освен една ученичка која отсуствуваше во второто полугодue и беше упатена на класен испит. Две ученички од I-5 се упатени на класен испит само по еден предмет.

Најголемиот број на оценки се петки. Вкупно 2588 од вкупно 4623 или 55,98 %.

Во табелата даден е приказ на оценетоста на учениците по класови:

| клас | петки | четворки | тројки | двојки | единици | неоценети | просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 94 | 55 | 59 | 64 | | | 3.58 |
| I-2 | 16 | 34 | 36 | 14 | 2 | | 3.40 |
| I-3 | 11 | 18 | 48 | 17 | 2 | | 3.15 |
| I-4 | 117 | 87 | 78 | 53 | | | 3.72 |
| I-5 | 9 | 10 | 17 | 23 | 4 | 2 | 2.94 |
| I-6 | 360 | 87 | 41 | 9 | | | 4.66 |
| II-1 | 57 | 49 | 58 | 64 | 3 | 1 | 3.28 |
| II-2 | 25 | 12 | 22 | 29 | 2 | | 3.31 |
| II-3 | 22 | 22 | 28 | 67 | 7 | | 2.89 |
| II-4 | 110 | 45 | 26 | 42 | 1 | | 3.97 |
| II-5 | 2 | 14 | 25 | 13 | | | 3.09 |
| II-6 | 437 | 50 | 25 | 10 | 2 | | 4.72 |
| II-7 | 104 | 29 | 24 | 3 | | | 4.46 |
| III-1 | 41 | 43 | 23 | 14 | | | 3.82 |
| III-2 | 18 | 12 | 12 | 12 | 4 | | 3.46 |
| III-3 | 32 | 37 | 27 | 21 | | | 3.78 |
| III-4 | 89 | 60 | 31 | 6 | | | 4.25 |
| III-5 | 15 | 12 | 8 | | | | 4.20 |
| III-6 | 352 | 22 | | | | | 4.94 |
| III-7 | 48 | 11 | 11 | 2 | | | 4.46 |
| IV-1 | 108 | 41 | 36 | 11 | | | 4.20 |
| IV-2 | | | | 9 | | | 2.00 |
| IV-3 | 39 | 35 | 36 | 20 | | | 3.77 |
| IV-4 | 116 | 19 | 10 | 9 | | | 4.23 |
| IV-5 | 366 | 8 | | | | | 4.98 |
| вкупно: | 2588 | 812 | 681 | 512 | 27 | 3 | 4.176188 |

Просекот на учениците се пресметува без оценките од предметот „Содржини програмирани од училиштето“.

**Дополнителна настава** е организирана во текот на учебната година за учениците кои покажуваат послаби резултати по одделни наставни предмети.

Дополнителната настава за послабите ученици е реализирана врз основа на претходно изработен распоред ( време, место, ученици кои ќе ја следат и сл.)

**Додатна настава** е организирана за учениците кои сакаат да го унапредат своето знаење. Со нив се работеше на одредени проекти во текот на целата година. Тоа се претежно ученици кои се подготвуваат за натпревари.

Додатна настава е организирана и за ученици кои беа подготвувани за учество на натпревари.

**Консултативна настава** се реализираше за вонредните ученици, учениците кои беа упатени на испит на година и за учениците кои полагаа државна матура и завршен испит, како и при подготовката и изработката на проектните задачи од страна на матурантите.

**Практична обука** се реализираше како:

**- Учење преку работа кај работодавач**
**- феријална практика**
**- теренска настава**

**- Учење преку работа кај работодавач**

се изведуваше во фирми со кои училиштето има склучено договори (фармацевтски аптеки, земјоделски аптеки, винарии, семјоделски стопанства, цвеќари, ЈП Национални шуми, фирми од дрвната индустрија, според препораките од дуалното образование. Беа реализирани огромен број на вежби во Михајлово, во фармацевтската лабораторија, во училишната винарија...

**Практична настава и во училишниот двор**

Учениците дел од практичната настава ја изведуваа и во училишниот двор и лозовата економија, под менторство на одговорните наставници.

**Феријалната практика** учениците од здравствената струка ја изведуваат по аптеките во градот или во своите места на живеење. Учениците од шумарско-дрвопреработувачка струка ја реализираа феријалната практика во училишниот двор, а учениците од другите градови во фирми во нивните места на живеење. Учениците од земјоделско-ветеринарната струка феријалната практика ја реализираа делумно на лозовата економија, делумно во училишниот двор и во винариите во општината, додека учениците од другите општини ја реализираа во своите места на живеење.

Содржини програмирани од училиштето, како и проектни активности во Спортската академија реализирани се од областа на:

- Светско наследство во рацете на младите
- Планирање на кариера
- Претприемништво и бизнис
- Подготовка за вработување и работа
- Ученичка компанија, претприемачка практика за млади
- Учење на работно место
- Активно барање работа (за IV)
- Презентациски вештини (за IV)
- Спорт

## IV. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### 1. СЕКЦИИ

Учениците во изминатата година имаа можност да бидат вклучени и да работата во повеќе секции, при што можеа да го искажат својот интерес, желба или својот талент.

**1.1. Драмско-рецитаторска секција**
**1.2 Новинарска секција**
**1.3 Спортска секција**
**1.4. Секција за органско земјоделство**
**1.5 Еко-дизајн**
**1.7. Информатика**
**1.8. Прва помош**
**1.9. Планинарска секција**

Активностите, учениците и менторите се дадени во прилог со извештаи од активите.

## 2 .ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ и РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### Активности и настани во учебната 2024/25 хронолошки:

Август 2024

ДОМАЌИНИ НА ТИМ-ПАРТНЕР ОД ГЕРМАНИЈА - Програма Еразмус+



Од 21 до 26.08.2024 година бевме домаќини (училиште-патнер) на група од 7 члена од Германија, кои реализираа мобилност во Кавадарци, во рамките на нивни проект од Еразмус+ програмата КА1 под името „Македонско шумарство и дрвна индустрија“.

Учесниците се од Германија од помал град во близина на Росток Deutsch-Ungarische Gesellschaft in Mecklenburg/ Vorpommern e.V. place Sanitz near by Rostock.

Екипата ја сочинуваа професори од шумарска струка, сопственици на фирми од областа на шумарството и дрвната индустрија.

Во рамките на посетата на Македонија се запознаа со активности во Михајлово, пиланата „Илино-пром“, расадникот „Пинус“, Националниот парк „Пелистер“, како и со културни и историски знаменистости на Битола, Охрид и Кавадарци.

1 (2) – СЕПТЕМВРИ - ПОСЕБЕН ДЕН ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ, РОДИТЕЛИ



Во училишниот двор на СОЗШУ “Ѓорче Петров„ повторно се слушна детскиот жагор.

После долгото и топло лето, стигна и денот кога сите чувствуваме посебна возбуда во нашите срца. Започна новата учебна година. Одморени, со нови сили, нов елан, надеж влегуваме уште во една од учебните години.

Најмногу причина за возбуда имаа учениците во ПРВА година, кои денес за првпат ги запознаа своите нови класни раководители, новите другачиња од класот, новото училиште со неговите простории, дел од наставниците. На нивните лица се забележуваше нивната радост и мала збунетост. Срдечно „Добредојде“ им посакаа директорката на училиштето Ратка Росомански и останатите наставници.

САКСИЈА ЦВЕЌЕ ЗА СЕКОЕ ПРВАЧЕ

Настан, кој прераснува во традиција



СОЗШУ „Ѓорче Петров“ - Кавадарци и оваа година им поклонува саксија цвеќе на секое „прваче“ во општина Кавадарци.

Цвеќе одгледано со љубов од наш ите ученици и наставници, сега со љубов поклонето на најмалите ученици, со цел да им посака убава, цветна и успешна учебна година.

Вработените од училиштето се потрудија саксијата со цвеќе да биде убаво спакувана и навреме доставена до секое училиште, за на 2 Септември стигнат до оние за кого е наменета: првоодделенците.

Им посакавме многу успех и на сите останати ученици.

07.09.2024

Учество на наши ученици на Карневалот во склоп на Тиквешкиот гроздобер





**13.09.2024**

КАВАДАРЧАНИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ПРОСЛАВАТА НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ПРВАТА ПОМОШ. ЧЛЕНОВИТЕ НА ОО НА ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ И ВОЛОНТЕРИ ОД СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО СПОРТСКАТА АКАДЕМИЈА ОДРЖАА ПОКАЗНИ ВЕЖБИ.



13.09.2024

Во посета на нашето училиште беше директорот на ДИШЛ Бејтула Камбери

На работната средба присуствуваа и државните инспектори Трајче Ангелов и Љубица Ѓорѓиева.

На средбите со инспекторите и воопшто се разговараше за проблемите во шумарскиот сектор и како да се надминат, идеи за професионално унапредување на професионалната рамка, заштита на шумите, намалување на шумскиот фонд и работните ресурси.



13-15.09.2024

Претставници од нашето училиште присуствуваа на стопаснко туристичката манифестација „Жупска берба“, на покана од збратименото училиште од Александровац – Србија. Учествуваа: Ефремчо Николов, Оливера Гркова, Јасминка Маркова Спиркоски.




19.09.2024
ПРЕДАВАЊЕ ПО ПОВОД „Недела на борба против туберкулозата„
Предавач др. Тони Јованов
ментори: Наталија Вчкова и Валентина Мукаетова



20.09.2024

Во организација на Општински совет за сообраќакот на 20.09.2024 година на крстосницата во центарот на градот Кавадарци беше реализирана превентивна акција Кампања за безбедност на пешаците.,,И ЈАС И ТИ СИТЕ СМЕ ПЕШАЦИ,, Во соработка со инспекторите за превенција од ОВР Кавадарци и ученици од СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци. На пешаците им беа делени флаери со превентивна содржина. Да се внимава при поминување на крстосницата,улиците, да се поминува на пешачки премин. Бидејќи пешаците се една од најмасовните но и најранливите групи учесници во сообраќајот.

Ментор: Ефремчо Николов




26.09.2024

Во просториите на компанијата КАВ-Комерц е потпишан меморандум за соработка со средното училиште „Ѓорче Петров“ од Кавадарци и се одржа еднодневна едукација на средношколците од истото, при што им се укажа можност да го следат процесот после берба на грозјето, негов прием и стандарди за прием на откупниот пункт, негово палетирање, складирање, чување во специјализирани ладилници и сиот останат процес до крајниот извоз.

Исто така, во иднина се планирани уште проекти помеѓу нашата сестринска фирма "АГРО-КАВКОМЕРЦ" и средното училиште "Ѓорче Петров", во кои очекуваме вклученост на учениците во целокупниот процес на производство на грозје.



03.10.2024



По повод Светскиот ден на срцето(29.09.) нашите ученици од образовниот профил фармацевтски техничар од IV година, денес(03.10.2024)извршија бесплатно мерење на крвен притисок и крвен шеќер во центарот на градот, додека учениците од образовниот профил шумарски техничар им подарија Алое вера цвеќе на граѓаните. Оваа активност беше спроведена сѐ со цел рано откривање на б олестите дијабетес и хипертензија, а граѓаните покажаа голема доверба кон нашите ученици.

04-14.10.2024

Традиционална размена на ученици со училиштето Curt Nicolin Gymnasiet (CNG) Finspång - Шведска

Во периодот од 04 до 14.10.2024 год, 9 наши ученици и 2 наставници, заедно со уште 21 ученици од другите средни училишта од Каварaци и 10 ученици од Скопје (од медицинското училиште) престојуваа во Шведска, како гости на збратименото училиште од Finspång, во близина на градот Norrköping.





09.10.2024



Учење преку работа кај работодавец продолжува.
Учениците од III година - Агротехничар и Фитомедицина беа во посета на компанијата Слога, каде беа љубезно пречекани од страна на еден од директорите. Учениците беа прошетани во компанијата и им беше прикажан целиот технолошки процес.

Покрај тоа што компанијата се занимава со препакување на замрзнато месо, се занимава и со производство на помфрит.

Оваа посета на учениците им донесе повеќе знаење и поголема слика за компаниите што се во нашиот град.

Ментори: Оливера Гркова, Горан Керов

10.10.2024




Како дел од програмата за унапредување на менталното здравје на учениците денес во нашето училиште се одржа предавање со кое воедно се одбележа и светскиот ден на менталното здравје, 10-ти октомври. Учениците од III-6 Верица Илиева, Васка Колова, Антонио Јанев и Марија Смилкова, со поддршка на училишниот психолог Валентина Мукаетов и проф. Ивана Јовановска, подготвија презентација и квиз на знаења чија цел беше да придонесат да се подигне свеста на учениците за грижа на сопственото ментално здравје.



10.10.2024

Денес во посета на нашето училиште СОЗШУ ,,Ѓорче Петров" од Кавадарци, а во соработка со невладината организација СППМД, ни пристигнаа гости професори, директори на компатибилни средни стручни училишта од земјоделско - ветеринарната струка и шумарската струка. Гостите беа од Канарските острови - Тенерифе, Шпанија, Португалија, Естонија и Француска колонија.

16.10.2024

Во просториите на нашето училиште се одржа работен состанок во рамките на проектот ,,Духот на мојот регион’’.

Свои презентации прикажаа учесниците на овој настан од Србија, Грција, Словачка и од нашето училиште






18.10.2024

ПРВО МЕСТО - ОПШТИНСКИ ФУТСАЛ НАТПРЕВАР

На 18.10.2024 год на терените на Гимназијата се одржа општински турнир во футсал за учениците од средните училишта. Нашето училиште ја победи екипата на Гимназијата со резултат 6:4 и се пласира на регионалниот турнир кој ќе се одржи во месец Ноември во Прилеп.

Ученикот Ѓорѓев Блаже постигна 3 гола.

Ментор: Горан Попов



18.10.2024

ЕСЕНСКИ АМБИЕНТ ВО ШКОЛСКИОТ ЕНТЕРИЕР

Учениците од профилот Техничар за пејзажен дизајн од II-1, III-1 и IV-1 клас, заедно со своите професори-ментори Радица Бинова, Александра Петрова, Тодорка Коцева и Роза Тефова му дадоа нов сјај на училишниот хол, украсувајќи го во есенски колорит.

Со своите креативни идеи учениците ги доловија миговите на есента и направија сите ние да се чувствуваме попријатно во овој училишен простор.



21.10.2024 во просториите на ДИШЛ во Скопје се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Државниот Испекторат за Шумарство и Ловство претставувано од Директорот Бејтула Камбери и СОЗШУ Ѓорче Петров -Кавадарци претставувано од Директорката Ратка Росомански. Оваа соработка е од посебен општествен интерес и има значајна улога во оспособување кадри од Шумарско- дрвопреработувачката и Земјоделско-ветеринарната струка за имплементирање на Концепцијата за стручно образование преку Практичната обука како и развој на струките заштита на флората и фауната и збогатување на шумскиот фонд



22.10.2024 ЕСЕНСКИ ДЕН – Градски парк – Спомен костурница





25.10.2024
НОВ ПРОИЗВОД ОД ФАРМАЦЕВТСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА при СОЗШУ "Ѓорче Петров,,
На 25.10.2024 учениците од II-6 Фармацевтски техничари под менторство на Професорот Блаже Ѓорчев, изработија нов производ:
Крем од ментол (Mentholum) лековито етерично масло од мента кој се користи како помошно средство при артритис, напор, вкочанетост на мускулите, болки во мускулите и зглобовите како резултат на лумбаго, ревматски заболувања и невралгија.
Производот е наменет само за надворешна употреба.
Да не се користи на отворени рани и иритирана кожа, да не се користи кај деца под 2 години, по секоја употреба рацете да се измијат со сапун.





30.10.2024
ПРВО МЕСТО - ОДБОЈКА (женски)
НА ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР
Пласман на зонскиот (регионален турнир)
ментор: Велковски Горан



30.10.2024

Во организација на невладиното здружение ,,ТЕРА - ФИТОН - АНИМАЛ" и претставници од средните земјоделски училишта од Македонија, а во соработка со Општина Росоман, колеги од СОЗШУ ,, Ѓорче Петров " Кавадарци, денес во Ресторан ,,Моклиште" присуствуваа на завршен информативен настан во проектот ,,Интегрирање на социјални димензии во прилагодувањето на земјоделството кон климатските промени" што се одржа како дел од иницијативата за истражување на



климатските промени,стратегии за ублажување,адаптација и практични мерки за управување со климатските ефекти,проект подржан од Еразмус + програмата. Исто така претставниците на земјоделските училишта во втората работна сесија активно учествуваа во разгледувањето на активности во нов проект. ,, Различни патеки во одржливо земјоделство" со цел зајакнување на учениците за стручно образование и обука.

01.11.2024
Предавање на тема „Дислексија“
Дислексијата е специфична форма на нарушување на читањето. Дислексичарите имаат проблеми со читањето, пишувањето, а со тоа и учењето. Нарушувањето се манифестира со пропуштање и додавање букви при читање, а се појавуваат и други проблеми во перцептивниот, јазичниот и концептуалниот развој. Разбирањето на дислексијата и нејзините карактеристики е многу важно за сите родители и наставници со цел на детето полесно да се справи со оваа тешкотија.



06.11.2024- беше одржана уште една средба со Мотива
во конференциската сала на нашето училиште.
Целта на овој проект е учениците да се запознаат и да стекнат знаења за подобра комуникација на работно место, како правилно би аплицирале за работа и како да направат свое CV.
На денешната презентација учествуваа ученици од III и IV година од земјоделско ветеринарната струка.
Ментори:
Оливера Гркова, Ефремчо Николов, Менче Мајсторова, Јасминка Марковска Спиркоска, Горан Керов



07.11.2024
УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ
Учениците од профилот Техничар за пејзажен дизајн од II-1 во склоп на предметот „Учење преку работа кај работодавач“ со Јавното претпријатие ЈП Комуналец и во соработка со Општината, посадија садници од Gingko biloba кај споменикот Киро Крстев и Димче Мирчев
Ментор проф Радица Бинова



РЕАЛИЗИРАНА МОБИЛНОСТ ВО ПОРТУГАЛИЈА
Реализиран уште еден проект на СОЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ во рамките на програмата Ерасмус+ .Во периодот од 01.11 до 14.11.2024 година 20 ученици и 7 професори учествуваа во проектот ,,Оранжериско производство на цвеќиња,лековити и ароматични растенија,,. во Португалија со партнерската организација Mobility Friends од градот Барселос. Учениците и професорите активно учествуваа во обуката здобивајќи се со нови знаења и вештини.



Во рамките на мобилноста од Ерасмус+ проектот учениците и менторите имаа можност да се запознаат со историја, културата и природните убавини на Португалија. Со големо задоволство во слободното време се посетија градовите Порто, Гимараеж ,Брава Барселос и местото на мобилноста Повоа де Варзим.



Уште едно незаборавно и несекојдневно доживување како и едно огромно искуство на самиот Атлантски океан
Учесници: Ратка Росомански, Горан Зимоски, Наталија Касапинова, Сања Ацева, Блаже Ѓорчев, Наталија Вчкова, Тодорка Коцева + 20 ученици

14.11.2024 ОДБЕЛЕЖАН - СВЕТСКИ ДЕН НА БОРБА ПРОТИВ ДИЈАБЕТЕСОТ
-работилница – ментор: Др. Перо Пењушков



ПРВО МЕСТО НА ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР
ОГРОМЕН спортски успех постигнаа нашите ученички:
Лина Нојкова (IV-5) и
Билјана Караѓорѓева (II-1),

на Државниот натпревар во стрелаштво, на средните училишта, одржан во Битола на 14.11.2024 г.

Ученичката Лина Нојкова го освои Првото место во дисциплината „Стрелање со воздушна пушка". Од можни 200 поени, Лина освои 166.

Во истата категорија ученичката Билјана Караѓорѓева го освои 6-то место. Што исто така претставува голем успех.
Ментор: Горан Попов



18-23.11.2024

Во Копаоник, Србија се одржа обуката за инклузивни методи за 40 наставници од Србија и Северна Македонија. Обуката траеше 5 дена и наставниците се запознаа со инклузивните методи кои можат да се користат и применат во образованието во земјоделските училишта во двете земји.

Учесници: Ефремчо Николов и Антонија Делева Рамова



20.11.2024




На 20.11.2024 (среда) ученици и професори од нашето училиште од II и III година фитомедицина, агротехничар и техничар за пејсажен дизајн беа во посета на Компанијата Anthura во Кочани.

Компанијата е специјализирана за производство на култура на ткиво.

Датира од 2014 година и е со вкупно 700 вработени.

Исто така ја посетија и пречистителната станица во Мојанци. Тие произведуваат компостара од фекалии и ги даваат за замена за слама од производителите со цел поттик и зголемување на органското производство.

Ментори:

Оливера Гркова , Менче Мајсторова ,Тодорка Коцева, Александра Петрова

27.11.2024



НОВ ПРОИЗВОД ОД ФАРМАЦЕВТСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА при СОЗШУ "Ѓорче Петров,,

На ден 27.11.2024 учениците од IV- 5 Фармацевтски техничари под менторство на Професорот Блаже Ѓорчев, изработија нов производ:

•Крем за раце од масло од семки од грозје и арган по повод одржувањето на манифестацијата младо вино која традиционално се одржува во нашето училиште.

28.11.2024



ДЕГУСТАЦИЈА НА ВИНО -во рамките на манифестацијата МЛАДО ВИНО се одржа едукативен и натпреварувачки настан на дегустација и оценување на бели и црвени вина на учениците кои произведуваат вино во своите фамилии. Дегустацијата и оценувањето го изведоа еминентните енолози Игно Тасев, Кристина Ангелкова и Ристе Михајлов членови на здружението на енолози на Македонија ВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА со кој училистето има плодна соработка. НАЈДОБРИТЕ ќе бидат наградени со енолошки подароци на 29.11.2024

година во 11 часот на манифестацијата МЛАДО ВИНО НА СОЗШУ ,,ЃОРЧЕ ПЕТРОВ,,- Кавадарци 2024

03.12.2024
Под мотото „ПОЧИТУВАЊЕТО ЗАПОЧНУВА СО РАЗБИРАЊЕ“
во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ беше одбележан 3 Декември
МЕЃУНАРОДЕН ДЕН за подигнување на свесноста за лицата со посебни потреби.
Ментор: Антонија Делева Рамова



03.12.2024
Шаховски натпревар…
На 02.12.2024 се одржа натпревар во шах по повод 3 декември- меѓународен ден на лица со попреченост. Овој натпревар беше организиран од библиотека ЈОУ Феткин Кавадарци.
Ова е трета година по ред да се одржи натпревар во шах, а оваа година е со нашите соученици од СОЗШУ ,, Ѓорче Петров " и здружението ССРИ (сојуз за спорт и рекреација на инвалиди) Кавадарци. Во натпреварот учествуваа 12 натпреварувачи. Иако се лица со попреченост тие се добри во многу работи и на овој начин тоа го покажуваат: Ангел Милев, Бојан Петровски, Димитар Пармачки Славче Лазов, Виолета Јованова, Никола Петров, Александар Тасевски Благоја Јошев, Илија Влаиќ, Михајло Михајлов, Николче Делов, Даринка Костадинова



06.12.2024
Во просториите на нашето училиште се одржа општинскиот ПРОТИВПОЖАРЕН КВИЗ
Противпожарниот квиз има натпреварувачки карактер и се одржа помеѓу учениците од сите средни и основни училишта во Општина Кавадарци и Општина Росоман. Противпожарниот квиз се организираше во рамки на меморандумот за соработка помеѓу Општина Кавадарци и Доброволното Противпожарно Друштво Сашко Гешовски од Кавадарци, а учество земаа ученици од сите основни и средни општински училишта од Кавадарци и основото училиште ,,Пере Тошев'' од општина Росоман.
Секое училиште беше претставувано од тројца ученици кои ќе бидат предводени од ментор кој е еден од наставниците или професор од училиштето кое го претставуваат.

Од основните -Прво место учениците од ,,Тоде Хаџи Тефов’’ -Второ место-учениците од Димката А. Габерот Кавадарци Трето место учениците од Гоце Делчев Кавадарци И од Средните училиште -Прво место освоија учениците од ,, Ќиро Спанџов Брко’’ -Второ место учениците од СОЗШУ ,,Ѓорче Петров’’ Трето место учениците од Гимназија ,,Добри Даскалов’’



06.12.2024
Во нашето училиште беше одржано предавање по повод недела на борба против ХИВ -СИДА и Полово преносливи инфекции.

Целта на ова предавање е подигнување на свеста кај младите за начини на пренесување,заштита и превенција од истите.Активноста е спроведена во соработка со Црвен Крст Кавадарци.

Ментори :Наталија Вчкова, Валентина Мукаетов.



10.12.2024
По повод патрониот празник на ДСУ СПОРТСКА АКАДЕМИЈА, беа организирани ревијални натпревари во чест на основањето на Академијата. Се одиграа два натпревари, од кои, еден во женска и еден во машка категорија.



За сите деца учесници беа доделени Благодарници, а исто така беа доделени Благодарници на Професорите кои 10 години се дел од овие паралелки кошарка во Кавадарци и несебично го делат своето знаење со нашите ученици како и ги воспитуваат да станат, пред се добри личности.

Беа доделени Благодарници и на нашите тренери Никола Златев и Љупчо Малинков. Исто така беше доделена и Благодарница на директорката Ратка Росомански, за целата поддршка која ни ја пружа и условите за работа.
Ментори
Проф. Дарко Цеков
Проф. Марјан Ѓуров

11.12.2024
На 11.12. ден бевме организатори-домаќини на зонското натпреварување во кошарка за средни училишта каде што во финале со тимот на Гимназијата Мирче Ацев од Прилеп извојувавме победа од 55-50 и со тоа обезбедивме пласман во регионалното натпреварување.
Победник на зонското натпреварување во кошарка е ДСУ СПОРТСКА АКАДЕМИЈА Ѓорче Петров Кавадарци



13.12.2024
Учениците од СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци, од III и IV година под менторство на професор Тодорка Коцева, го украсија дворот во [Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци] во пресрет на настанот "Гурмански викенд".





10-16.12 2024
Возвратна посета на училиштето од Шведска.
Во училиштето престојуваа 10 ученици од училиштето Curt Nicolin Gymnasiet од градот Finspång од Шведска кои ги обучуваа учениците домаќини за работа на 3Д принтер, кој е дониран на училиштето.

14-15.12.2024

УСПЕШНО ЗАВРШЕНО НАЦИОНАЛНОТО ДЕБАТНО ПРВЕНСТВО ЗА ПОЧЕТНИЦИ



Овој викенд успешно се реализира дебатното првенство организирано од МОФ,во кое учество земаа нашите ученички (Елена и Бојана IV). Дебатерите имаа можност да конкурираат со најдобрите, а секој имаше за цел да докаже дека успешно го победи противничкиот тим. Целото првенство се одржа во одлични услови, забавно и неизвесно до крај.

Нашите дебатери покажаа одлични резултати и победија во 4\5 дебатни рунди. Тие ги подобрија своите вештини и стекнаа искуство во оваа ораторска дисциплина.

Да им честитаме на сите дебатери и учесници и да им посакаме уште многу победнички дебати!



17.12.2024

Дисеминација од реализирана обука на наставници за инклузивни наставни методи.

Денес во нашето училиште се одржа дисеминација од реализирана обука на наставници за инклузивни наставни методи, проект од програмата Erasmus +. Дисеминацијата беше одржана од дефектологот во нашето училиште, Антонија Делева - Рамова и проф. Ефремчо Николов.

Обуката е дизајнирана да ги опреми професорите со вештини и стратегии потребни за поддршка на сите ученици. Целта на проектот е да го унапреди стручното образование и обука во одржливото земјоделство прекуобезбедување инклузивност и пристапност за сите ученици.



18.12.2024

Предновогодишна работилница

Денес во нашето училиште беше одржана работилница, во која ученици од основните училишта во нашиот град имаа можност заедно со наши ученици да изработат богати икебани.

Во творечкиот процес на младите беа искористени материјали кои доаѓаат директно од природата, како гранчиња од зимзелени дрва, шишарки и слично.

Оваа работилница беше отворена со рецитал од наши ученици.
Учениците по завршувањето, ги однесоа своите изработки во своите училишта.

20.12.2024

Новогодишен базар



На оградскиот плоштад се одржа Новогодишен базар на кој се продаваа рачно изработените новогодишни икебани и украси од нашите ученици од сектор шумарство и обработка на дрво од профилите техничар за пејзажен дизајн и шумарски техничар од III 1 и IV 1 заедно со нашите професори Роза Тефова,Тодорка Коцева,Александра Петрова и Радица Бинова. Собраните средства ќе бидат наменети за хуманитарни цели.

23.12.2024



Се одржа зонско натпреварување во кошарка за средни училишта, девојки во Прилеп. Натпреварот финален го одиграа Спортска академија Ѓорче Петров Кавадарци против Орде Чопела земјоделско училиште, каде поуспешни беа нашите супериорни девојки.

Победнички резултат 71-12 и девојките продолжуваат на регионалниот натпревар на пролет.

Ментори: Дарко Цеков и Никола Златев

23.12.2024



Во посета на нашето училиште, беа околу 45 професори на чело со директорот Г - дин Емил Терзиев, на единствената Земјоделска, професионална гимназија ,,Климент Тимирјазев" од градот Сандански, Република Бугарија

Училиштето од Сандански важи за едно од најопремените средни стручни училишта од Земјоделска дејност во Бугарија со многу достапни Европски фондови и многу Европски проекти во кои би можеле заедно како партнери да се вклучиме.

23.12.2024

СТОП за употребата на пиротехнички средства!



На 23/12/24 во нашето училиште се одржа предавање од страна на др. Дафе Шемов (Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија) и стручно лице од МВР каде се разговараше за последици од експлозија на петарди и нивна неодговорна и неконтролирана употреба. Нивната цел беше да ја подигнат свеста на учениците за ризиците од овие активности кои преовладуваат за време на новогодишните и божиќните празници.

26.12.2024



Во нашето училиште (26.12.2024) се одржа регионалниот натпревар во одбојка во женска конкуренција. Ни гостуваа ученици од средното општинско училиште

„Св.Кирил и Методиј“ -Неготино.

Победник на овој турнир е екипата на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци со резултат 2:0.

Ментор: Горан Велковски

26.12.2024

ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЗШУ „Ѓорче Петров“ - Кавадарци



Неколку ученици од Втора година, заедно со психологот Валентина Мукаетов, наставниците Наталија В'чкова и Блаже Ѓорчев, на ден (26.12.2024 год) го посетија „Мал групен дом“ и им приредија предновогодишно изненадување на дечињата во домот.

Учениците и училиштето подготвија новогодишни пакетчиња за секое дете. Подароците кои ги подготвија им беа поделени на дечињата и заедно со тоа им беа посакани среќни празници.

Незаборавно дружење и мал гест на внимание, кое многу им значи на овие прекрасни дечиња .

27.12.2024

Ден на Станушината



Во Винскиот музеј во Кавадарци, се одржа настан посветен на винската сорта која е автохтона во нашиот крај.

Ученици од СОЗШУ "Ѓорче Петров" заедно со своите професори беа во работна посета на винскиот музеј.

Целта на оваа посета беше учениците да засадат неколку садници од станушина и да ја промовираат оваа сорта на винова лоза како генетско богатство на Македонија.

27.12.2024



ИНКЛУЗИЈАТА не е само вредност, таа е АКЦИЈА. СПОРТОТ како начин на инклузија е важен инструмент за создавање ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ за СИТЕ.

На 27.12.2024)год, во спортската сала на СОЗШУ„Ѓорче Петров“ започнаа да се реализираат спортски активности за учениците со потешкотии во развојот.

• Иницијатативата за реализирање на активности од ваков тип ја поттикна наставникот по спорт и спортки активности Дарко Цеков, заедно со дефектолозите Антонија Делева Рамова и Зоран Велков, наставникот Ефремчо Николов и координаторот на НВО Центарот Орданче Бошковски.

24.01.2025

На општинскиот натпревар по Биологија одржан на ден 24.01.2025 год, ученичките од I-6 Верица Коцева и Зорица Вчкова освоија Трета награда и се пласираа за регионалниот натпревар.

Ментор: Наталија Вчкова

31.01.2025



Во организација на Здружението на средни земјоделски училишта,, Тера Фитон Анимал " ,на 31.01.2025 година во СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица, се одржа завршен настан на проектот : Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на учениците за стручно образование и обука - Diverse Paths in Sustainable Agriculture: Emprowering VET Students со број 2023 - 2 - МК01 - КА210 - VET - 000177845 од Еразмус + програмата. Носители на

проектот се Здруженијата на земјоделски од училишта од РСМ и Здружението на земјоделски и прехранбени училишта од Србија. На настанот присуствуваа и претставници од нашето училиште (Ефремчо Николов и Менча Мајсторова).

31.01.2025

Пријателство и доверба

На 31.01.25 во нашето училиште се одржа работилница за ментално здравје. Во работилницата учествуваа ученици од прва и втора година и темата беше ,,Пријателство и доверба".

Ментор: Валентина Мукаетов



06.02.2025

На 06.02 е потпишан Меморандум за соработка помеѓу ЈП Национални шуми и СОЗШУ „Ѓорче Петров“ од Кавадарци.

Целосна поддршка на сите иницијативи за соработка со најмладите со учениците кои се иднината на Македонското шумарство.

Состојбите мора да се менуваат, Шумарскиот инжинер и Шумарскиот техничар мора да бидат на пиедесталот во шумарството.



06.02.2025

На 06.02. од страна на вработени при општина Кавадарци, претставници од страна на здружението Еко Живот и СОЗШУ Ѓорче Петров, а во соработка со Национални Шуми, подружница Бор Кавадарци, на Глишиќки рид се изврши пошумување на 900 садници на чемпрес, јасен и багрем.

За убаво и зелено Кавадарци!



07.02.2025

ПОД МОТОТО ,, ВО ВИНОТО Е ВИСТИНАТА" НАШИ МЛАДИ УЧЕНИЦИ И ИДНИ ЕНОЛОЗИ ДЕГУСТИРАА И ОЦЕНУВАА, ВРВНИ МЛАДИ БЕЛИ И ЦРВЕНИ ВИНА

Во пресрет на празникот на винарите и лозарите ,,Свети Трифун" а во организација на винското здружение ,,Винотек" од Кавадарци денес во Винскиот музеј, во Градски парк Кавадарци, се одржа дегустација на бели и црвени домашни вина произведени од наши и странски лозаропроизводители.



Дегустацијата ја предводеа врвните професори енолози од Факултетот за Земјоделски наука и храна Скопје.На оваа манифестација свое учество зедоа и идните млади енолози од СОЗШУ,,Ѓорче Петров " Кавадарци, Славче Лазов,Валерија Златева и Стефанија Ристевска, сите ученици од земјоделско - ветеринарна струка , под менторство на Ефремчо Николов.



10.02.2025
Одбележан „Денот на безбеден интернет“
Ментор: Ѓоко Тодоров

11.02.2025
Инклузивна работилница во СОЗШУ во пресрет на празникот на лозарите Св. Трифун
Ментори: Тимот за инклузивно образование



13.02.2025

Професорите по Англиски јазик: Сања Ацева и Маргарита Делова организираа училишен натпревар по англиски јазик за Прва и Втора година. Првонаградените ученици продолжуваат на општински натпревар.

14.02.2025

Учениците и вработените во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ го одбележаа Св. Трифун - Денот на лозарите на четири локации:

1. Во училиштето - драматизација и закројување
2. Во Винскиот музеј - доделување на награди
3. На плоштадот - дегустација на вино
4. Александровац (Србија) – Ратка Росомански, Горан Зимоски, Наталија Касапинова, Пепица Јованова



20.2.2025

Обука-Кариерни сесии со средношколци

Мојата кариера -мојот пат до успех

Проектот за "Еднакви можности за девојчиња и млади жени во Северна Македонија" го спроведува Националниот младински совет на Македонија во соработка со мрежа Стела финансиски поддржан од Британската амбасада од Скопје



21.02.2025

Во рамки на славењето на меѓународниот ден на мајчиниот јазик, Библиотека Феткин во соработка со СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци организираше јавен час на тема „Да го чуваме и негуваме мајчиниот јазик“.



03.03.2025

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НЕДЕЛАТА НА БОРБА ПРОТИВ РАКОТ ПОД МОТОТО

,,Подигни свест, победи рак“

По повод одбележувањето на неделата на борба против ракот во СОЗШУ ,,Ѓорче Петров“ на ден 03.03.2025 се одржаа едукативни предавања на кои учествуваа 77 ученици.



04.03.2025

Бележиме спортски успех на наша ученичка.

Голем спортски успех на нашата ученичка Билјана Караѓорѓева од II-1, која преку својот стрелачки клуб, ја претставуваше Македонија на Европско стрелачко првенство во Осиек- Хрватска. Освоено 35 место од вкупно 64 натпреварувачки со 555 кругови



06.03.2025

Вработени при општина Кавадарци во соработка со СОУ ,,Ѓорче Петров" извршија пошумување на дел од градски парк Љупчо Шкартов. Пошумувањето е со саден материјал Чемпрес и Бор, а со ова одделението за животна средина и сектор Мој Општинар продолжува континуирано да ги исполнуваат обврските за унапредување и заштита на животната средина.





07.03.2025

По повод празникот „8 Март“, учениците денес ги изненадија своите професорки и останатите вработени со пригодна програма и поклони изработени на часовите по практична настава.

09.03.2025

Никола Петров- ДРЖАВЕН ПРВАК ВО ЏУДО

Голем спортски успех на нашиот ученик Никола Петров ( II-6-фармација) на државниот натпревар во џудо, настапувајќи за неговиот клуб. Со тоа Никола Петров стана државен шампион во две различни категори: јуниорска и кадетска




10.03.2024

ТЕРЕНСКА НАСТАВА - III-1

Наставно-научна шума „Михајлово“

операција - маркирање






Месец Март

Бележиме активно учество на наши ученици во културно-забвниот живот во градот.

ТАНЦОВА ПРЕТСТАВА „Barbie“

Во танцовата претстава „Барби“ бевме почестени со можноста да бидеме дел од еден несекојдневен настан.

Своевидна експлозија од младост и убавина, со извонредна сценографија и кореографија поддржана со професионална техничка координираност.

Главниот лик на претставата, култната кукличка Барби, ја толкуваше нашата соученичка Верица Коцева, а учествуваа и други членови на балетското студио „Венус“ кои се школуваат во нашето училиште.

15.03.2025

ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ЗА СРЕДНИ УЧИЛИ...

Одржан во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“




18.03.2025

НИКОГАШ ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ

Учениците и наставниците од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ у чествуваа на собирот на учениците од средните училишта од Кавадарци, кои излегоа да им оддадат почит на своите врсници (и на останатите) кои го загубија животот, не по своја вина, во трагедијата што се случи во Кочани.




18.03.2025
ТЕРЕНСКА НАСТАВА - Во зимски услови
За вистинските љубители на шумата, нема „лоши вр
IV-1 на терен: Рунтевски Михаил, Кускински Дамјан,
ментор: Сакалиев Горан
За жал немаше каде да се згреат.





24-28.03.2025

Нашето училиште повторно е домаќин на ученици и наставници од Шведска од градот Finspång од училиштето Curt Nicolin Gymnasiet (CNG). За нив беа организирани работилници, прошетки, игри, забава и други активности.



26.03.2025

ПОСЕТА НА САЕМ ЗА МЕБЕЛ

Учениците од шумарско-дрвопреработувачката струка и оваа година го посетија традиционалниот саем за мебел во Скопје, како и расадникот за цвеќе КИТКА ПЛАН ФАРМ во Драчево. Превозот го обезбеди училиштето.




ПОСТАВЕНИ ЕДУКАТИВНО ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ ЗА ДРВНИТЕ ВИДОВИ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР ПРИ СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"- КАВАДАРЦИ

Со поставување на едукативните табли за дрвните видови училишниот двор во училиштето добивме "ДЕНДРО ПАРК" за уживање и едукација на нашите ученици и граѓаните на град Кавадарци



28.03.2025

Најново издание на училишниот весник IN MEDIAS RES




Со огромна гордост и возбуда, ви го претставуваме најновото издание на училишниот весник IN MEDIAS RES – медиумски простор каде што нашите ученици ја изразуваат својата креативност и независност.

Овој весник е одраз на нивната способност самостојно да ги одбележуваат и коментираат сите настани поврзани со ученичкото живеење и сведоштво за трудот, талентот и креативноста на нашите ученици.

Новото, седмо издание на весникот е во електронска и во печатена верзија, а инспирирано е од новите трендови во комуникацијата и вклучува настани и активности што се случуваа во нашето училиште во изминатиот период.

21-22.03.2025

ГОЛЕМ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ СОЗШУ “Ѓорче Петров” - Кавадарци НА МЕЃУНАРОДНИОТ НАТПРЕВАР “”МЛАД ДРВОСЕКАЧ” во Р Бугарија.



Во градот Тетевен во Р Бугарија се одржа меѓународен натпревар “МЛАД ДРВОСЕКАЧ” за вешто ракување со моторна пила во 5 дисциплини. На натпреварот учествуваа 9 екипи од Р Србија ,Р Чешка ,Р Бугарија и Р Македонија како единствени претставници

Училишната екипа ја сочинуваа учениците Оливер Митров III-1 и Стефан Којчев II-1 .

Ученикот Оливер Митов освои ВТОРА награда во дисциплината БРЗО МЕНУВАЊЕ НА ЛАНЕЦ и ТРЕТА НАГРАДА во дисциплината КОМБИНИРАН РЕЗ.

Ментори Горан Зимоски , Роза Тефова.

26.03.2025

Прифаќањето започнува со разбирање!

Недела посветена на поттикнување емпатија, солидарност и поддршка.

Одбележан Светскиот ден на Дауновиот синдром и Светскиот ден на аутизмот.

Ментор: Антонија Делева Рамова






01.04.2025

НАСТАВНИЦИТЕ низ призмата на КАРИКАТУРАТА



Во пресрет на патрониот празник на училиштето, како и Денот на шегата 1 Април, учениците од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ подготвија изложба на нивни дела-карикатури, каде на несекојдневен духовит начин, ги претставија своите перцепции за наставниците.

Авторите на најдобрите карикатури ќе учествуваат на претстојниот натпревар „Образовно рандеву“

ментор: Соња Самарџиева Поп-Ицов.

02.04.2025 ПАТРОНЕН ПРАЗНИК

СВЕЧЕНО и ДОСТОИНСТВЕНО одбележан патрониот празник на училиштето

Патрониот празник е ден кога секое училиште ги сумира своите резултати и прави планови за иднината. Токму така се славеше и денес во чест на патронот, револуционерот Ѓорче Петров.

На најуспешните ученици им беа доделени дипломи и благодарници. На 4-ца вработени им беа доделени јубилејни награди.

Учениците ја збогатија прославата со прекрасна изведба на сегмент од делото на Виктор Иго - „Богородичната црква во Париз“.

Свечениот момент го збогатија многубројните гости од локалната самоуправа, гости од градот, од збратимените училишта од Србија (Александровац, Сомбор, Краљево) и Бугарија (Тетевен).





07.04.2025

Светски ден на здравјето

На 07.04.2025 по повод светскиот ден на здравјето ученици од здравствената струка на нашето училиште под менторство на проф.Ивана Јовановска организираа бесплатно мерење на крвен притисок и гликемија во крвта



08.04.2025 Одбележан Меѓународен ден на Ромите

По повод светскиот ден на Ромите, 8 април, учениците од СОЗШУ „Ѓорче Петров” Кавадарци, подготвија пригодна програма која ја изведоа во градската библиотека Феткин и со тоа го одбележаа овој значаен датум за ромскиот народ.



09.04.2025 Отварање нови можности

Во рамките на Женската менторска мрежа – Стела, во нашето училиште се одржа промоција на платформата што поврзува девојки и жени со компетентни ментори кои нудат можност за менторство во различни академски и професионални области со цел стекнување



искуства и обезбедување поддршка на патот кон личниот и професионален развој, зајакнување на комуникациските вештини, градење самодоверба и самопочит,обезбедување насоки за навигација на академски, кариери и лични патеки, зголемување на знаењата, вештините и самодовербата, зајакнување на мотивацијата,како и отварање нови можности.

10-11.04.2025Регионални натпревари во кошарка

Женската и машката екипа на ДСУ  Спортска Академија – паралелки во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ - Кавадарци, зедоа учество во регионалните натпревари-кошарка за средни училишта. Момчињата на турнирот во Струга го освоија второто место. Девојките го освоија првото место на турнирот во Гостивар  и се пласираа на државното првенство во најдобрите три училишта во Република Македонија






12.04.2025

ПРОДОЛЖУВААТ УСПЕСИТЕ НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Денес 12.04.2025 во Гимназијата „Добри Даскалов“ се одржа регионалниот натпревар по Англиски јазик за средните училишта.

Нашите ученици доминираа пред другите.

Сите наши учесници освоија вредни награди и се пласираа на Државниот натпревар.

Се гордееме со нив.

Ментор: Сања Ацева



06-12.04.2025 Врњачка Бања

SPIRIT OF MY REGION : ОБУКА СО ВКУС НА ТРАДИЦИЈА

Учениците и наставниците од нашето училиште имаа привилегија да учествуваат во обуката SPIRIT OF MY REGION, каде се запознаа со тајните на традиционалното и модерното производство на дестилати.

Преку предавања од врвни експерти, научивме за различните сорти сливова ракија, еколошките техники на лозарство и користењето на социјалните мрежи за промоција на дестилериите.

Посетивме неколку реномирани дестилерии, меѓу кои Алексиќ Први, Emperus Distillery и Rubin, каде одблиску го следевме процесот на производство на високо квалитетни пијалоци.

Кулминацијата на обуката беше во Средното училиште Свети Трифун – Александровац, каде се запознавме со винскиот музеј, училишната визба и традицијата што се негува со генерации.

На крај, следуваше доделување сертификати, како потврда за стекнатото знаење и новите искуства!

Еден незаборавен проект кој го зачува духот на нашите региони и ни покажа како традицијата и иновацијата одат рака под рака!






12.04.2025

СРЕБРЕН МЕДАЛ ЗА УЧИЛИШНАТА РАКИЈА “ ГРОЗДОВКА”

на меѓународната манифестација “Rakija Culture Fest”

Преку 350 различни видови на ракии од Балканските земји беа дегустирани и оценувани во повеќе категории, од страна на врвни професори енолози и традиционални познавачи на тајните на ракијата во СОЗШУ “Ѓорче Петров” -Кавадарци.

На 12.04 Сабота во Музејот на мирис и вкус, беа доделени наградите за најдобрите.

Во наградените ракии е и нашата ГРОЗДОВКА која освои СРЕБРЕН МЕДАЛ.



16.04.2025
На крстосницата во центарот на Кавадарци денеска од страна на членови на ОСБСП Кавадарци во соработка со ОВР Кавадарци , ПО за БПС Кавадарци и ученици од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци беше спроведена превентивна акција за поголема безбедност на пешаците во сообраќајот .
Учениците и сообраќајните полицајци на пешацие им делеа флаери и брошури со превентивни пораки.



17.04.2024
Велигденска магија од учениците од дрвната струка при СОЗШУ ,,Ѓорче Петров’’ Кавадарци





16.04.2025
Едукативна посета на компанијата Alliance One

Учениците од земјоделска струка од нашето училиште имаа можност да ја посетат компанијата „Alliance One“, една од водечките компании за преработка на тутун во регионот. Посетата беше едукативна и исполнета со нови сознанија за еден специфичен и интересен процес – блендирање на тутунот.
Оваа посета беше одлична можност за учење надвор од училницата и за доближување на реалниот свет на индустријата до младите.



21.04.2024
Општински натпревар по прва помош, организиран од Црвен крст, Кавадарци
Освоено прво место од вкупно 4 екипи од средни училишта и обезбеден пласман за регионален натпревар во Гевгелија







Учениците се:
1.Ана Илиева 2-6
2.Сања Серафимова 2-6
3.Никола Петров 2-6
4.Петар Мукаетов 2-6
5.Теодора Ефремова 3-6
6.Марко Димоски 3-6

Ментори: Валентина Мукаетов и Наталија В'чкова

22 АПРИЛ ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА🌍





Денес учениците од СОЗШУ ,,Ѓорче Петров" од фармацевтската струка во соработка со учениците од шумарската струка, беа во посета на ,,Мал групен дом". Нашите ученици заедно со професорите Блаже Ѓорчев, Наталија Вчкова и Тодорка Коцева со задоволство посадија садници со помош на дечињата кои ги истакнаа својте знаења, дека треба да ја сакаме и чуваме нашата планета Земја. Прекрасен ден и искуство поминат заедно со нив и еден мал гест од нашето училиште, по повод денешниот ден.

23-24.04.2025
БЕЗВРЕМЕНСКИОТ ФЕСТИВАЛ НА МЛАДОСТА, УБАВИНАТА, ЗНАЕЊЕТО „ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ“ - ЗАВРШИ
Во организација на МАССУМ и ко-организаторите 3-те средни училишта од Кавадарци, по 20-ти јубилеен пат се одржа фестивалот „Образовно рандеву“. Многу комплименти за домаќините, за одличната организација, беа упатени од сите учесници.
Покрај дружењето, овој фестивал имаше и









натпреварувачки карактер. Време е да ги сумираме резултатите.

Нашето училиште освои 3 награди во 3 различни дисциплини:

1. Сребрен медал (2-награда) за ученикот Марјан Атанасов и неговиот ментор Влатко Тасев во дисциплината „Јавно говорење“

2. Сребрен медал за училишниот штанд кој го уредија учениците: Анастасија Назарова, Марија Лазова, Билјана Караѓорѓева, Емили Илиеска, Георгија Грбиќ, Дејана Николова, Александра Ѓелова, Верица Илиева, Драгана Стефановска, Марија Попова, Софија Кавазова и нивните ментори: Менча Мајсоторова, Радица Бинова и Ивана Андов.

3. Бронзен медал (3-та награда) во дисциплината „кратко видео-reel) кое го креираа учениците: Лилјана Ѓорѓиева, Лилјана Велковска и Александра Богојеска и менторот Ѓоко Тодоров

Нашите успеси на овој фестивал продолжија и оваа година и веќе станаа традиција.




22.04.2025

ПОСЕТА НА ВИНАРСКА ВИЗБА „ВЕНЕЦ“ – УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ



Учениците од третата година од образовниот профил Агротехничар и фитомедицина имаа уникатна можност да стекнат практично знаење преку предметот „Учење преку работа кај работодавач“.

Во рамките на посетите на компании, еден од значајните делови од нашата практична обука беше посетата на Винарска визба „Венец“, која се наоѓа во селото Долни



Дисан, во близина на градот Неготино, во срцето на винарскиот регион Тиквеш.
Дополнително, посетивме Млинот, каде што ги разгледавме процесите на обработка на житните култури и начинот на кој мелничката индустрија функционира. Учениците имаа можност да видат како се создава еден од најосновните прехранбени производи – брашното, а истовремено добија увид во економските и технолошките предизвици со кои се соочуваат модерните млинови.
Оваа практична обука беше не само едукативна, туку и инспиративна. Учениците го почувствуваа духот на работата, традицијата и модерното производство, а стекнатото знаење ќе им помогне во нивниот иден професионален развој.

29-30.2025 Тестирање ПИСА
Во просториите на Гимназијата „Добри Даскалов“, 75 наши ученици од Прва година учествуваа во меѓународното тестирање ПИСА. Ментори: Милка Манчева и Сања Ацева

30.04.2025
Идните фармацевтски техничари (III-6), беа во посета на Аптека Зегин во Кавадарци под менторство на проф. Блаже Ѓорчев, каде имаа можност да се запознаат со ,,Корејската козметика", да ги збогатат и да се стекнат со нови знаења на оваа тема.
Од стручниот тим на Аптека Зегин на учениците им беше направен тест за откривање на типот на кожа со камера Aroma profeesional microskop APM pro, покрај тоа ги советуваа како соодветно да продолжат со нега на својата кожа, и како за крај им подарија тестери од корејската козметика.






На 07.05.2025 година, учениците од земјоделско-ветеринарната струка – образовните профили Агротехничар и Фитомедицина, заедно со своите наставници Ефремчо Николов, Менче Мајсторова, Јасмина Маркова Спиркоски и Оливера Грковa, ја посетија Ботаничката градина при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Целта на оваа едукативна посета беше поблиско запознавање со разновидноста на растителниот свет, како и со важноста на зачувувањето на биолошката разновидност.





09.05.2025
Учениците од фармацевтската струка при СОЗШУ "Ѓорче Петров" со нивниот ментор Божанка Минова ја посетија лабораторијата во АД "Тиквеш" - Кавадарци.

09.05.2025 53 Државен тракторски натпревар - Струмица




На 53 Државен тракторски натпревар во организација на СОУУД ,,Димитар Влахов " Струмица, Невладиното здружение на земјоделско - ветеринарни и шумарски училишта Тера Фитон Анимал и Општина Струмица, нашите ученици од СОЗШУ ,,Ѓорче Петров " од Кавадарци, заедно со нивните ментори ги покажаа своите одлични знаења и практични вештини, за да стигнат до највисоките Државни успеси.Во категоријата Вешто возење на трактор - женска



конкуренција, ученичката Александра Ѓелова освои Сребрен медал и второ место заедно со менторите Проф.Ефремчо Николов и Проф.Бошко Настов кои што се закитија со сертификат за освоено второ место и сребрен медал. Во категоријата Размножување на културни растенија, ученичката Стефанија Ристовска се закити со бронзен медал и трето место, а нејзината менторка Проф.Јасминка Спиркоски Маркова се стекна со сертификат за трето место.
Благодарност и за останатите ученици од нашето училиште: Никола Тодорчев, Наташа Богева и Бојана Милиќ и нивните ментори Менча Мајсторова и Глигор Бојков за учеството и покажаните знаења и практични вештини во своите категории.

10.05.2025 Државни натпревари – Англиски јазик и Биологија
ОГРОМЕН УСПЕХ НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ НА ДРЖАВНИТЕ НАТПРЕВАРИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И ПО БИОЛОГИЈА одржани на 10.05.2025 год во СКОПЈЕ
Сите наши ученици кои се пласираа на Државните натпревари по Англиски јазик и по Биологија, кои се одржаа во Скопје, се враќаат со вредни награди.
Ментори:
Англиски јазик - Сања Ацева
Биологија - Наталија Вчкова




10.05.2025
На 10.05.2025 во Гевгелија се одржа Регионален натпревар по Прва помош .Нашата ООЦК Кавадарци ја претставуваа младинците од СОЗШУ "Ѓорче Петров"од Кавадарци. Од вкупно 16 екипи тие го освоија 6 тото место.



13.05.2025
На државното првенство во баскет 3х3 за средни училишта машки и девојчиња во организација на училишен спорт на град Кавадарци, имавме преставници и во машка и женска конкуренција.
Нашата Женска екипа на Спортска академија -Ѓорче Петров Кавадарци,беше подобра и од Методи Митевски Брицо Скопје и Ѓорче Петров Крива Паланка и со тоа го освоивме првото место и се државни шампионки на турнирот.
Машката екипа го освои четвртото место.
Честитки до сите учесници а за нашите шампионки едно големо Браво 👏👏👏🏀⛹️🏀⛹️🇲🇰
Ментор Дарко Цеков
Тренер Никола Златев




14.05.2025
📣Направивме важен чекор кон заедничка иднина!
Како општествено одговорна компанија, со голема чест го потпишавме меморандумот за соработка со СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци – партнерство кое претставува нашата заложба за вложување во младите и нивниот развој.
Покрај свечениот настан, тимот на БИ ГРУП заедно со претставници од училиштето ги посети основците во Пехчево и Берово, каде што ги претставивме можностите што ги нуди ова средно стручно училиште – образование со вистинска вредност, практична настава и европски перспективи. 🇪🇺📚
🎓Ги повикуваме сите млади кои сакаат повеќе од класична настава да се запишат во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – затоа што ние, БИ ГРУП, ќе стипендираме 5 ученици кои ќе одлучат да го започнат своето средно образование токму тука!




14.05.2025

ПРВА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА СРЕДНОШКОЛСКА И ЕДУКАТИВНА КОНФЕРЕНЦИЈА

На 14.05.2025 година во организација на СОУУД ,,Димитар Влахов" од Струмица, претставници од СОЗШУ ,,Ѓорче Петров" Кавадарци и тоа, Проф. Ефремчо Николов како ментор и ученичката од трета година од земјоделско - ветеринарна струка Валерија Златева, зедоа учество на оваа конференција на тематскиот фокус: Фитофармација, да се вратиме кон мајката природа и Здрава средина ( климатски услови) - услов за здрав живот. Учесниците на оваа меѓународна средношколска конференција се здобија со Сертификат за учество.






12-18.Мај 2025

Училишна завршна екскурзија во Италија (Венеција, Верона и Фиренца)

Учениците од трета година од Општинското Земјоделско-Шумарско Средно Училиште "Ѓорче Петров", имаа можност да учествуваат на незаборавна екскурзија во Италија, посветена на културно-историски знаменитости и нови искуства.

Екскурзијата заврши со многу впечатоци, нови пријателства и прекрасни спомени. Ова патување не беше само обично туристичко искуство, туку и вистинско културно, образовно доживување исто така и дружење со соучениците кое долго ќе го паметат.





16.05.2025 Посета на учениците од II-6 на фабриката Алкалоид во Скопје (Милка Манчева, Ивана Андов)





19.05.2025 Селективен тренинг за прием на ученици во Спортската академија

20.05.2025 Матурска вечер за генерацијата 2021-2025





23.05.2025 ОТВОРЕН ДЕН НА УЧИЛИШТЕТО

Приказната треба прво да се доживее, а потоа да се прераскажува. Со вашето присуство во нашето училиште, вие само ја збогативте приказната. Сега можете слободно да ја прераскажувате.








30.05.2025





Во В.В. Тиквеш се одржа продуктивен и инспиративен состанок по повод запознавање на учениците со процесот на вработување и нивната летна вклученост во работниот процес. Од страна на В.В. Тиквеш, присутни беа Елена Прцкоска (човечки ресурси)и Никола Кузманов(раководител на Р.Е Флашара и Р.Е Финализација) кои на учениците им го приближија целиот процес и можностите што ги нуди компанијата. Учениците покажаа искрена заинтересираност, поставуваа конструктивни прашања и изрзија голема желба да станат дел од тимот што е можно поскоро. Со ваква енергија и отвореност, се продлабочува соработката меѓу образованието и реалниот сектор – чекор напред кон успешна иднина!

16.06.2025
ВО СПОМЕН НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ
Како дел од свеченатa академија во чест на овој немил настан од минатото, учениците од нашето училиште изведоа рецитал посветен на невините жртви од едно немирно време.






## 3. УЧЕСТВО ВО НАТПРЕВАРИ

| Учество на натпревари 2024/25 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| рб | Назив (тип) на натпреварот | Дисциплина | Ученик-учесник | клас | ментор | пласман |
| 1 | Образовно рандеву-Кавадарци | Најдобро кратко видео - reels | Лилјана Ѓорѓиева<br>Лилјана Велковска<br>Александра Богојевска | II-7<br>II-7<br>II-7 | Ѓоко Тодоров | 3-та награда |
| 2 | Образовно рандеву-Кавадарци | Најдобра фотографија | Попова Марија | III-6 | Ѓоко Тодоров | учество |
| 3 | Образовно рандеву-Кавадарци | Најдобар штанд | Верица Илиева<br>Драгана Стевановска<br>Марија Попова<br>Софија Кавазова | III-6 | Ивана Андов | 2 -ра награда |
| 4 | Образовно рандеву - Кавадарци | Најдобар штанд | Анастасија Назарова<br>Марија Лазова<br>Емили Илиеска<br>Георгија Грбиќ<br>Билјана Караѓорѓева | II-1 | Радица Бинова | 2 -ра награда |
| 5 | Образовно рандеву МАССУМ Кавадарци | Најдобар штанд | Дејана Николова<br>Александра Ѓелова | IV-4 | Менча Мајсторова | 2-ра награда |
| 6 | 53-ти Државен тракторски натпревар | Вешто возење женски | Александра Ѓелова | IV-4 | Бошко Настов | 2-ра награда |
| 7 | 53-ти Државен тракторски натпревар | Размножување на културните растенија | Стефанија Ристовска | III-3 | Јасминка Маркова Спиркоски | 3-та награда |
| 8 | Општински натпревар | Англиски јазик | Верица Коцева<br>Невенка Атанасова | I-6<br>I-6 | Сања Ацева | II награда<br>II награда |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Филип Димески | II-7 | | II награда |
| 9 | Регионален натпревар | Англиски јазик | Верица Коцева<br>Невенка Атанасова<br>Филип Димески | I-6<br>I-6<br>II-7 | Сања Ацева | I награда<br>I награда<br>II награда |
| 10 | Државен натпревар | Англиски јазик | Верица Коцева<br>Невенка Атанасова<br>Филип Димески | I-6<br>I-6<br>II-7 | Сања Ацева | II награда<br>II награда<br>III награда |
| 11 | Општински натпревар | Футсал | Селекција на ученици од училиштето | Цело школо | Горан Попов | I - место |
| 12 | Регионален натпревар | Футсал | Селекција на ученици од училиштето | Цело школо | Горан Попов | IV - место |
| 13 | Државен натпревар | Стрелаштво | Лина Нојкова | IV - 5 | Горан Попов | I - место |
| 14 | Општински натпревар | Кошарка-Машки | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков Марјан Ѓуров | I-Место |
| 15 | Општински натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков Марјан Ѓуров | I-Место |
| 16 | Зонски натпревар | Кошарка - Машки | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков Марјан Ѓуров | I-Место |
| 17 | Зонски натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков Марјан Ѓуров | I-Место |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Регионален натпревар | Кошарка - Машки | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков Марјан Ѓуров | II-Место |
| 19 | Регионален натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков Марјан Ѓуров | I-Место |
| 20 | Државен натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков Марјан Ѓуров | II-Место |
| 21 | Државен натпревар | Кошарка баскет 3x3 женски | | II-7 | Дарко Цеков | I-Место |
| 22 | Општински натпревар | Натпревар Биологија | Вчкова Зорица Коцева Верица | I-6 | Наталија Вчкова | III-место |
| 23 | Општински натпревар | Натпревар Прва помош | Теодора Ефремова<br>Анастасија Ризинов<br>Мукаетов Петар<br>Сања Серафимова<br>Ана Илова<br>Никола Петров | III-6<br>III-6<br>II-6<br>II-6<br>II-6<br>II-6 | Вчкова Наталија<br>Валентина Мукаетова | I-место |
| 24 | Регионален натпревар | Натпревар Биологија | Вчкова Зорица Коцева Верица | I-6 | Наталија Вчкова | III-место |
| 25 | Државен натпревар | Натпревар Биологија | Вчкова Зорица Коцева Верица | I-6 | Наталија Вчкова | III-место |
| 26 | Регионален натпревар | Натпревар Прва помош | Теодора Ефремова<br>Анастасија Ризинов | III-6<br>III-6 | Вчкова Наталија<br>Валентина | Учество |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мукаетов Петар<br>Сања Серафимова<br>Ана Илова<br>Никола Петров | II-6<br>II-6<br>II-6<br>II-6 | Мукаетова | |
| 27 | Образовно рандеву МАССУМ Кавадарци | Најдобар јавен говор | | IV 5 | Владко Тасев | II место |
| 28 | Меѓународен натпревар „Млад Дрвосекач“ Тетевен-Бугарија | Шумарски дисциплини | Оливер Митров<br>Стефан Којчев | III-1<br>II-1 | Горан Зимоски<br>Роза Тефова | Оливер Митров 2-место Брзо Менување Ланец 3-место Комбиниран Рез |
| 29 | Образовно рандеву-Кавадарци | Интервју за работа | Попова Марија | III-6 | Валентина Мукаетов | учество |

## 4. КОНФЕРЕНЦИИ, ТРИБИНИ, ПРЕДАВАЊА И ДРУГИ ОБУКИ

- Обука на наставниците организирана од БРО за примена на дигитални алатки и вешачката интелигенција во наставата (јули и август)
- Обука за секретари на Училишни матурски комисии
- Обука за тестатори



- Обуки за јавни набавки
- Обуки за психолошко-педагошката служба
- Обуки за новиот е-дневник

## 5. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### *Здравствено воспитување - систематски прегледи

Во однос на грижата и здравјето на учениците, во соработка со Училиштниот диспанзер, за учениците од прва и завршните години во месец ФЕВРУАРИ (од 10.02.2025 до 19.02.2025 година) во целост се спроведе систематскиот преглед за учениците.

Согласно програмата Образование за животни вештини на класните часови и на часовите од други наставни предмети се дискутира за теми поврзани со здравјето на луѓето, хигиената и сл.

### *Едукација за здрава исхрана

Во нашето училиштето се организираа и реализираа активности со кои се едуцираа учениците за правилна исхрана и консумирање здрава храна. Целта е учениците да се запознаат со квалитетот и придобивките од здравата исхрана. Сето ова се реализираше преку учества на учениците на предавања, презентации за здрава храна и сл.

## 6. ПРОЕКТИ

**6.1. Проект – Португалија -** програма Erasmus + 2024-1-MK01- KA121-VET-000207777
Обука во Барселос, Португалија од 01-14.11.2024
Назив на проектот „Оранжериско одгледување на цвеќиња и лековите ароматични растенија“ (20 ученици 7 професори)

6.2. **„SPIRIT OF MY REGION“ – Врњачка Бања (Србија)**
Прогарама Erasmus +
Период: 06-11.04.2025
Учесници ( 2 ученици + 3 професори)

**6.3.** Проект реализиран со Гимназија ,,Curt Nikolin”, Шведска и СОЗШУ ,,Ѓорче Петров” Кавадарци како и уште 3 средни училишта од Македонија. Учесници 10 ученици + 2 професори (детален извештај во посебен прилог)
Период 04-14.10.2024 год (Норчепинг и Финспонг – Шведска)
Во рамките на истиот проект се реализира и возвратна посета на ученици од Шведска кај нас (Декември 2024 и Април 2025)

## 7. ЕКСКУРЗИИ

Традиционалната завршна екскурзија во странство за учениците од Трета година се реализираше на почеток на месец Мај). Екскурзијата се реализира во Италија (детален извештај во прилози)

Научно истражувачки екскурзии реализираа:

- Учениците од I и II година од земјоделско-ветеринарната струка, изведоа стручно-истражувачка екскурзија во Скојпе.
- Посета на саем за мебел и посета на расадник во Скопје реализираа учениците од шумарско-дрвопреработувачката струка
- Посета на фармацевтската компанија „Алкалоид“ во Скопје, како и лабораотрии во градот (ВВ „Тиквеш“) реализираа учениците од здравствената струка
- Реализиран „Есенски ден“

Сите овие екскурзии се наведени во хронолошките настани. Посебен прилог бр.9 за завршната екскурзија

## 8. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Во училиштето како посебен орган функционира „Совет на родители”. Советот на родители го сочинуваат родители на ученици од Прва до Четврта година.

**Членови на Советот на родители:**

| Ученик | Клас | Родител |
|---|---|---|
| Марија Добринова | I-1 | Наќо Добринов |
| Верица Коцева | I-6 | Диме Коцев |
| Мартина Ѓорѓиова | IV-5 | Блаже Ѓорѓиов |
| Симона Костова | IV-1 | Валентина Костова |
| Илија Петров | III-4 | Лазе Петров |
| Љубица Галабова | III-6 | Билјана Галабова |
| Благица Стојанова | II-4 | Васка Стојанова |
| Бранкица Настова | II-4 | Ирена Настова |

Советот на родители активно учествуваше во работата на училиштето, изнесувајќи при тоа многу идеи и предлози за подобрување на наставата и условите во кои се реализира.

Советот на родители учествува во донесувањето на важни одлуки кои се во неговиот домен.

Официјални средби со родителите раководителите на паралелка остварија по одржаните класни совети..

**9. СОРАБОТКА СО ОПКРУЖУВАЊЕ**

*** Соработка со општината**

- Присуство на седница на Советот на Град Кавадарци на седницата на која се усвојуваа извештаите и годишните програми

Факултети

**Соработка со Црвениот Крст на општина Кавадарци**

- Во текот на учебната година се реализираа две акции за крводарителство за вработените и учениците од III и IV и учество на наша екипа во натпреварот на Црвениот крст

- **Соработка со други средни училишта, Универзитети и факултети**

Училиштето воспостави контакти со повеќе средни училишта во земјата и странство.

Средња школа „Св.Трифун” – Александровац
Пољопривредна школа во Сурдулица – Србија
Пољопривредна школа во Сомбор - Војводина
Шумарско училиште – Тетевен - Бугарија
Шумарска школа – Краљево
Средња школа за околиш и дрвни дизајн“ - Сараево, Босна и Херцеговина.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците од завршните години се презентираа неколку факултети:

- Шумарски факултет
- Факултет за дизајн и мебел
- Славјански универзитет
- Европски Универзитет
- Факултетот за земјоделски науки и храна
- Факултет за општествени науки- ФОН
- Факултет за туризам
- Воената академија
- Земјоделски факултет - Штип

Исклучителна соработка имаме со Шумарски факултет – Скопје и со Земјоделскиот факултет во Штип, со редовни меѓусебни посети и стручни консултации.

Во рамките на уписната политика на училиштето и соработката со основните училишта во градот и пошироко во државата, беше организирана презентација. Презентирање беше направено пред учениците од повеќе училишта од нашата општина и општините: Гевгелија, Валандово, Неготино, Демир Капија, Берово, Пехчево, Делчево, Чашка, Росоман...

Во централното градско подрачје беше изнајмен Билборд за реклама на струките и профилите, кои се застапени во училиштето. На 23 Мај 2025 се одржа и „Отворен ден на училиштето", на кој присуствуваа ученици, родители и наставници од општините: Кавадарци, Росоман и Демир Капија.

**Соработка со стопански субјекти од општината и пошироко.**

Врз основа на потпишаните договори и меморандуми со реномирани фирми од градот и пошироко оваа година беше реализирано дуално образование во повеќе профили: шумарски техничар/техничар за пејзажен дизајн, техничар за мебел и ентериер, агротехничар, техничар за фитомедицина и тригодишното образование, градинар-цвеќар. Учениците добиваа стипендии од 3500 ден. од МОН, а беа вклучени фирмите со кои имаме соработка:ЈП Нацонални шуми“ , АД ВВ „Тиквеш“, АД ВВ „Гоце Делчев“ , ПИНУС-Гарден-Кавадарци, Земјоделски аптеки.

## 10. ПРОИЗВОДСТВО

Земјоделското производство го реализираат учениците и наставниците од земјоделско ветеринарната струка со помош на дел од вработените од техничкиот сектор.

Лозовиот насад беше добро обработен, но поради лошите климатски услови и град, приносот беше значително намален.

Предадено грозје во винарии:

| вид | Килограми |
|---|---|
| Вранец | 4070 |
| Мерло | 2270 |
| вкупно | 6340 |

**Грозје Реколта 2024 за потребите на школската винарија**

700 кг – вранец
500 кг -мерло
430 кг. Бело-мешано
1630 кг вкупно

Произведено вино: 800 литри (вранец, мерло, смедеревка)
Произведена ракија: 200 литри

**Напомена:**

Произведен и продаден јачмен 6260 кг.

Одговорен наставник за земјоделското производство е Мајсторова Менча, а за производството на вино: Попов Коцо, Бојков Глигор, Спиркоски Јасмина, Гркова Оливера.

Според однапред изработен проект за сечење на дрва, од шумата во Михајлово во календарската година 2024 иссечени се и продадени 1121,83м3 дрва. Сечата и продажбата на дрвната маса и беше доделена на приватна фирма. Направен е шумски пат од 1 км.

Одговорен наставник за експлоатацијата, уредување, планирање и обнова на шумата: Горан Сакалиев.

## 11. МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

Во изминатата година се извршени следните активности за подобрување на материјално техничките услови:

**Извршена набавка на:**

- Renault Captur - автомобил (џип)
- 4 телевизори во износ од 250780 ден.
- 4 лаптоп компјутери во износ од 91424 ден
- Камера – 1949 ден
- Внатрешна врата – 11 500 ден
- 3Д Принтер, е добиен на поклон од збратимените училиште од Шведска
- Канцелариски материјали
- Други ситни материјали за потребите на училиштето

**Извршено е:**

- Реконструкција на дворна патека со бекатон плочки – 995 300 ден.
- Преадаптирање на еден кабинет во училница
- Белење на дел од училниците и ходниците
- Донација од 40 компјутери, од фондацијата „Донирај компјутери“- Борче Стаменов

| Инфраструктурни проекти, реконструкција и градежни активности | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на патеки во источниот дел на училишниот двор со павер елементи на површина од 900м2 |
| 2 | Реновирана училишна библиотека со под од ламинат 30м2 нови полици за книги и канцелариски мебел |
| 3 | Реновирана Конференциска сала со промена на застарени дрвени прозорци со ПВЦ прозорци броја 9 поставување на вариолајт завеси под со ламинат од 80м2 ,40 тапацирани канцелариски столици и 5 канцелариски маси и коплетно молеро фарбарски работи на ѕидовите |
| 4 | Реновирана просторија во сутерен за создавање на кабинет за ЦНЦ машина поставен ламинат 30 м2 и молеро фарбарски работи изолација на цевки и покривање со гипс картон на истите |
| 5 | Реновирање на две простории и поставување на две ПВЦ врати и два прозорци на помошниот објект до расадникот за сместување на алат и друга опрема |
| 6 | Поставување на вариолај завеси во кабинетот за лов,кабинетот по информатика |
| 7 | Молеро фарбарски работи во спортската сала и цокле со темелна боја |
| 8 | Преграден горниот ходник и оформување на канцеларија со нова внатрешна врата и под со ламинат 6м2 |
| Опрема и нагледни средства | |
| 9 | Лап топ бр.3 |
| 10 | Телевизори бр.4 |
| 11 | Принтер бр. 1 |
| 12 | Нагледни средства за хемиско - фармацевстка лабораторија |

# П р и л о г

# 2.1

**Состојба при упис во 2024/25**

Прилог 2.1.1
Бројна состојба на ученици по струки (паралелки) напочетокот

| **Образовен профил** | **Број на ученици во учебната 2024/25 по години** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| Агротехничар | 6 | 10 | 9 | **10** |
| Фитомедицина | 20 | 15 | 17 | **15** |
| Градинар-цвеќар (тригодишно) | **5** | **6** | **5** | |
| вкупно | **31** | **31** | **31** | **25** |
| | **118** | | | |

| **Образовен профил** | **Број на ученици во учебната 2024/25 по години** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| Шумарски техничар / Техничар за пејзажен дизајн | 17 | 17 | 12 | 17 |
| Техничар за мебел и ентериер / Техничар за обработка на дрво | **10** | **6** | **8** | **2** |
| Шумар (тригодишно образов) | | | | |
| ВКУПНО | **17** | **23** | **20** | **19** |
| | **79** | | | |

| **Образовен профил** | **Број на ученици во учебната 2024/25 по години** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| Фармацевтски техничар | **31** | **35** | **34** | **34** |
| Вкупно | **134** | | | |

| **Образовен профил** | **Број на ученици во учебната 2024/25 по години** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| Спортска академија за кошарка | | **20** | **10** | |
| Вкупно | **30** | | | |

**Етничка структура на ученици на крајот од учебната година**

Прва година

| Ред. бр. | Националност | Машки | Женски | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонци | 17 | 56 | 73 |
| 2. | Турци | 0 | 0 | 0 |
| 3. | Роми | 5 | 7 | 12 |
| | ВКУПНО | 22 | 63 | 85 |

Втора година

| Ред. бр. | Националност | Машки | Женски | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонци | 28 | 70 | 98 |
| 2. | Турци | 1 | 0 | 1 |
| 3. | Роми | 3 | 7 | 10 |
| 4. | Срби | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 32 | 77 | 109 |

Трета година

| Ред. бр. | Националност | Машки | Женски | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонци | 29 | 56 | 85 |
| 2. | Турци | 0 | 1 | 1 |
| 3. | Роми | 3 | 2 | 5 |
| 4. | Срби | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 32 | 59 | 91 |

Четврта година

| Ред. бр. | Националност | Машки | Женски | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонци | 18 | 57 | 75 |
| 2. | Турци | 0 | 0 | 0 |
| 3. | Роми | 1 | 1 | 2 |
| 4. | Срби | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 19 | 58 | 77 |

**Вкупно**

| Ред. бр. | Националност | Машки | Женски | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонци | 92 | 239 | 331 |
| 2. | Турци | 1 | 1 | 2 |
| 3. | Роми | 12 | 17 | 29 |
| 4 | Срби | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 105 | 257 | 362 |

# Прилог

# 2.2

**Преглед на успехот и изостанувањето на учениците поединечно 2024/25**

Успех и изостанување на учениците по класови во учебната 2024/25

| Извештај за успех на учениците на крајот на наставната година - (Паралелка I-1) Радица Бинова | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ученици** | **Општ успех** | **Оправдани** | **Неоправдани** | | **Поведение** | |
| Иван Аврамов | 4.53 | 80 | 11 | Примерно | | |
| Хана Алиова | 2.67 | 72 | 18 | Добро | | |
| Милица Благоевска | 3.87 | 78 | 3 | Примерно | | |
| Љубица Илиева | 4.27 | 21 | 3 | Примерно | | |
| Весна Камчева | 4.13 | 26 | 4 | Примерно | | |
| Ана Којнарска | 3.53 | 29 | 4 | Примерно | | |
| Татјана Костоска | 2.53 | 64 | 11 | Добро | | |
| Викторија Митрева | 3.13 | 45 | 3 | Примерно | | |
| Зоран Нациќ | 2.53 | 42 | 8 | Примерно | | |
| Нафија Пашова | 4.33 | 41 | 3 | Примерно | | |
| Тамара Петрова | 4.40 | 50 | 4 | Примерно | | |
| Дарија Пешова | 3.00 | 15 | 9 | Примерно | | |
| СТОЈАНЧО СТОЈАНОВ | 2.53 | 77 | 19 | Добро | | |
| Александар Тасевски | 4.20 | 59 | 9 | Примерно | | |
| Боркица Трајковски | 4.87 | 57 | 3 | Примерно | | |
| Пепита Цветковска | 3.60 | 27 | 0 | Примерно | | |
| Стефанија Митрова | 2.80 | 41 | 8 | Примерно | | |
| **Вкупно** | | **824.0** | **120.0** | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
| **Просек** | **3.58** | **48.47** | **7.06** | **14** | **3** | **0** |
| | | **55.53** | | | | |

| Извештај за успех на учениците на крајот на наставната година - (Паралелка I-2) Стефан Ацев | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ученици** | **Општ успех** | **Оправдани** | **Неоправдани** | | **Поведение** | |
| ХРИСТИЈАН ВЕЛКОВ | 4.31 | 50 | 5 | Примерно | | |
| Ксенија Гечева | 3.13 | 88 | 21 | Добро | | |
| Мелани Гечева | 3.19 | 98 | 19 | Добро | | |
| Бобан Димовски | 3.56 | 36 | 9 | Примерно | | |
| Лазар Дојчинов | 3.13 | 25 | 3 | Примерно | | |
| Иле Ристески | 3.19 | 11 | 0 | Примерно | | |
| **Вкупно** | | **308.0** | **57.0** | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
| **Просек** | **3.42** | **51.33** | **9.5** | **4** | **2** | **0** |
| | | **60.83** | | | | |

| Извештај за успех на учениците на крајот на наставната година - (Паралелка I-3) Гордана Стојчева | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ученици** | **Општ успех** | **Оправдани** | **Неоправдани** | | **Поведение** | |
| Велија Фејзулов | 2.60 | 106 | 20 | Добро | | |
| Енес Шабанов | 3.20 | 50 | 7 | Примерно | | |
| Антонио Мемедов | 2.93 | 69 | 16 | Примерно | | |
| Стефан Бојков | 3.27 | 39 | 0 | Примерно | | |
| Арман Амков | 3.00 | 120 | 20 | Добро | | |
| Драган Атанасов | 4.07 | 39 | 4 | Примерно | | |
| **Вкупно** | | **423.0** | **67.0** | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
| **Просек** | **3.18** | **70.5** | **11.17** | **4** | **2** | **0** |
| | | **81.67** | | | | |

| Извештај за успех на учениците на крајот на наставната година - (Паралелка I-4) Ефремчо Николов | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ученици** | **Општ успех** | **Оправдани** | **Неоправдани** | | **Поведение** | |
| Зера Јусуфова | 3.93 | 37 | 3 | | Примерно | |
| Мери Калајџиева | 2.80 | 63 | 16 | | Примерно | |
| Елена Трипова | 3.07 | 25 | 2 | | Примерно | |
| Симона Врвцовска | 3.13 | 26 | 0 | | Примерно | |
| Славчо Лазов | 4.87 | 39 | 2 | | Примерно | |
| Симона Димова | 5.00 | 28 | 1 | | Примерно | |
| Антоанета Ѓерѓева | 3.13 | 21 | 8 | | Примерно | |
| ЛИЛЈАНА МЛАДЕНОВИЌ | 3.07 | 37 | 5 | | Примерно | |
| Васка Темелкова | 4.60 | 36 | 1 | | Примерно | |
| Лили Ристова | 3.60 | 12 | 2 | | Примерно | |
| Сара Пандова | 4.20 | 41 | 5 | | Примерно | |
| Валерија Стојановиќ | 3.40 | 5 | 0 | | Примерно | |
| Теа Ристова | 4.33 | 4 | 4 | | Примерно | |
| Давид Давчевски | 3.07 | 11 | 0 | | Примерно | |
| Ирена Петрова | 4.80 | 41 | 5 | | Примерно | |
| Мартин Петров | 3.80 | 29 | 7 | | Примерно | |
| Тамара Апостолова | 3.13 | 41 | 1 | | Примерно | |
| Марко Тодорчев | 2.73 | 42 | 9 | | Примерно | |
| Елена Петрова | 3.93 | 5 | 3 | | Примерно | |
| Марија Добринова | 4.00 | 58 | 9 | | Примерно | |
| Маја Станкова | 3.60 | 25 | 6 | | Примерно | |
| **Вкупно** | | **626.0** | **89.0** | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
| **Просек** | **3.72** | **29.81** | **4.24** | **21** | **0** | **0** |
| | | **34.05** | | | | |

| Извештај за успех на учениците на крајот на наставната година - (Паралелка I-5) Љупчо Бинов | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | Општ успех | Оправдани | Неоправдани | | Поведение | |
| Силвија Бајрам | 2.67 | 65 | 19 | Добро | | |
| Хагбар Бегани | 2.46 | 64 | 22 | Добро | | |
| Сара Муниши | 2.67 | 79 | 20 | Добро | | |
| Ирена Незировиќ | 2.38 | 60 | 20 | Добро | | |
| Борис Петров | 4.54 | 5 | 0 | Примерно | | |
| **Вкупно** | | **273.0** | **81.0** | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
| **Просек** | **2.94** | **54.6** | **16.2** | **1** | **4** | **0** |
| | | **70.8** | | | | |

| Извештај за успех на учениците на крајот на наставната година - (Паралелка I-6) Божанка Минова | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | Општ успех | Оправдани | Неоправдани | | Поведение | |
| Ангела Милошева | 4.53 | 12 | 3 | Примерно | | |
| Вероника Иваноска | 5.00 | 8 | 3 | Примерно | | |
| Емилија Траева | 5.00 | 13 | 3 | Примерно | | |
| Александра Петрова | 4.87 | 26 | 3 | Примерно | | |
| Сања Стамаџиева | 5.00 | 1 | 3 | Примерно | | |
| Меланија Костова | 4.73 | 9 | 3 | Примерно | | |
| Теа Волчева | 4.67 | 24 | 3 | Примерно | | |
| Моника Трендафилова | 4.93 | 13 | 3 | Примерно | | |
| Марија Тасева | 5.00 | 22 | 3 | Примерно | | |
| Верица Ристова | 3.67 | 30 | 3 | Примерно | | |
| Камелија | 4.80 | 27 | 2 | Примерно | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јованова | | | | | | |
| Зорица В'чкова | 5.00 | 22 | 0 | Примерно | | |
| Никола Мегленов | 4.53 | 7 | 3 | Примерно | | |
| Бјондина Еминова | 3.87 | 62 | 1 | Примерно | | |
| Марија Јованова | 4.93 | 21 | 4 | Примерно | | |
| Верица Коцева | 5.00 | 6 | 0 | Примерно | | |
| Надица Коцева | 4.53 | 35 | 3 | Примерно | | |
| Анастасија Видојковиќ | 4.47 | 40 | 0 | Примерно | | |
| Радица Миревска | 4.20 | 12 | 3 | Примерно | | |
2021 г. – Учество на ЕДУИНО вебинар на тема: *„Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина“*. Во организација на Smart, Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, Unicef, (сертификат);
2021 г. – Учество на обука на тема: *„Користење на дигитални алатки“*. Во организација на ЛЕАД Здружение лидери за едукација активизам и развој, Скопје, (сертификат);
2021 г. – Учество на обука на тема: *„Мотивација на ученици во наставата“*. Во организација на ЛЕАД Здружение лидери за едукација активизам и развој, Скопје, (сертификат);
2021 г. – Учество на предавање на тема: *„Аутизам мистериозниот предизвик на 21 век“*. Во организација на Здружение на студенти по медицина на Македонија, Скопје, (сертификат);
2021 г. – Учество во меѓународниот проект: „Chose a cheese“ - *CHEASY*. Erazmus+ program PROJEKT:2020-1-MK01-KA202-077855. Проектот го финансира (Co-funded by the Erazmus+ Programe of the European Union), Хрватска, (сертификат);
2021 г. – Учество на ЕДУИНО вебинар на тема: *„Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени“*. Во организација на Smart, Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, Unicef, (сертификат);
2021 г. – Учество на едукативни (онлајн) работилници од областа на психологијата на тема: *„Денови на психологијата на МСУ“*. Во организација на Меѓународен Славјански Универзитет, Свети Николе, (сертификат);
2021 г. – Учество на обука на тема: *„Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“*. Во организација на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, Скопје, (сертификат);
2021 г. – Учество на обука на далечина на тема: *„Спречување и борба против трговија со деца“.* Во организација на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, Скопје, (сертификат);
2022 г. - Учество на онлајн предавање со Проф.Д-р. Диана Белевска. Во организација на Меѓународен Славјански Универзитет, Свети Николе, (благодарница);
2022 г. - Учество на онлајн предавање на тема: *„Автогена психотерапија во функција на антистрес третман“.* Во организација на Меѓународен Славјански Универзитет, Свети Николе, (благодарница);
2022 г. - Учество на онлајн предавање на тема: *„Како донесуваме лоши одлуки? Психологија на*

*изборот“.* Во организација на Меѓународен Славјански Универзитет, Свети Николе, (благодарница);
2023 г. - Учество на онлајн обука на тема: *„Унапредување на менталното здравје на децата и младите“*. Во организација на Биро за развој на образование, Скопје.
2023 г. - Учество на форум: *„Зелена агенда – Западен Балкан“*. Во организација на Нова Цивиста, Кавадарци, (сертификат);
2024 г. – Учество на обука на тема: *„Спречување на предвремено напуштање на образованието и охрабрување за комплетирање на задолжителното образование“*. Во организација на ИПА проектот на Министерство за образование и наука, Скопје, (сертификат);

# П р и л о г

# 2.6.1.

**Извештај за работата на педагогот**

# Извештај за реализирани активности од работата на училишниот педагог во учебната 2024/2025 година

Во согласност со Годишната програма за работа училишниот педагог во учебната 2024/2025 година работеше по следните програмски подрачја:

## I. Работа со ученици

- Водење советодавни разговори со ученици.
- Следење на успехот, редовноста и поведението на учениците.
- Мотивација и поддршка на учениците во учењето, вклучување во вон-наставни активности и сл.
- Поддршка на ученици со посебни образовни потреби.
- Разговори со ученици за побрзо напредување.
- Разговори со ученици при избор на професионална ориентација.

- Индивидуална и групна работа со ученици за успехот, редовноста и поведението;
- Следење на успехот, редовноста и поведението на учениците примателите на средствата, со нив се водеа советодавни разговори за важноста на редовноста и успехот во наставата;
- Следење и водење евиденција за ученици кои полагаат, дополнителни испити, поправни испити, испити на година, испити за брзо напредување;
- Следење на разни облици на непримерно поведение кај учениците и водење советодавни разговори;
- Преземање превентивни мерки за дисциплина, хигиена и социјализација меѓу учениците;
- Следење на адаптацијата на учениците во I-ва година во новата училишна средина, обезбедување поддршка за учениците секогаш кога му е потребна;
- Идентификување и евидентирање на учениците со посебни образовни потреби;
- Идентификување на надарени и талентирани ученици и советодавни разговори за постигнување на повисоки резултати;
- Идентификување на ученици – жртви на насилство и ученици – насилници и водење на досие за секој ученик;

- Присуство на состаноци на ученичката заедница (претседатели и потпретседатели на класови);
- Следење на учениците во наставните и вон-наставните активности;
- Разговори со ученици кои присуствуваат на разни презентации, предавања и семинари организирани од други институции и организации;
- Информирање и помош при изготвување на барања на учениците кои ги доставуваат до Наставнички совет;
- Подготвување и организирање на разни предавања од страна на ученици за теми од нивен интерес;
- Спроведување активности околу реализирањето на систематските прегледи, односно грижа за здравствената заштита на учениците, изготвување списоци за редовните систематски прегледи на учениците од I-ва и завршните години;
- Професионална ориентација на учениците од завршните години односно стручна помош околу изборот на професијата, информирање за факултетите во нашата држава и други приватни универзитети;
- Учество во организирање на предавања и презентации од страна на државни и приватни факултети, невладини организации и други институции;
- Активности со учениците за одбележување на значајни датуми во текот на наставната година;
- Учество во реализирање на активности со учениците околу Патрониот празник на училиштето и други значајни манифестации;
- Организирање и реализирање на состанок со училишната заедница и решавање на тековни проблеми;
- Советодавна работа со ученици во однос на рационално и ефективно користење на слободното време.
- Организирање и реализирање на активности за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците. Беа реализирани работилници на најразлични теми.

## II. Работа со наставници

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуација.
- Поддршка на наставниците за работа со ученици.
- Поддршка на наставниците за работа со родители.

- Помагање на наставниците при планирањето на наставата;
- Советодавно-консултативна работа со наставници при изготвувањето на годишен глобален план, тематски планови, дневни подготовки, критериуми за оценување и тестови на знаење;
- Увид во тематските планови и дневните подготовки на наставниците;
- Посета на часови нивно анализирање и давање повратна информација на наставниците;
- Следење на оценувањето и вреднувањето на учениците од страна на наставниците;
- Увид во критериумите за оценување на учениците од предметните наставници;
- Соопштување и известување за сите тековни активности во училиштето;
- Следење на работата на раководителот на паралелка;
- Советодавно-консултативна работа со раководители на паралелка за формирање, организирање и работа на класните заедници (развивање чувства на одговорност, отвореност, пријателство, заедништво и соработка);
- Разговори при планирањето и реализацијата на часот на раководител на паралелка;
- Советодавно-консултативна работа со раководители на паралелка при откривање и разрешување на проблеми на релација: ученик-наставник-родител;
- Соработка со раководителите на паралелка, предметните наставници за потребите на Совети на паралелките, Наставнички совет и стручните активи на училиштето;
- Соработка со наставници (членови) на инклузивниот тим во училиштето;
- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно – образовниот процес.
- Поддршка на наставниците при реализација на наставните часови за ученици со ПОП.
- Инструктивно-консултативна работа со наставници-почетници за одделни стручни прашања од наставата;
- Педагошко-инструктивна работа со наставниците во врска со водењето на педагошка евиденција;
- Стручна помош и увид во планот и програмата за реализација на дополнителна и додатна настава;
- Следење на реализирањето на часовите по содржини програмирани од училиштето на предметните наставници – анализа и проценка на успешноста;

- Следење на учествата на наставниците кои посетуваат разни семинари, обуки, предавања и презентации;
- Разговори со предметни наставници кои посетуваат семинари за стручно усовршување;
- Водење на професионално досие за секој наставник;
- Учество и соработка со наставниците во спроведување и реализирање на активности;
- Соработка со наставници по практична настава, организирање и подготовка за учество на манифестации;
- Учество и соработка со наставниците во реализирањето на активностите околу Патрониот празник на училиштето;
- Учество и соработка со наставниците во организирање и реализирање на активности околу Тиквешкиот гроздобер и други значајни манифестации.

## III. Работа со родители

- Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите.
- Едукација на родителите.
- Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

- Советодавно-консултативни разговори со родители за успехот, редовноста и поведението на учениците;
- Советодавна работа со родители за разни облици на негативно поведение и сл;
- Учество во планирањето и изговувањето на содржини за родителски состаноци;
- Упатување на родителите до одредени стручни лица и институции за одредени проблеми.
- Организација и реализација на состаноци со Совет на родители во текот на наставната година;
- Информирање на родители за анализата на успехот, редовноста и поведението на учениците на секое тромесечие, полугодие и крај на учебна година.

## IV. Соработка со заедница

- Соработка со локалната заедница.
- Соработка со стручни институции и организации.

- Соработка со стручни лица од воспитно – образовни организации, Центрите за социјална за социјална работа и социјална политика, Медицински центри итн;
- Соработка со Здравствениот дом околу спроведување на систематски прегледи;
- Соработка со лица од МВР Кавадарци реализирани предавања за учениците на различни теми.
- Соработка со Институт за јавно здравје на Македонија;
- Доставување податоци и информации за ученици од училиштето кои се под надзор на ЦСР;
- Соработка и доставување податоци до ДПИ;
- Соработка со советници од МОН, БРО и ЦСОО;
- Соработка со наставници и стручни соработници од други училишта;
- Соработка со Сектор за средно образование, во врска со прегледи за вкупен број завршени ученици и повторувачи од мината учебна година, запишани ученици на почеток од новата учебна година, вкупен број на ученици со ПОП, вкупен број на паралелки.
- Соработка со сектор за образование и Градоначаник на Општина Кавадарци, постапување по дадени насоки за спроведување на активности со цел идентификување и превенирање на насилство.

## V. Професионален развој и соработка

- Личен професионален развој;
- Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето;
- Учество на обуки организирани во училиштето;
- Учество на семинари, обуки и советувања за стучно усовршување во организација на Бирото за развој на образование, МОН и други институции;

- Учество на обука на тема: „Спречување на предвремено напуштање на образованието и охрабрување за комплетирање на задолжителното образование“. Во организација на ИПА проектот на МОН „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на ВЕТ и образованието на возрасните“, Скопје на 27.05.2024 година.
- Учество на обука на тема: *„Strengthening the capacities of teaching and training staff VET providers on modern training and pedagogical approaches“*, Скопје Февруари 2024 година.
- Индивидуално стручно усовршување (литература, списанија, интернет, презентации, предавања, наставни часови, семинари ...).

## VI. Аналитичко-истражувачка работа

- Анализа и проценка на воспитно – образовната работа.
- Истражување на воспитно – образовната работа.

- Изготвување на тримесечни, полугодишни и годишни статистички извештаи за успехот, редовноста и поведението на учениците за наставната година.
- Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на тромесечие, полугодие и крај на учебна година.
- Подготовка инструменти (протоколи, евидентни листи, обрасци) за прибирање податоци;
- Изработка на годишен извештај за целокупната сопствената работа за учебната 2024/2025година;
- Учество во изработка на годишниот извештај на активности на училиштето за учебната 2024/2025 година;
- Изготвување на статистички извештаи за учебната 2024/2025 година;
- Изготвување на разни анализи, статистички и други извештаи потребни за училиштето.
- Изработка на разни прегледи и статистички извештаи по барање на други училишта, институции и организации.

## VII. Училишна структура, организација и клима

- Планирање, организирање и следење на воспитно – образовната работа.
- Водење на педагошка евиденција и документација.
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество

- Учество во изработка на годишна програма за работа на училиштето;
- Изготвување план и програма за сопствената работа;
- Учество во сите активности кои ќе произлезат од реализирањето на поставените приоритетни цели наведени во Годишната програма за работа на училиштето.
- Изработка и примена на инструменти за самоеваулација на училиштето.
- Реализирање на активности поврзани со уписот на ученици во I година;
- Организација и учество при запишување ученици од I до IV година;

- Следење на наставни часови со цел подобрување на наставата и воведување иновации во воспитно-образовниот процес;
- Следење и водење евиденција за реализацијата на часови по содржини програмирани од училиштето.
- Учество во работата на стручните активи на училиштето;
- Учество во работата на Наставнички совет;
- Учество во работата на Совети на паралелките;
- Учество во работата на инклузивниот тим во училиштето;
- Учество во работата на Совет на родители;
- Соработка со Училишен одбор;
- Учество во Училишни комисии за разни активности;
- Изготвување месечен распоред на активности на крај на наставната година;
- Водење евиденции за реализирање на активностите во и надвор од училиштето;
- Прибирање податоци за потребите на училиштето од различен карактер.
- Изготвување насоки и чек листа за печатење на е – дневник
- Педагошка евиденција и документација;
- Водење евиденција за сопствената работа;
- Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предлагање мерки за одобрување;
- Интерна контрола на уредно водење на предагошката евиденција и документација во дневниците на паралелките, главна книга на учениците и свидетелствата;
- Водење записници од одржани состаноци од Наставнички совет;
- Водење записници од одржани Совети на паралелките.

**Фотографии од реализирани активности во учебната 2024/2025 година.**













**Изработил:**
**Тања Камчева- училишен педагог**

П
р
и
л
о
г

# 2.6.2.

**Извештај за работата на психологот**



**Име и презиме** - Валентина Мукаетов

Образование - Филозофски факултет - институт по психологија на Универзитет Св.„Кирил и Методиј"- Скопје
Звање, година на дипломирање - дипл.психолог, 2005 г.
Старост - 1975 г.
Работен стаж – 6,5 години
Националност: Македонка
Познавање на компјутери (Windows , Word, Excel, Power Point, Internet)
Познавање на аглиски јазик - (ниво 1)
**Компетенции, активности, обуки и сл.:**
2014 г. - учество на обука за меѓуетничка интеграција во образованието.
2014 г. - активно учество во проектот "жолта маичка" спроведуван од Совет за малолетничко престапништво на Кавадарци.
2015 г. - Обука за мулти секторски тим кој работи на случаи на семејно насилство. Тема-новите законски решенија воведени со новиот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. (Кавадарци).
Обука и сертификат за *кариерни советници*, Проект на USAID, 2015/2016.
Обуки и сертификат за ПМИО, 2015/2016.
2016 г. - Присуство на твининг работилница организирана од страна на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност во соработка со ООУ “Тоде Хаџи Тефов”-Кавадарци.
2017г.- Присуство на работилница за изработка на стратегија за социјална инклузија на млади жени од општина Кавадарци во рамки на проектот Македонска активна платформа за социјална инклузија-Мапси кој е поддржан од ЕУ.
2017г.- Присуство на предавање и работилница на тема „Менаџмент на знаења и изготвување индивидуален план за професионален развој,,. Предавањето беше во просториите на ОУ„Страшо Пинџур„-Кавадарци.
2017 г. – Обука и сертификат за професионални компетенции кај директорите, стручните соработници и наставниците во училиштата и изготвување на личен план за професионален развој. Организатор: друштвото за консалтинг и услуги Коучинг – Н, Битола.
2017 г.- Присуство на обука на тема: „Градење на капацитети за кариерните центри,, – Јакнење на компетенциите за кариерно советување, Скопје. Предавач: Нина Бабушковска и НК Експерт Марија Коваческа – ЕУ
2017 г.-Учество на конференција на тема: ADHD-нарушено внимание, хиперактивност и импулсивност во организацијаја на Здружение на граѓани за третман на лица со аутизам, хиперкинетички и аспергеров синдром „Во Мојот Свет„-Скопје.
2017 г.- Присуство и учество на конференција за средношколско организирање и учество. Тема: учество на средношколците во донесување на одлуки во училиштата. Орфанизатор Фондација Конрад Аденауер и Здружение Лидери за едукација, активизам и развој (LEAD).
2017 г.-Учество на семинар на тема: „Развој на комуникативните и социјалните вештини кај децата со АСН со вербални и невербални способности“. Здружение за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар на нарушување „Сина Светулка„-Скопје.
2018 г.- Учество на обука за „Методи, техники и алатки за работа со ученици со посебни образовни потреби,, . Предавачи од Здружение „Отворете ги порозорците„-Скопје.
2018 г. -Присуство на завршна Конференција од истражување спроведено од Здружението за дислексија„Ајнштајн„ на тема:„Застапеност на дислексијата помеѓу средношколците во Р.Македонија„.
Истражувањето е дел од проектот „Инфо ѕид за дислексија„ поддржан од USAID.
2018 г. - Посетена обука за планирања, подготовка и реализација на модуларните наставни програми базирани на компетенции во средните стручни училишта во техничкото образование, Гевгелија. Предавач: Советник Роза Перушевска од ЦССО, (проектот е поддржан од БРО и МОН и се однесува на развивање вештини и поддршка на

иновации).
2018 г. - Обука за управување со проекти и младинско учество за средните училишта и граѓанските организации, Крушево. Организатори: (RYCO-Albert Hani) и OSCE. Предавач: Фатмир Бесими.
2018 г. - Обука за Креативни Работилници и Форум театар), Скопје. Организтори: USAID, обучувачи: Сејхан Кадриу и Јулика Шундовска (МИМО).
2019 г. – Семинар на тема „Превенирање на насилното однесување во основните и средните училишта. Организатори: Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ и Општина Кавадарци.
2019 г. - Семинар за интерактивни модели за развивање на педагошките компетенции на наставниците. Организатори: Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ и Општина Кавадарци.
2019 г. - Обука за зајакнување на капацитетите на наставиците. Модул 1:„ Техники и модели за комуникација со ученици (користење на неформални и дигитални алатки во образованието.Организатори: LEAD Konrad Adenauer; Обучувачи: Иван Јованов, Илија Н.; Место на одржување Битола.

2019 г.- Обука за развој на вештините на наставниците. Модул 2: „Коучинг и емоционална интелигенција“.Организатори: LEAD Konrad Adenauer; Обучувачи: Иван Јованов, Илија Станковски.; Место на одржување Кавадрци.
2019 г. - Обука за развој на вештините на наставниците. Модул 3: „Подготовка на идни и проектни апликации“.Организатори: LEAD Konrad Adenauer Обучувачи: Иван Јованов, Илија Станковски.; Место на одржување Велес.
2019 г. - Учество на Конференција „Како да се подобрат мерките за спречување на насилство во училиштата“. Организатор: Коалиција СЕГА, Скопје.
2019 г.- Примена и интерпретација на тестовите на интелигенција, личност и скали на проценка во процесот на откривање, работа и следење на развојот на надарените и талентираните ученици. Организатори: Амбасадата на Р. Словенија во Скопје, Универзитет Ново Место, Р. Словенија, Македонска асоцијација за надарени и талентирани (МАНТ); Обучувачи: проф. д-р Љупчо Кеверески, проф. д-р Марија Димоска-Котеска, м-р Анита Азеска Китановска, м-р Ана Ѓорѓевиќ Универзитет МИТ, Скопје.
Обука на наставници во Црвен крст – Вчкова Н, Стојчева Г, Мукаетова В, Петков Д, Илов Методија
2020 г. - Работилница за поддршка на *Училишните Секции* и јакнење на соработката меѓу општините и училиштата за поддршка на *Младински Иницијативи.*Организатор: МЦГО-Проект на УСАИД за МИМО. Говорители и водачи на работилницата Џевахире Пруси Зајази, Анета Трпевска, Настасија Стојановиќ од МЦГО и Дејан Ризински и Фари Исени од МОФ за *Младинските иницијативи*. Место на одржување Скопје.
2020 г. - Предавање на тема „Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето со посебен акцент на воспитната функција“. Предавач: проф. д-р Розалија Попова Коскарова од Педагошки факултет Скопје. Место на одржување Кавадрци.
2020 г. - Користење на дигитални алатки во образованието. Организатор: LEAD (Leaders for Education, Activism and Developmend). Реализатори: Иван Јованов, Илија Станковски. On-line сесија.
2020 г. - Работилница на тема „Интерперсонална комуникација“. Организатор: Primal Educational Centar (советник за образование). Реализатор на работилницата: d-r Lulzim Adili Lui. On-line присуство.
2020 г. – Обика за Националната платформа за учење на далечина и обука за Microsoft Teams алатки (МОН, БРО).
2020 г. – Присуство на Едуино вебинар, Тема: работа на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија (предавачи: Ана Папризова, Ленче Спасовска и Мартина Трајковска) (МОН, БРО).
2020 г. – Учество на on-line работилници за подобрување на комуникацијата и менталното здравје во услови на пандемија од Ковид-19 (предавач д-р Стојан Бајрактаров и д-р .
2020 г. - Учество на обука за спроведување на Писа тестирање ( предавач проф. Оливера Тодороска).
2021 г. – Обука за користење на дигитални алатки во рамки на програмата Клуб за наствници (LEAD).
2021 г. – Обука за пишување на проектни апликации во рамки на програмата Клуб за наствници (LEAD).
2021 г. – Присуство на јавна трибина на тема „Менталното здравје и важноста од истото“ (говорници: д-р Мирјана Јовановска Стојановска, д-р Мирослав Пендаровски и д-р Тина Васков).
2021 г. – Учество на обука на далечина на тема „Спречување и борба против трговија со деца„ (МОН и БРО).

2021 г. - Учество на обука на тема „Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“ – спроведена од CES academy, (МОН и БРО).
2022 г. – Обука на тема „Заштита на децата од сексуална злоупотреба“, Кавдарци, спроведена од Civica mobilitas (СППМД).
2023 г.- Присуство на завршен настан на LEAD, на тема „Од линерно до циркуларно“,во Скопје.
2023 г. - Обуката за ментално здравје и психосоцијална поддршка за добросостојбата на децата и младите во образованието, (БРО).
2023 г. - Работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза, регионална координативна средба за стручни соработници, (БРО), во Струмица.
2023 г. – Обука на тема „Справување со доживеана траума“ , Скопје, (СППМД).
2024 г. – Обука на тема „Унапредување на менталното здравје на адолесцентите“, Велес, (БРО).
2025 г. – Обука на тема „Психолошка прва помош за деца во ситуации на страв, стрес и анксиозност: Стратегии за стручни лица“, он-лине обука спроведена од Здружение „Ас-Анима – Психовелнес и Советувалиште“ – Гостивар (предавач проф. д-р Слаѓана Анѓелкоска).
2025 г. – Обука на тема „Менталното здравје кај децата во градинка и училиште: кога и како да се побара стручна помош“, он-лине обука спроведена од Здружение „Ас-Анима – Психовелнес и Советувалиште“ – Гостивар (предавач проф. д-р Слаѓана Анѓелкоска).

## Извештај од работата на психологот во учебната 2024/2025 година

*Во учебната 2024/2025 година психологот од СОЗШУ „Ѓорче Петров" - Кавадарци работеше по следниве подрачја:*

**1. Работа со ученици**

- Советодавно- консултативна работа со ученици;
- работа со ученици со посебни образовни потреби;
- работа со талентирани ученици;
- работа со ученици со потешкотии во напредувањето;
- следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонаставните активности;
- работа на професионална ориентација на ученици, кариерно советување;
- поддршка на учениците во учењето;
- работа со учениците за подобрување на меѓуетничка интеграција во образованието.

- Индивидуална советодавна работа со ученици со одредени проблеми во училиштето и надвор од него.
- Групна советодавна работа со ученици во паралелки каде има проблеми или заради превенција за одредени проблеми.
- Идентификување на ученици со посебни образовни потреби и ученици со социо-емоционални потешкотии, слаба мотивација и со други проблеми во однесувањето.
- Идентификување на ученици кои се соочуваат со врсничко насилство и изготвување на досје за секој ученик.

- Индивидуална работа со ученици со социо-емоционални потешкотии, ученици од ранливи групи (ученици со проблеми во однесувањето, со ниска самодоверба, со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат).
- Советодавно-консултативна работа со ученици од ромска националност и ученици кои се под надзор од ЦСР.
- Согледување и помош при адаптацијата на учениците од прва година во новата училишна средина.
- Идентификување на надарени и талентирани ученици и советодавна работа со нив за постигнување на повисоки резултати.
- Откривање на ученици кои заостануваат со успехот, пронаоѓање на причините за слабиот успех и индивидуална советодавна работа со нив.
- Советодавна работа со ученици кои имаат намален успех, нередовно ја посетуваат наставата и покажуваат несоодветно однесување.
- Помош на учениците при аплицирање на конкурси за стипендии од МОН.
- Подготовка на ученици за натпревар МАССУМ во категорија Интервју за работа (државен натпревар за средни стручни училишта).
- Подготовка на ученици за натпревар по прва помош (општински и регионален). Учество со ученици во *општинскиот и регионалниот натпревар на средни училишта за прва помош*.
- Реализирање на едукативни работилници за фактори за успешно учење, *од успех кон неуспех - од неуспех кон успех,* реализирање на ОЖВ работилници од темата личен развој, *одговорности и привилегии*, ОЖВ работилници од темата подготовка за осамостојување, за *самостојно пишување на сопствена кратка биографија (CV),* работилница на тема *разрешување на конфликти и превенција од насилно однесување во училиштето*, работилница за *подобрување на интерперсонални релации*, со јакнење на соработката и меѓусебното поддржување како и значењето и моќта на пријателските и емоционалните врски., *пријателски и емоционални врски,* работилница на тема *,,Болести на зависност“*, работилница на тема *„Разрешување на проблеми“* наменета за развивање на критичкото мислење кај децата, работилница на тема *„Емпатија и сочувствување“*, наменета за грижа на менталното здравје и добросостојбата на учениците.
- Реализирање на едукативни работилници од програмата за унапредување на ментално здравје на учениците („Самодоверба“, „Справување со стрес“, „Справување со лутина“, „Справување со тешки искуства“, „Разрешување проблеми“, „Развивање на свесноста за сопствените емоции“, „Справување со емоции“ и др.
- Реализирање на едукативни работилници за подобрување на безбедноста и добросотојбата на учениците и превенција од насилно однесување во училиштето.
- Подготовка и реализирање на предавања со учество на ученици на различни теми: Презентација со активно учество на членови од ученичката заедница за *поттикнување на ученичката заедница во училиштето активно да се вклучи во средношколските организации* и на тој начин учениците активно да учествуваат во донесување на одлуки во училиштата, Презентација за одбележување на *светскиот ден за борба против шеќерната болест,* во соработка со д-р П.Пењушков, Презентација со активно учество на ученици на тема *Пороците на денешницата,* Спроведување на активности за *зелена транзиција* (од линеарно до циркуларно), поврзани со заштита на животната средина, Презентации за спречување на *врсничкото насилство* во училиштето, поткаст на истата тема со ученици од новинарскиот клуб, Презентација „16 дена активизам против родово базирано насилство“.

- Организирање на *хуманитарни акции* за парични средства, облека и обувки за лица од ранливи категории и др.
- Поддршка и работа со учениците со ПОП за време на наставата со што се подобрува инклузивната клима во училницата.
- Следење на успехот и редовноста на учениците во наставните и вонnаставните активности.
- Работа на професионална ориентација на учениците.
- Информирање за поставеноста на стручното образование од земјоделско-ветеринарната струка, шумарско-дрвопреработувачката и здравствена струка и запознавање со наставните планови и програми од прва до четврта година.
- Информирање за концептот за државна матура, завршен испит, предметите за полагање и изборот на проектна матурска задача.
- Информирање за акредитираните високо-образовни институции во Р.Македонија.
- Информирање за проодноста на факултетите и професионално ориентирање на учениците, кој особини и вештини треба да ги поседува ученикот при изборот на определена професија.
- Организирање на презентации на програмите на факултетите во Р. Македонија.
- Грижа за здравствената заштита на учениците, соработка со Здравствен дом.
- Грижа за превоз на учениците кои користат превоз.
- Грижа за учениците сместени во ученички дом.
- Присуство и учество на состаноци на ученичката заедница (претседатели и потпретседатели на паралелки).

**2 .Соработка со наставници**

- Педагошко-инструктивна и советодавна работа и поддршка на наставниците за работа со ученици;
- поддршка на на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата.

- Соработка во реализацијата и остварувањето на целите на програмата за образование за животни вештини;
- соработка со класните раководители во врска со советување на родители и ученици;
- посета и набљудување на наставни часови, давање на сугестии од психолошко-педагошки карактер за поквалитетна настава;
- изготвување на распоред за реализирање на додата и дополнителна настава;
- учество во тимот за инклузија и соработка со наставниците и училишниот дефектолог при реализација и остварување на програмите за инклузија во редовната настава на учениците со посебни потреби;
- учество во работата со стручните активи;
- учество во работата на советите на паралеката;
- учество во работата на Наставничкиот совет на училиштето;
- учество во превземените активности за развој и зголемување на еколошката свест на учениците и вработените;
- соработка и помош во адаптацијата и работата на нововработените наставници во училиштето;

- советодавно-консултативна работа со наставници во врска со потешкотии на ученици во текот на цела учебна година;
- соработка и помош на раководителите на паралелки за прибирање на податоците потребни за Совети на паралелка како и за редовните групни пријавувања за советување на родители;
- активно учество, како член, во активностите на тимот за инклузија во наставата на деца со ПОП;
- учество и соработка со наставниците во реализирањето на вонннаставни активности на учениците и тековните проекти во училиштето, натпревари, конкурси: учество во подготовки за патронен празник на училиштето, учество во активностите за одбележување на празникот Св.„Трифун” , уредување на паноа во холот на училиштето како дел од вонннаставни активности на учениците, учество во спроведување на ЕКО акции со ученици и наставници од Еко одборот во училиштето и др.;
- учество во заеднички активности со наставниците и учениците за реализирање на есенски ден, како и учество во реализирање на екскурзии на учениците, активности од тековни проекти во училиштето;
- соработка со наставниците при презентација на училиштето за упис на ученици во прва година;
- спроведени активности во соработка со раководителите на паралелка од подрачјето за грижа на здравјето на учениците;
- давање насоки и помош на наставниците за подобрување и грижа за менталното здравје на учениците, а посебно во ситуации на кризен настан или после неговото случување.

**3. Работа со родители**

- Педагошко-инструктивна и советодавна работа (индивидуални и групни советувања и консултации со родителите);
- едукација на родителите;
- вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

Групно Советување на родителите. Родителот, односно старателот беше упатен на советување доколку:
- ученикот во текот на наставната година имаше негативна оценка по три или повеќе предмети;
- за кратко време му опадна успехот (едно тромесечие);
- ученикот имаше повеќе од десет неоправдани изостаноци или 100 оправдани изостаноци;
- ученикот се однесуваше несоодветно во училиштето, односно:
  - ученикот беше недисциплиниран;
  - ученикот го навреди наставникот;
  - ученикот учествуваше во тепачки или други форми на насилство;
  - ученикот покажуваше асоцијално или антисоцијално однесување;
  - ученикот се однесуваше неморално или неетички .

Во зависност од потребата беа обавени и индивидуални педагошко-инструктивни советувања со родителите на ученици, со одредени проблеми, со посебни образовни потреби, со потешкотии во напредувањето, со родители на надарени и талентирани ученици, со родители чии деца, наши ученици се под надзор од ЦСР и др.

- Реализирање на предавања за едукација на родители на тема: *Промени во однесувањето на младите, адолесценцијата како еден од развојните периоди на личноста* и *Негување и грижа на менталното здравје.*

**4. Соработка со заедница**

- Соработка со локалната заедница;
- соработка со стручни институции и органи.

- Соработка со стручни лица од воспитно-образовни организации, советници од БРО и ЦСОО, инспектори од ДПИ;
- соработка со стручни соработници од други училишта, доставување податоци за запишаните ученици во I-ва година во нашето училиште;
- соработка со локалната самоуправа како дел од проекти, пр.: „Зајакнување преку менторство“ (женската менторска мрежа Стела), „Стоп за менструална сиромаштија“ и сл.;
- соработка со Центарот за социјална работа за потребите на учениците;
- доставување податоци и информации на ученици од училиштето кои се под надзор на ЦСР (изостанувања од настава и однесувањето на ученикот);
- соработка со инспектори од МВР за малолетничка деликвенција и превенција;
- спроведена акција во соработка со Црвен крст, Мал групен дом за деца во ризик и Центар за социјални работи за собирање на облека и обувки;
- активности за помош на ученици од социјално-ранливи категории за потребите на ученикот и обезбедување на средства и облека;
- соработка со мал групен дом во Кавадарци, хуманитарни акции (подароци за децата за новогодишните празници);
- соработка со ученичкиот дом "Крсте Петков Мисирков" во Кавадарци;
- соработка со библиотека „Феткин“;
- учество во спроведување и реализирање на предавања и акции во соработка со локална и други институции, како на пример: учество во Проекти на Црвен Крст, крводарителски акции, хуманитарни акции и сл.;
- реализирана заедничка активност со инспектори од МВР;
- подготовка на ученичкиот тим за натпревар по прва помош, подготвителни едукативни и практични часови, во соработка со Црвен крст;
- соработка со Управа за јавни приходи-ДО Кавадарци која вклучува обука за учениците од завршните години наречена ,,Фискална едукација на младите,,.
- Соработка со Младински културен центар и невладината организација Креактив. Спроведување работилници од областа на кариерно советување, работилници за животни вештини, предавање за предности и недостатоци на паметните технологии и др.

**5. Професионален развој и соработка**

- Личен професионален развој;
- поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето;
- учество на семинари и советувања за стручно усовршување во организација на БРО, МОН и други институции;
- учество во проекти.

- Обука на тема „Психолошка прва помош за деца во ситуации на страв, стрес и анксиозност: Стратегии за стручни лица“, он-лине обука спроведена од Здружение „Ас-Анима – Психовелнес и Советувалиште“ – Гостивар (предавач проф. д-р Слаѓана Анѓелкоска).

- Обука на тема „Менталното здравје кај децата во градинка и училиште: кога и како да се побара стручна помош“, он-лине обука спроведена од Здружение „Ас-Анима – Психовелнес и Советувалиште“ – Гостивар (предавач проф. д-р Слаѓана Анѓелкоска).

- **Изготвување на стручни матријали**

- Комуникација во наставата.
- Болести на зависност: пушење, алкохолизам, наркоманија.
- Превенција од насилно однесување.
- Разрешување на конфликти.
- Евиденција за воден разговор со родител.
- Подобрување и грижа за менталното здравје на учениците.

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

- Идентификување на специфичните проблеми во училиштето (изостанување од часови, слаб успех).
- Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на секое тромесечие.
- Истражување „ Причини за изостанување на учениците од редовната настава “.
- Анализа и прибирање на податоци за ученици од Основните училишта кои завршуваат деветто одделение во учебната 2024/2025 година.

**7. Училишна структура, организација и клима**

- **Планирање и програмирање**

- Планирање и подготовка на работата на стручен соработник;
- учество во подготовката на годишната програма на училиштето и извештај за работата на училиштето.

- Учество во организирањето на воспитно-образовната работа.
- Изготвување на годишен оперативен план и програма за сопствена работа.
- Изготвување на план за одржување на советувања на родители и ученици.
- Учество во презентација на училиштето за упис на ученици во прва година и учество во упис на ученици.
- За сопствената работа психологот на училиштето водеше соодветна евиденција и документација и тоа:
- месечен оперативен план за работа на психологот;
- планирање на месечен план за советување на родители и ученици.

- **Педагошка евиденција и документација**

- Водење на евиденција за сопствена работа;
- увид и контрола на дневниците на паралелките, главна книга на учениците и свидетелствата;

- педагошко-инструктивна работа со наставниците во врска со водењето на педагошка евиденција;
- изготвување на записници за советување на родителите;
- изготвување на извештаи во врска со советувањето на родители и ученици;
- изготвување на наод и мислење за ученици со ПОП во консултации со стручните соработници, дефектологот и педагогот во училиштето.
- изготвување на извештаи до ДПИ, ЦСР, МВР и други институции за некои ученици кои во текот на оваа учебна година беа упатени до горенаведените институции;
- изготвување извештаи за потребите на БРО и ЦСОО.
- изготвување на извештај и доставување на податоци за деца со ПОП за потребите на ДПИ;
- изготвување на извештај за МОН за етничка припадност на учениците и нивниот број;
- изготвување на извештај за МОН во врска со спроведената програма за грижа и унапредување на менталното здравје на учениците.









***Фотографии од реализирани работилници, презентации, проекти, воннаставни активности, семинари, обуки во учебната 2024/2025 година***








***Фотографии од реализирани работилници, презентации, проекти, вонnаставни активности, семинари, обуки во учебната 2024/2025 година***









***Фотографии од реализирани работилници, презентации, проекти, воннаставни активности, семинари, обуки во учебната 2024/2025 година***

**Училишен психолог,**
**Валентина Мукаетов**

# ПРИЛОГ

# 2.6.3.

**Извештај за работата на дефектологот**

| | |
|---|---|
|  | **СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - ДЕФЕКТОЛОГ** |
| **Име и презиме** | Антонија Делева Рамова |
| **Образование** | Универзитет Св.„Кирил и Методиј" – Скопје , Филозофски факултет, Институт за дефектологија. |
| **Звање, година на дипломирање** | Дипломиран дефектолог, 2006<br>М-р по дефектолошки науки, 2014<br>насока /интелектуална попреченост и аутизам |
| **Старост** | 1982 година, 43 години |
| **Работен стаж** | 12 години |
| **Националност** | Македонка |
| **Познавање на компјутери** | Microsoft Office ( Word, Excel, PowerPoint), дигитални алатки и апликации |
| **Познавање на странски јазик** | Англиски јазик, ниво 2 |

**Компетенции, активности, обуки, сертификати:**

| | |
|---|---|
| 2025 | ✓ Учество на обука/работилница: Зајакнување на инклузивните тимови во основното и средното образование, реализирана во организација на Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ и Општина Кавадарци. Обучувач/експерт за инклузивно образование: Лорета Андреевска, специјален едукатор и рехабилитатор. Место и време на реализација: Кавадарци, 25 и 26 јуни, 2025 година |
| 2024 | ✓ Учество на обука за наставници и стручни соработници на тема - „Инклузивни наставни методи“ во период од 18-23.11.2024 година, Копаоник, Р. Србија. Обуката е реализирана во рамки на проект „Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на капацитетите на учениците во стручното образование и обука, а во организација на Здружение на средни стручни училишта Тера Фитон Анимал – Македонија и Здружение на средни училишта со подрачје на работа: земјоделство, производство и преработка на храна – Србија.<br>✓ Учество на обука за стручни соработници: „Унапредување на менталното здравје на адолесцентите“. Обуката ја спроведе БРО, во рамки на заедничката програма со УНИЦЕФ и партнерство со СЗО. Период и место на спроведување на обука, 22/25. 04.2024, Велес.<br>✓ Учество на обука за спречување на предвремено напуштање на образованието и охрабрување за комплетирање на задолжителното образование. Обуката е организирана и спроведена од страна на ИПА проектот на Министерството за образование и наука „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста, и релевантноста на ВЕТ и образованието на возрасните“. Период и место на спроведување на обуката – 27.05.2024 година, Скопје. |
| 2023 | ✓ Учество на обука за унапредување на менталното здравје на децата и младите. Обуката ја спроведе Биро за развој на образованието врз основа на наменски изготвена програма за психосоцијална помош и поддршка во унапредување на добросостојбата и менталносто здравје на децата и младите во образовните, |

| | |
|---|---|
| | здравствените и згрижувачките институции и средини. Период на спроведување на обуката, 27.12.2022 – 31.01.2023 година. |
| 2022 | ✓ Учество на меѓународна научно – стручна конференција на тема :„Образование на лицата со попреченост – актуелни состојби и перспективи“. Организатор на конференција, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори, Скопје 13 – 15 октомври, 2022 година. |
| 2022 | ✓ Обука на тема: „Заштита на децата од сексуална злоупотреба“. СППМД, мај 2022, Кавадарци |
| 2021 | ✓ Обука на тема: „Спречување и борба против трговија со деца“. Биро за развој на образованието во соработка со Советот на Европа во Скопје;<br>✓ Обука на тема:„Современи концепти на средното образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“. Биро за развој на образованието во соработка со академија CES;<br>✓ Вебинар на тема:„Дисхармоничен развој кај децата и основи на психомоторна реедукација“. Здружение за дислексија – Ајнштајн;<br>✓ Обука за пишување на проектни апликации во рамки на програмата Клуб за наставници. LEAD;<br>✓ Обука за користење на дигитални алатки во рамки на програмата Клуб за наставници. LEAD;<br>✓ Семинар на тема: „Практични методи и техники за дислексија по Британски модел – основно, средно и високо образование“. Здружение за дислексија – Ајнштајн;<br>✓ Семинар на тема: „Дискалкулија: од лабораторија до училница“. Здружение за дислексија – Ајнштајн,<br>✓ Семинар на тема: „Дислексијата во училницата – стратегии и алатки“. Здружение за дислексија – Ајнштајн. |
| 2020 | ✓ Семинар на тема: „Сензомоторен развој и интеграција на рефлекси“. Здружение за дислексија – Ајнштајн;<br>✓ Вебинар на тема: „Работата на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија“. Биро за развој на образованието.<br>✓ Семинар на тема: „АДХД “. Здружение за дислексија – Ајнштајн<br>✓ Семинар на тема: „Дисграфија и диспраксија“. Здружение за дислексија – Ајнштајн.<br>✓ Вебинар на тема: „Подготовка на училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес според Планот и протоколот за одржување на настава“. Биро за развој на образованието.<br>✓ Онлајн курс на тема: Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење. Биро за развој на образованието, Кавадарци.<br>✓ Обука на тема: „Унапредување на воспитно – образовната работа во училиштето со посебен акцент на воспитната функција“. Проф. Д –р Розалина Попова Коскарова, Педагошки факултет – Скопје. |
| 2019 | ✓ Семинар на тема: „Превенирање на насилното однесување во основните и средните училишта“. Институтот за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје;<br>✓ Семинар на тема: „Интерактивни модели за развивање на педагошките компетенции |

| | |
|---|---|
| | на наставниците“. Институтот за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје |
| 2018 | ✓ Обука на тема: „Методи, техники и алатки за работа со ученици со посебни образовни потреби“. Здружението „Отворете ги прозорците“, Скопје.<br>✓ Учество на завршна конференција на којашто беше презентиран извештајот од истражувањето за Застапеноста на дислексијата помеѓу средношколците во Р. Македонија, реализирано од страна на Здружението за дислексија „Ајнштајн“ со поддршка на USAID. |
| 2017 | ✓ Семинар на тема: „Дислексија – пристап, форми и методи“. Здружение за дислексија Ајнштајн – Скопје;<br>✓ Обука: Професионални компетенции кај директорите, стручните соработници и наставниците во училиштата и изготвување на личен план за професионален развој. Друштвото за консалтинг и услуги Коучинг – Н, Битола.<br>✓ Конференција на тема: „Специфичности на социјално – сексуалниот развој и функционирање на лицата со аутистичен спектар на нарушување“.Сојуз на дефектолози на Р. Македонија, Скопје;<br>✓ Семинар на тема: „Пристап до генерација Z и генерација ALPHA“ . Здружението за дислексија „Ајнштајн“ и Здружението за умствен развој на деца Brain Genius, Скопје;<br>✓ Конференција на тема:„АДХД – Дефицит на вниманието, хиперактивност и импулсивност“. Здружението „Во мојот свет“, Скопје;<br>✓ Семинар на тема: „Инклузивни стртатегии за учениците со аутистичен спектар на нарушување“. Здружението за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар на нарушување „Сина светулка“, Скопје;<br>✓ Семинар на тема: „Развој на комуникативните и социјалните вештини кај децата со АСН со вербални и невербални способности “. Здружението за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар на нарушување „Сина светулка“, Скопје; |
| 2016 | ✓ Обука на тема: „Инклузивно образование – професионални компетенции и работни задачи на дефектологот - стручен соработник. “. Сојуз на дефектолози на РМ и Филозофски факултет, Скопје; |
| 2015 | ✓ Обука на тема: „Практични пристапи со деца со аутизам и АДХД “.Сојуз на дефектолози на РМ и Основното и средно училиште „ 9 мај“ – Зрењанин, Скопје; |

# СОЗШУ„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ - КАВАДАРЦИ

# ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА ОД СТРАНА НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК/ДЕФЕКТОЛОГ

**Директор:**
**Ратка Росомански**

**Изготвил:**
**Антонија Делева Рамова**
*стручен соработник/ дефектолог*

Активностите кои се реализираа во учебната 2024/2025 година се во согласност со Годишната програма за работа на стручниот соработник/дефектолог и произлегуваа од следните програмски подрачја:

## I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

**Активностите произлегуваат од следните потподрачја:**

- **Поддршка на учениците со посебни образовни потреби во учењето;**
- **Следење и поддршка на развојот на учениците**

| период | Активност | Цел на активноста | Докази |
|---|---|---|---|
| август | Подготовка на документи за идентификација на посебните образовни потреби на учениците и давање на соодветна поддршка | Собирање на податоци за развојот и потребите на учениците во насока на обезбедување на соодветна поддршка | Формулар за собирање на податоци;<br>Формулар/иницијална проценка;<br>Листи за проценка на развојот<br>Формулар/ ИОП |
| септември. | Испитување на подготвеноста на учениците со ПОП за вклучување во средното образование: проценка на јазичните, математичките и сознајните способности. | Утврдување на специфичните образовни потреби и обезбедување на соодветна поддршка | Листи за проценка на развојот,<br>Изработки од учениците; |
| септември | Идентификација и евидентирање на учениците со посебни образовни потреби во регистарот на ученици со ПОП кој се води во училиштето | Уредно водење на педагошка евиденција | Регистар на ученици со ПОП:<br>Ученици со попреченост<br>Ученици со тешкотии во учење,<br>Ученици со хронични болести |
| септември | Проценка на функционалните можности и способности на учениците со ПОП (проценка на психомоторен развој) | Обезбедување на соодветна поддршка/ прилагодување на ВОП во склад со можностите и потенцијалите на ученикот | Тестови на проценка;<br>Стручно мислење |
| Септември/октомври | Изготвување и водење на досие за секој ученик со ПОП | Уредно водење на педагошка евиденција и документација | Досие на ученик |
| Септември/октомври | Давање на помош и поддршка на ученикот со ПОП за подобра адаптација во училишната средина и подобра комуникација со наставниот кадар и соучениците | Успешна адаптација во новата средина како предуслов за напредок во истата | Евиденција од разговори со ученикот<br>Извештај за адаптација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Септември/октомври | Изработка на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП согласно идентификуваните подрачја за развој | Примена на соодветни приоди на инклузија усогласени со потребите на учениците и давање на соодветна поддршка | Долгорочен ИОП<br>(Личен профил на ученикот; Стратегии на прилагодување и мерки поддршка);<br>Програма за индивудуална работа со учениците |
| Учебна година | Приспособување на наставните содржини согласно потребите на учениците | Обезбедување на пристап до наставните содржини преку примена на индивидуализација и диференцијација | Адаптирани материјали за работа |
| Учебна година | Давање на непосредна помош и поддршка на ученикот со ПОП во совладувањето на целите дефинирани во ИОП, по пат на индивидуален пристап | Примена на соодветни пристапи во работата со учениците усогласени со нивните потреби/<br>Постигнување на максимален развој на нивните потеницијали | Евиденција за индивидуална работа;<br>Адаптирани материјали, презентации,<br>Специфични наставни средства;<br>Изработки од ученици |
| Учебна година | Примена на дефектолошка поддршка и специфичен пристап кај учениците со ПОП:<br>- Вежби за дислексија, дискалкулија, дисграфија;<br>- Вежби за општа психомоторна реедукација;<br>- Примена на специфични методи и специјални програми за работа кај ученици со АСН | Поддршка во надминување на тешкотиите предизвикани од овие состојби / Постигнување на максимален развој на нивните потеницијали | Евиденција на индивидуална работа со учениците;<br>Изработени специфични дидактички средства и материјали |
| Учебна година | Прибирање на податоци за причини за неуспех кај ученици преку опсервација и испитување на нивните способности | Поддршка во надминување на тешкотиите предизвикани од овие состојби / Постигнување на максимален развој на нивните потенцијали | Евиденција од разговори со ученици;<br>Тестови за проценка |
| Учебна година | Интервенирање при несоодветно однесување за време на настава (индивидуално советување на ученикот) | Приспособување на пристапот во индивидуалната работа на ситуацијата и видот на проблемот | Евиденција од советодавно – консултативна работа со ученици, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учебна година | Индивидуално советување и поддршка на учениците со ПОП за полесно надминување на проблемите и потешкотиите на кои наидуваат во текот на воспитно –образовниот процес | Излегување во пресрет на потребите на ученикот / градење кај учениците високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето | Евиденција од советодавно консултативни разговори; |
| Учебна год. | Следење на успехот и редовноста на учениците со ПОП | Проценка на ефектите од ИОП следење на напредокот на учениците | Лист за евиденција на успехот и редовноста |
| Учебна година | Реализирање на дел од воннаставните активности за учениците со ПОП со обезбедување на соодветна поддршка | Обезбедување на поддршка согласно ситуацијата и потребите на учениците со ПОП | Извештаи на стручни активи |
| Учебна година | Реализација на работилници за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем согласно насоките на БРО (Програмата за психосоцијална помош и поддршка во унапредување на менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките средини и Модулот за унапредување на МЗ на младите во образовниот систем).<br><br>**Во текот на првото полугодие се реализираа работилници за унапредување на ментално здравје на адолесценти:**<br>- Справување со лутина<br>- Справување со емоции<br><br>**Во текот на второто полугодие се реализираа работилници кои се однесуваат на превенција на насилно однесување:**<br>- Како да не се изгубат пријателите<br>- Кој и зошто ни врши притисок<br>- Врснички групи | Цели на активностите за унапредување на менталното здравје на учениците:<br>- Развивање на емоционална писменост;<br>- Јакнење на самодовеба и самопочитта;<br>- Развивање на вештини за справување со стрес;<br>- Подобрување на социјалните и комуникациски способности;<br>- Намалување на стигмата поврзана со менталното здравје,<br>- Поттикнување на здрав начин на живот;<br>- Препознавање на различни форми на насилство;<br>- Развивање емпатија и почитување на различности;<br>- Јакнење на вештини за ненасилна комуникација и | Евиденција на присутни ученици<br>План за работилница<br>Продукти од работилница – изработки од учениците<br>Извештај од реализирани работилници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Црна овца<br>- Булинг<br>- Сексуално вознемирување | решавање на конфликти<br>- Градење на безбедна и поддржувачка средина;<br>- Јакнење на лична одговорност и граѓанска свест. | |

**РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ**

**Активностите произлегуваат од следните потподрачја:**

- **Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуација;**
- **Поддршка на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби**

| период | Активност | Цел на активноста | Докази |
|---|---|---|---|
| септември | Запознавање на наставниците со бројната состојба на учениците со ПОП во учебната 2024/25 година, како и со видовите на поддршка што треба да се обезбедат за истите. | Навремено добивање на податоци во насока на сооодветно планирање на наставата | Писмено известување/документ; |
| септември | Информирање на наставниците за можноста од добивање на стручна поддршка во процесот на индивидуално планирање на наставната програма за учениците со ПОП преку индивидуални консултации | Давање на поддршка во изготвување на ИОП | Писмено известување |
| Септември/октомври | Запознавање на наставниците со видот и специфичностите на тешкотиите идентификувани кај одреден ученик<br>Запознавање на наставниците со индивидуалните карактеристики на учениците со ПОП, нивните реални можности и способности, во насока на прилагодување на ВОП на нивните потреби:<br>- Увид на наставникот во личниот профил на ученикот (моментално ниво на знаења и постигнувања во различни области на развојот) | Поттикнување кај наставниците реални очекувања за развојот и постигањата на учениците | Долгорочен ИОП (личен профил, стратегии за прилагодување и поддршка);<br>Стручно мислење на ученикот,<br>Усно информирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Упатување на наставникот за примена на соодветни инклузивни приоди за учениците со ПОП;<br>Давање на конкретни насоки за прилагодување и поддршка на ученикот со ПОП | | |
| октомври | Запознавање на наставниците со индивидуалните карактеристики и можности на новозапишаните ученици со ПОП и стратегиите за поддршка што треба да се обезбедат за истите | Поддршка на наставниците во работата со учениците со ПОП (поттикнување на реални очекувања за развојот и напредокот на учениците) | Долгорочен ИОП:<br>Личен профил на ученик<br>Стратегии на прилагодување;<br>Усни и писмени разговори |
| Септември/октомври | Кооординирање во изработката на индивидуални тематски планирања на наставните предмети за потребите на учениците со ПОП | Давање на поддршка во изготвување на ИОП | Процедура за изработка и следење на ИОП;<br>Формулар за индивидуално тематско планирање;<br>Препорака за изработка на ИОП;<br>Евиденција на изработени среднорочни ИОП за учениците со ПОП во учебната 2024/2025 година |
| Септември/октомври | Давање на насоки на наставниците за соодветно планирање и прилагодување на наставната програма согласно можностите и потребите на учениците со ПОП и користење на принципите на индивидуализација и диференцијација:<br>- насоки за неопходни модификации и адаптации на наставата со учениците со ПОП;<br>- стручна помош и поддршка при идентификација и конкретизација на целите кои се дефинирани во ИОП;<br>- стручна помош и поддршка при изборот на соодветни форми, методи и средства за работа со учениците со ПОП. | Стручна поддршка на наставниците за соодветно планирање, модифицирање на наставата и работа со учениците со ПОП, согласно нивните потреби | Насоки за работа со ученици со ПОП (пишани материјали):<br>- Стратегии на прилагодување во работата со ученици со ПОП;<br>- Постапки на прилагодување во работата во учениците со ПОП;<br>- Дидактичко – методички |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | <br><br>Давање на насоки на наставниците за планирање на практичната настава со учениците со ПОП согласно нивните способности и мануелни вештини | | постапки во работата со учениците со ПОП.<br>- Насоки за индивидуално планирање на практичната настава (печатени и електонски материјали) |
| Прво полугоди е | Увид во квалитетот на планирање на наставниците (ИОП) и давање на насоки за нивно подобрување | Давање на стручна поддршка во планирање на наставата согласно потребите на учениците | Евиденција од изработени ИОП |
| Прво полугоди е | Давање на стручна помош поддршка на наставниците за полесно идентификување на учениците со ПОП и стратегии за работа со ученици со различна попреченост | Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање и работа со ученици со различна попреченост | (Насоки во електронска и печатена форма)<br>Стратегии на прилагодување – содржани во ИОП за конктетниот ученик;<br>Насоки за работа со ученици:<br>- Насоки за работа со ученици со успорен когнитивен развој;<br>- Насоки за идентификација на ученици со тешкотии во учење – дислексија;<br>- Насоки за работа со ученици со дислексија;<br>- Општи препораки во работата со учениците со ПОП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Прво полугодие | Следење на наставата и работата со учениците со ПОП и давање на повратна информација на наставикот за различните аспекти кои се набљудувани (посета на час) | Проценка на степенот на инклузираност на учениците со ПОП во наставниот процес | Соопштение за посета на час;<br>Обрасци за следење на наставен час;<br>Корегирани подготовки<br>Извештај од следење на наставни часови во прво полугодие во учебната 2024/2025 |
| Прво полугодие | Давање на насоки за начинот на оценување на учениците со посебни образовни потреби | Подобрување на процесот на настава и учење на учениците со ПОП преку оценување прилагодено на нивните способности и потреби | Изработен документ во писмена форма,<br>Консултации,<br>Прилагодени тестови, изработки од ученици |
| Учебна година | Помагање на наставниците да ги согледаат причините за несоодветното однесување на учениците и предлагање на стратегии за нивно надминување | Поддршка на наставникот во справување и надминување на проблемите со однесувањето на ученикот | Усни консултации |
| Учебна година | Набљудување на однесувањето на ученикот со ПОП за време на настава и одмор и давање на повратна информација на наставникот за подобрување на социо – емоционалната клима во училница | Давање на стручна поддршка за обезбедување позитивна социоемоционална клима во училница | Усни консултации |

## II. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

**Активностите произлегуваат од следните потподрачја:**

- **Индивидуални и групни советувањеа и консултации со родителите;**
- **Едукација на родителите;**
- **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето**

| период | Активност | Цел на активноста | Докази |
|---|---|---|---|
| септември | Запознавање на родителите со услугите што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците со ПОП | Добивање на податоци за инклузивната политика и практика на ниво на училиште | Евиденција од разговори, |
| октомвр. | Запознавање на родителите со процесот на Индивидуално образовно планирање на наставата за учениците со ПОП, улогата што ја имаат тие, како и придобивките од истото | Помагање на родителите да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја даваат потребната поддршка | Евиденција од разговори; Согласност за изработка и следење на настава по ИОП |
| октомв. | Вклучување на родителот како активен член во изработката на ИОП:<br>- Земање во предвид на нивните потреби, барања и сугестии;<br>- Увид на родителот во изработениот ИОП и добивање на согласност за негова реализација | Промовирање на доверба и разбирање за градење на партнерки однос со семејствата во ВОП со учениците со ПОП | Согласност од родител за реализирање на ИОП |
| октомври | Информирање на родителите за можностите за консултација за различни прашања во врска со процесот на учење на ученикот и потребата од соодветна стручна поддршка | Излегување во пресртет на потребите на родителите и учениците и градење на однос на доверба. | Телефонски контакт |
| Учебна година | Редовно информирање на родителите за успехот и напредокот на нивното дете | Промовирање на доверба и разбирање за градење на патнерки однос со семејствата во ВОП со учениците со ПОП | Евидентни листови за успех и поведение, Телфонски контакти, Увид во изработки |
| Учебна година | Советување и давање на стручна помош и поддршка за успешно справување со проблемите и потешкотиите на кои наидува нивното дете. | Излегување во пресртет на потребите на родителите и учениците и градење на однос на доверба | Евиденција од разговори |

## III. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

**Активностите произлегуваат од следните потподрачја:**

- **Соработка со локалната заедница;**
- **Соработка со стручни институции и организации**

| период | Активност | Цел на активноста | Докази |
|---|---|---|---|
| учебна година | Соработка со стручни институции и организации (БРО, МОН, ДПИ, органи на локална самоуправа) за прашања поврзани со учениците со ПОП | Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции.<br>Обезбедување на навремени и точни информации за потребите на институциите | Електонска пошта;<br>Табели за ученици со ПОП;<br>чек листи; |
| Ноември | Соработка со стручни институции – ДПИ, активно учество во активностите за спроведување на интегралната евалуација на училиштето, 2024 година | Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции. | Извештај од спроведена интегрална евалуција на училиштето |
| учебна година | Редовна соработка со дефектолозите од локалните основни училишта:<br>- Добивање на основни податоци за учениците со ПОП запишани во прва година;<br>- Активности за презентирање на училиштето како поддршка на професионалната ориентација на деветтоодделенците со ПОП; | Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции;<br>Придонес во професионалната ориентација на деветтоодделенците со ПОП;<br>Транвер на информации за ученици кои се вклучуваат со средното образование. | Телефонски контакти;<br>Евиденција од остварени средби |
| декември | Соработка со локални институции и други ентитети на полето на промоција на инклузијата во локалната заедница.<br>Вид на соработка:<br>- Воспоставување на мрежа на соработка и | Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции и други локални ентитети;<br>Воспоставување на механизам на | Потпишани меморандуми на соработка со следните локални институции и ентитети:<br>- Општина Кавадарци, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | развивање на партнерства со повеќе локални ентитети преку потпишување на меморандуми на соработка;<br>- Целта на оваа активност е да се делува заеднички на полето на инклузијата во рамките на локалната заедница, а во насока на надминување на бариерите и обезбедување на предуслови за квалитетно инклузивно образование за сите маргинализирани групи.<br>- Овие активности се дел од проектот „Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на капацитетите на учениците во стручното образование и обука, а во организација на Здружение на средни стручни училишта Тера Фитон Анимал – Македонија и Здружение на средни училишта со подрачје на работа: земјоделство, производство и преработка на храна – Србија.<br>- Активноста ја реализираа Антонија Д. Рамова - стручен соработник/дефектолог, Ефремчо Николов – наставник по стручни предмети од земјоделски сектор. | заедничка соработка;<br>Идентификување и предлагање на подрачја за заедничка соработка со локалната заедница и локалните институции на полето на инклузијата. | - ООУ „Тошо Велков Пепето“,<br>- ООУ „Димката Ангелов Габерот – Ваташа;<br>- ООУ „Страшо Пинџур“ – Кавадарци,<br>- ООУ „Гоце Делчев“ – Кавадарци,<br>- ЈОУ Библиотека Феткин, Здружение за слепи лица - Кавадарци,<br>- Сојуз за спорт и рекреација спорт на инвалиди - Кавадарци; НВО Еко живот – Кавадарци,<br>- Земјоделска аптека – Агротомил. |
| Февруари | Инклузивна работилница<br>- По повод „Св. Трифун“ – празникот на лозарите и винарите на 11.02.2025 година во просториите на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ - Кавадарци се реализира инклузивна работилница под мотото „Св. Трифун За СИТЕ!“<br>- Работилницата беше организирана од страна на стручен соработник/дефектолог, Антонија Делева Рамова, во соработка со наставници од сектор | Промовирање соработка меѓу сите чинители во локалната заедница на полето на инклузијата;<br>Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции и други локални ентитети;<br>Идентификување и предлагање на подрачја за заедничка соработка со | - Извештај од реализирана работилница;<br>- Фотографии од активноста;<br>- Изработки од активноста |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | земјоделство, шумарство и ветеринарство. Истата беше од едукативен, креативен и социјален карактер.<br>- Во реализацијта на активноста учествуваа претставници и ученици од локални институции и здруженија на лица со попреченост, и тоа:<br>✓ ООУ„Гоце Делчев“ – Кавадарци,<br>✓ ООУ„Страшо Пинџур “ – Кавадарци<br>✓ ООУ „Димката Ангелов Габерот - Ваташа “ – Кавадарци<br>✓ Здружение за спорт и рекреација на инвалиди – Кавадарци<br>✓ Здружение за слепи – Визија, Кавадарци,<br>✓ Здружение за поддршка на лица со интелектуална попреченост Порака, Кавадарци.<br>- Главна цел на оваа активност е преку заедничко вложување и соработка да се залагаме за промоција на инклузијата на локално ниво, да влијаеме на јакнење на локалната инклузивна култура, да создаваме еднакви можности за сите, односно да дадеме свој придонес во создавање на инклузивно – поддржувачко општество. | здруженија и институции во заедницата (со фокус на инклузија),<br>Планирање на активности за развој на инклузивна култура и практика во училиштето и локалната заедница | |
| Фотографии од активноста: | | | |








## IV. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Активностите произлегуваат од следните потподрачја:**

- **Личен професионален развој**
- **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето**

| период | Активност | Цел на активноста | Докази |
|---|---|---|---|
| Учебна година | Проучување на соодветна стручна литература;<br>Следење на новите трендови во третманот и воспитно – образовниот процес на учениците со ПОП | Користење на стекнатите знаења преку стручно усовршување за унапредување на сопствената практика | книги, прирачници, релевантни веб извори |
| Учебна година | Примена во практика на новите сознанија од струката | Унапредување на практичната работа и постигнување на подобри резултати | Изработени стручни материјали;<br>Примена на специфични методи во работата со учениците со специфични тешкотии во учење;<br>Изработени специфични нагледни средства за потребите на учениците со ПОП (адаптирани презентации, слики, дидактички материјал) |
| Учебна година | Учество на обуки, семинари и вебинари | Унапредување на сопствената практика преку континуирано стручно усовршување | Сертификати за учество<br>Извештај од следење на обука |
| Ноември | Учество на обука за наставници и стручни соработници на тема - „**Инклузивни наставни методи**“ во период од 18-23.11.2024 година, Копаоник, Р. Србија. Обуката е реализирана во рамки на проекот „Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на капацитетите на учениците во стручното образование и обука, а во организација на Здружение на средни стручни училишта Тера Фитон Анимал – Македонија и Здружение на средни училишта со подрачје на работа: земјоделство, производство и преработка на храна – Србија. Во обуката учествуваа четириесет наставници од стручни земјоделски училишта, дваесет наставници од Македонија и дваесет наставници од Србија (учесници од СОЗШУ„Ѓорче Петров“ – Кавадарци, Ефремчо Николов - наставник по стручни предмети од сектор земјоделство, шумарство и ветеринарство и Антонија Делева Рамова – стручен соработник/дефектолог. За потребите на проектот се реализирани низа активности во училиштето и локалната заедница во насока на унапредување на инклузијата на локално ниво. | | |
| Фотографии од активноста: | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
|  | |  |  |
| Декември | Дисеминација на стекнати знаења и вештини од посетена обука на тема: **„Инклузивни наставни методи“**<br>- Време на реализација: 17.12.2024<br>- Место: конференциска сала СОЗШУ„Ѓорче Петров“ – Кавадарци<br>- Учесници: 28 наставнци од СОЗШУ„Ѓорче Петров“ – Кавадарци | Придонес во професионалниот развој на воспитно образовниот кадар во училиштето, | - Извештај од реализирана активност<br>- Листа на присуство;<br>- фотографии |
| | На ден 17.12.2024 година во просториите на училиштето СОЗШУ„Ѓорче Петров“ – Кавадарци се реализира Дисеминација од посетена обука за инклузивни наставни методи, којашто се спроведе во Копаоник од 18-22. 11. 2024 година, како дел од проектот „Различни патеки во одржливо земјоделство: зајакнување на капацитетите на учениците во стручното образование и обука. Дисеминацијата се спроведена обука од страна на стручен соработник, Антонија Делева Рамова и наставник по стручни предмети од земјоделски сектор, Ефремчо Николов.<br>На дисеминацијата акцент се стави на следните точки:<br>- Запознавање на наставниците со целите на проектот и активностите кои произлегоа од иститот (воспоставување | | |

| | |
|---|---|
| | на мрежа на соработка со ентитети од локална заедница преку потпишување на меморандуми за соработка);<br>- Запознавање со законската регулатива во Р. Србија и Р.С Македонија од аспект на инклузија, со посебен акцент на новиот предлог Закон за средно образование;<br>- Истакнување на важноста на индексот на инклузија и неговата примена при самоевалуација на инклузивна култура, политика и практика.<br>- Инклузивно образование и изработка на индивидуален образовен план (според македонски модел претставен во Концепција за инклузивно образование, 2020 год. |

Фотографии од активноста:





| | | | |
|---|---|---|---|
| Учебна година | Учество во реализирање на дел од програмата за воведување на наставник – приправник во работата:<br>- Поддршка на наставникот во стекнување на компетенции од подрачјето Социјална и образовна инклузија и Учење и поучување (познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби). | Придонес во професионалниот развој на воспитно образовниот кадар во училиштето,<br><br>Промовирање на професинални и колегијални односи и соработка со колегите | Стручни материјали,<br>Насоки и препораки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учебна година | Реализирање на активности за интерно стручно усовршување на наставниците (Унапредување на компетенциите и вештините на наставниците од подрачјето за социјална и образовна инклузија) | Придонес во унапредување на професионалниот развој на воспитно образовниот кадар во училиштето | Презентации;<br>Изработени стручни материјали:<br>Насоки за работа со ученици со ПОП согласно потребите на наставниците и во склад со сознанија од истражувања.<br>(материјалите се доставени до наставниците во електонска форма) |
| Јуни | Учество на обука/работилница: **Зајакнување на инклузивните тимови во основното и средното образование,** реализирана во организација на Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ и Општина Кавадарци. Обучувач/експерт за инклузивно образование: Лорета Андреевска, специјален едукатор и рехабилитатор.<br>Време на реализација: 25 и 26 јуни, 2025 година.<br>Место: Ресторан Сино, Кавадарци | Унапредување на сопствената практика преку континуирано стручно усовршување | Покана за обука<br>Агенда<br>Извештај од посетена обука |

## V. АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Активностите произлегуваат од следните потподрачја:**

- **Анализа и проценка на воспитно - образовната работа**
- **Истражување на воспитно – образовната работа**

| период | Активност | Цел на активноста | Докази |
|---|---|---|---|
| август | Изготување на инструменти за прибирање на податоци за учениците со ПОП | Воспотавување на систем на редовни анализи на одделни воспитно – образовни прашања во училиштето | Евидентни листи формулари |
| август | Изготвување на дијагностички инструменти за проценка на функционалните можностити и способности на учениците со | Воспоставување на систем на собирање на информации за состојбата и потребите на учениците со ПОП | Тестови на проценка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ПОП | | |
| Прво полугод. | Мерење на функционалните можности и способности на учениците со примена на посебни дијагностички инструменти и пишување на стручно мислење за развојот на ученикот | Прилагодување на пристапот на можностите и потребите на учениците | Тестови на проценка<br>Стручно мислење |
| Учебна година | Анализата на податоците за успехот, редовноста и поведението на учениците со ПОП на крајот на секое тромесечие | Залагање резултатите од анализите да се користат за унапредување на ВОП на учениците со ПОП | Евиденција за успех и редовност на учениците со ПОП |
| Второ полугодие | Спроведување на педагошко истражување за утврдување на причините за нередовност на настава од страна на учениците на почетокот од второто полугодие од учебната 2024/25 година.<br>Истражувањето е планирано и реализирано од страна на стручните соработници.<br>Цел на истражувањето:<br>- да се идентификуваат причините за изразеното изостанување од настава од страна на учениците и се предложат соодветни мерки за подобрување на редовноста на настава и поведението на учениците.<br>Целни групи: ученици и родители;<br>Методолодија:<br>- За собирање на податоци од страна на учениците се примени техника на анкетирање – анонимен прашалник,<br>- За собирање на податоци од страна на родители се примени техника на | Залагање унапредувањето на воспитно образовната работа да се базира на истражувања и факти;<br>Залагање резултатите од анализите да се користат за унапредување на воспитно образовната работа | Записници од одржани родителски средби,<br>Резултати од анкетен прашалник наменет за ученци;<br>Извештај од спроведена анализа на добиените наоди и резултати од истражувањето.<br>Заклучоци и препораки од спроведена анализа за нередовност на настава. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | неструктуирано интервју – разговор и дискусија за време на родителски средби. | | |
| Второ полугодие | Споделување на добиените наоди и резултати од спроведеното истражување за утврдување на причините за нередовност на настава од страна на учениците во учебната 2024/25 година, со наставници и раководен орган.<br>Давање на препораки и мерки за намалување на нередносвноста на настава | | Извештај од спроведено истражување – анализа на наоди и резултати;<br>Заклучоци и препораки од спроведена анализа за нередовност на настава.<br>Евиденција на присуство на наставници на наставнички совет |
| јуни | Изработка на годишен извештај за сопствената работа за учебната 2024/2025 | Поврзување, обработување и анализирање на различните податоци од ВОР и извлекување на заклучоци | Годишни извештаи |
| јини | Изработка на годишен извештај на активности на инклузивниот тим во училиштето за учебната 2024/2025; | | |
| јуни | Учество во изработката на годишниот извештај на активности на училиштето за учебната 2024/2025 година | | |

## VI. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

**Активностите произлегуваат од следните потподрачја:**

- **Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно – образовната работа, педагошка евиденција и документација и евалуација);**
- **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество**

| период | Активност | Цел на активноста | Докази |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| август | Учество во подготвување на годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/25 година:<br>- Планирање и програмирање на работата на стручниот соработник – дефектолог | Придонес во успешно планирање на воспитно - образовната работа во училиштето | - Изработена годишна програма на стручен соработник - дефектолог |
| учебна година | Соработка со стручните органи и тела во училиштето:<br>- Учество во работата на совет на паралелка;<br>- Учество во работата на наставнички совет.<br>- Учество во работата на стручните активи | Следење на резултатите од воспитно - образовниот процес во училиштето/предлагање на мерки за унапредување | - Евиденција од учество на состаноци,<br>- Записници од состаноци |
| учебна година | Учество во работата на Училишниот инклузивниот тим во училиштето:<br>- Изработка за програма за инклузија на ученици со ПОП за учебната 2024-2025 година;<br>- Соработка и континуирана консултативна работа со членовите на УИТ за сите прашања поврзани со инклузивната политика и практика на ниво на училиштето;<br>- Изработка на Индивидуални образовни планови за учениците со ПОП;<br>- Организирање на состаноци на УИТ. | Придонес во градење на инлузивна политика и практика на ниво на училиште | - Одлука за формирање на УИТ;<br>- Програма за инклузија на ученици со ПОП;<br>- Програма за работа со ученици со ПОП;<br>- Записници од состаноци на Училишен инклузивен тим;<br>- Извештај за работата на УИТ во учебната 2024/25 година;<br>- Индивидуални планови за ученици со ПОП.<br>- Мислења, насоки, препораки за работа со ученици со ПОП |
| учебна година | - Водење на педагошка евиденција и документација за учениците со ПОП;<br>- Следење на начинот на водење на педагошка евиденација и документација за учениците со ПОП и давање на насоки за подобрување | Уредно водење на педагошка евиденција и документација/ обезбедување на систематичност во работата | Педагошка евиденција и стручна документација за ученици со ПОП:<br>- Досие за секој ученик со ПОП;<br>- Индивидуални образовни планови за учениците со ПОП;<br>- Стручно мислење за учениците со ПОП<br>- Евиденција на индивидуалната |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | работа со учениците со ПОП;<br>- Евиденција од советодавна – консулатативна работа со ученици, родители и наставници,<br>- Евиденција од изработени среднорочни планирања на наставната програма за ученици со ПОП |
| ноември | Учество во спроведување на активностите како дел од подготвителната фаза за интегрална евалуација на училиштето во учебната 2024 - 2025 година :<br>- подготовка на училишната документација и евиденција за потребите на интегралната евалуација. | - Промовирање на систематичност и одговорност во работењето на училиштето;<br>- Придонес во евалуација и вреднување на работата на училиштето | - Прашалници<br>- Табели<br>- документи |
| Јануари | Изготвување на интерни акти - Кодекси на однесување во училиштето (ученици, наставници, родители) согласно препораките од последната интегрална евалуација на училиштето | - Промовирање на систематичност и одговорност во работењето на училиштето; | - Документи - кодекси |
| Април | Учество во активности за Следење на наставни часови од различни аспекти согласно Процедурата за следење на наставни часови. Активностите опфаќаат:<br>- Следење и вреднување на работата на наставникот од страна на стручните соработници и директорот;<br>- Идентификација на јаки страни на наставникот и области за понатамошен развој. | - Интерна евалуација и вреднување на квалитетот на настава во училиштето;<br>- Унапредување на квалитетот на настава во училиштето | - Пополнети чек листи;<br>- Подготовки за час<br>- Извештај од следење на наставни часови во учебната 2024-2025 година,<br>- Препораки за унапредување на квалитетот на настава во училиштето. |
| учебна | Учество во работата на Училишната комисија | - Уредно водење на педагошка | - Решение по донесена одлука од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| година | за интерна контрола за уредно водење на педагошката евиденција и документација (дневник на паралелка, главна книга, свидетелства)<br>– член на комисија | евиденција и документација | Директор;<br>- Записници од извршен увид и контрола |
| Учебна година | Индивидуално советување на учениците за прифаќање на нивните соученици со ПОП | - Помагање на ученичката заедница за полесно прифаќање на ученикот со ПОП;<br>- Создавање на клима за прифаќање и недискриминација | - Евиденција од реалзирани советодавни – консултативни разговори |
| октомври | Активност за подобрување на инклузивната клима во училиштето:<br>**Работилници на тема „Инклузија на ученици со ПОП во редовниот образовен систем“.**<br><br>Време на реализација: 03/04. 10. 2024 година<br><br>Место на реализација: училница, СОЗШУ„Ѓорче Петров“ - Кавадарци<br><br>Учесници: ученици од прва година од сите струки, вкупно 60 ученици поделени во четири групи.<br><br>Активноста ја планира и реализира стручен соработник/дефектолог. | Цели на активноста:<br>- Создавање клима за прифаќање и недискриминација;<br>- Промовирање на вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување;<br>- Поттикнување на соработка помеѓу сите чинители во училиштето за создавање на безбедна училишна инклузивна клима, | - Евиденција на присутни ученици<br>- Презентација;<br>- Работни листови<br>- Фотографии од активноста<br>- Извештај од реализирана активност. |

Конкретни цели цели на работилницата:

- Подигање на свеста и разбирањето на учениците за значењето на поимот инклузија и инклузивно образование;
- Сензибилизирање на учениците за можностите и потребите на учениците со ПОП;

- Поттикнување и развивање на вештина на ставање во позиција на друг (емпатија);
- Осознавање на сличностите помеѓу учениците и поддржување на различностите;
- Осмислување на сопствени предлози за подобрување на инклузивната клима во училиштето и спречување на дискриминација.

Фотографии од активноста:








| | | | |
|---|---|---|---|
| октомври | Активност за подобрување на инклузивна клима во училиштето:<br>**Одбележување** на **месец октомври - интернационален месец за подигнување на свесноста за ДИСЛЕКСИЈАТА и тешкотиите во учењето**.<br>Вид на активности:<br>- Едукативно предавање наменето за ученици на тема „ Дислексија - причини, знаци, тешкотии и потреби“.<br>- Изработка на информативно – едукативен | Цели на активноста:<br>- Создавање на клима за прифаќање и еднаквост;<br>- Помагање на ученичките заедници да ги прифатат учениците со попреченост;<br>- Промовирање на вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување<br>- Поттикнување на соработка | - Евиденција на присутни ученици<br>- Презентација;<br>- Изработен едукативен постер и флаер,<br>- Извештај од реализирана активност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | материјал на тема дислексија (постер и флаер).<br>- Гледање на видеа во кои е претставена животната приказна на лица кои се соочуваат со дислексија (тешкотии, предизвици, дарби).<br><br>Време на реализација: 31.10. 2024 година<br>01.11.2024 година<br><br>Место на реализација: училница , СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци<br><br>Учесници: ученици од прва година од сите струки и профили, вкупно 63 ученици, поделени во три групи.<br><br>Активноста ја планира и реализира стручен соработник/дефектолог. | помеѓу сите чинители во училиштето за создавање на безбедна училишна инклузивна клима,<br>- Превенирање на случаи на дискриминација и нерамноправност | |

Конкретни цели на активноста:

- Подигнување на свеста кај учениците за постоењето на дислексијата како состојба која предизвикува тешкотии во учењето;
- Запознавање со начинот на манифестирање на истата, со одбрамбените механизми како начин на прикривање на дислексијата во насока на нејзино препознавање (кај себе или кај другите);
- Добивање на реална слика за тешкотиите со кои се соочуваат, но и за способностите кои ги поседуваат учениците со дислексија;
- Поттикнување на позитивни ставови, разбирање, толеранција и емпатија кон различните потреби на овие ученици;
- Укажување на важноста од навремето препознавање и соодветниот пристап врз успехот и напредокот на ученикот.

Фотографии од активноста:

















| | | | |
|---|---|---|---|
| декември | Активност за подобрување на инклузивната клима во училиштето:<br>**Одбележување на „3–ти Декември“ – Меѓународниот ден на лицата со попреченост,**<br>- По тој повод во училиштето се | Цели на активноста:<br>- Промовирање вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толенција и ненасилно однесување;<br>- Поттикнување соработка | - Фотографии од активноста<br>- Извештај од реализирана активност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реализира активност насочена кон подигнување на свесноста за различностите и инклузијата.<br>- Главното мото на активноста беше: „Прифаќањето започнува со разбирање!“<br>- Ова случување се реализира во училишниот хол. За потребите на истото беше изработена соодветна поставка, како и многу пораки на тема - инклузија, почитување на различности, еднаквост, прифаќање и слично, пораки со мотивирачка и поттикувачка содржина. Во активноста активно учествуваа голем број на ученици и наставници.<br><br>Време на реализација: 03.12.2023 година.<br><br>Место на реализација: училишен хол, СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци<br><br>Учесници: ученици и наставници<br><br>Активноста ја организира стручен соработник/дефектолог. | меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедна средина и позитивна клима;<br>- Создавање клима за прифаќање и недискриминација;<br>- Развивање на хуманост, солидарност и меѓуврсничка соработка;<br>- Поттикнување на одговорност и ангажман кај учениците, меѓусебна соработка и креативност. | |

Конкретни цели на активноста насочени кон унапредување на целокупниот развој на сите ученици и тоа во следните сегменти:

- развивање на повисока свесност кај учениците и наставници за важноста од почитувањето и прифаќањето на различностите;
- развивање на емпатија и разбирање за потребите на другите;
- развивање на позитивни морални вредности и чувство на одговорност кај секој од нас за давање на свој придонес во создавање на предуслови за успешна инклузија на учениците со попреченост;

- промовирање на инклузијатата како средство за личен и општествен развој.

Фотографии од активноста:
















| | | | |
|---|---|---|---|
| март | **Активности за одбележување на 21 Март, Меѓународен ден на лицата со Даунов синдром.** | Цели на активноста :<br>• Придонес во инклузивната клима во училиштето; | - Евиденција на присутни ученици<br>- Презентација<br>- Флаер |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Вид на реализирани активности:<br>- Едукативно предавање на тема „Даунов синдром“.<br>- Изработка на информативно – едукативен материјал (флаер) на тема Даунов синдром;<br>- Реалирано интервју од страна на новинарски клуб на ученици од училиштето со лице со Даунов синдром и стручно лице дефектолог.<br><br>Време на реализација: 21.03.2023<br><br>Место на реализација: конференциска сала, СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци<br><br>Учесници: вкупно 63 ученици од различни години и профили.<br><br>Активноста ја организира стручен соработник/дефектолог во соработка со ученици. | • Промовирање на вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување;<br>• Превенирање на дикриминација и нерамноправност во училиштето;<br>• Поттикнување на соработка помеѓу сите чинители во училиштето за создавање на безбедна средина и позитивна клима. | - Фотографии од активноста<br>- Извештај од реализирана активност<br>- Видео од реализирано интервју |

Конкретни цели на активностите:

- Да се едуцираат учениците за генетската состојба - Дауновиот синдром, причини за настанување и карактеристики во развојот.
- Да се едуцираат учениците за можностите и потребите на овие лица - образовни, социјални и работни способности.
- Поттикнување на поголема свесност кај учениците и нивно сензибилизирање на потребите и можностите на учениците со ДС .
- Поттикнување на позитивни ставови, разбирање, толеранција и емпатија кон различните потреби на ученците.
- Да се промовираат стратегии за поддршка и вклучување на лицата со ДС во заедницата.

Фотографии од активноста:















| | | | |
|---|---|---|---|
| Април | **Активности за одбележување на 2–ри Април, Светски ден на лицата со аутизам.** | Цели на активноста:<br>• Придонес во инклузивната | - Евиденција на присутни ученици;<br>- Презентација<br>- Фотографии од активноста |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Реализирана работилница на тема „АУТИЗАМ – улогата на врсниците во поддршката на учениците со аутизам“.<br><br><u>Време на реализација:</u> 28.03. 2025 година<br><br><u>Место на реализација</u>: конференциска сала , СОЗШУ„Ѓорче Петров “ – Кавадарци,<br><br><u>Учесници:</u> вкупно 40 од прва година | клима во училиштето – создавање на клима на прифаќање и недискриминација;<br>• Промовирање на вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување;<br>• Превенирање на дикриминација и нерамноправност во училиштето;<br>• Поттикнување на соработка помеѓу сите чинители во училиштето за создавање на безбедна средина и позитивна клима. | |
| Конкретни цели на активноста;<br>• Да се едуцираат учениците за аутизмот како развојно нарушување и знаците со кои се манифестира во различните домени,<br>• Да се развие способност кај учениците за воочување и разбирање на предизвиците со кои се соочуваат учениците со аутизам,<br>• Да се развие способност кај учениците за согледување на поврзаноста меѓу нивното предизвикувачко однесување и карактеритиките на нивниот развој;<br>• Да се поттикнат позитивни ставови, разбирање, толеранција и емпатија кон различните потреби на лицата со аутизам,<br>• Да стекнат за знаења за видови стратегии за врсничка поддршка на учениците со аутизам | | | |
| | | | |

Фотографии од активноста:










Изработил,
стручен соработник/дефектолог
Антонија делева Рамова

Јуни, 2025 година

Прилог

# 6

## 6. Извештаи од проекти

6.1 ИЗВЕШАЈ

од активности од програма Erasmus + 2024-1-MK01-KA121-VET-000207777 – СОЗШУ ,,Ѓорче Петров” Кавадарци

Оранжериско одгледување на цвеќиња и лековите ароматични растенија
Обука во Барселос, Португалија од 01-14.11.2024



Во периодот 01.11.2024 – 14.11.2024 година во организација на Erasmus + КА1  20 ученици и 5 професори од СОЗШУ ,,Ѓорче Петров” Кавадарци, кои беа придружувани од директорот и заменик директорот во функција на мониторинг на проектот и реализираа обука за Оранжериско одгледување на цвеќиња и лековите ароматични растенија во Барселос, Португалија. Учесниците во проектот беа сместени во преубавото туристичко гратче Повоа де Варзим.

Целта на оваа обука беше учениците да се стекнат со знаења и вештини за одгледување и производство на оранжериски цвеќиња и лековити ароматични растенија.

Активностите од оваа обука се реализираа во четири различни компании – локации, бидејќи учениците беа поделени во четири различни групи.

На првиот ден организаторот на проектот т.е Mobility Friends не’ запозна со агендата на проектот и реализирање на истиот.

Истиот ден учесниците во проектот ги посетија компаниите и се запознаа со одговорните лица, како и со претстојните активности.



Првата група ги изведуваше следните активности: кастрење, кроење, плевење, полевање и оформување (топијарење) на декоративни, лековити и зачински растенија.







Втората и третата група реализираа активности во компании кои се занимаваат со производство, сортирање, пакување и продажба на цветно – декоративно цвеќе и лисно – декоративно цвеќе.





Erasmus+

| | |
|---|---|
|  |  |
|  |  |

Четвртата група ги подготвуваа леите во оранжериите за нова сеидба (чистење од плевел).





Во рамките на проектот исто така се изведоа и неколку прошетки: посета на замокот, палатата и стариот дел на Гимарајеш. Покрај овој град учесниците имаа можност да го посетат Порто каде што крстареа по реката Дуру, ја посетија познатата винарија Круз и дегустираа некои од нивните вина.

Низ прошетките успеавме да поминеме преку најпознатиот мост и тука учениците направија прекрасни фотографии. Овде се посетија бројни културно-историски знаменитости.

Прошетките не завршија овде. Учесниците го посетија и градот Брага и националниот парк Бем – Виндо.



# 6.2 ИЗВЕШТАЈ ОД АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ERASMUS+

**„SPIRIT OF MY REGION“**

**Период на реализација: 06 – 11 април 2025 година**

**Место на реализација:Врњачка бања (Р.Србија).**

---

1. Вовед и Цели на проектот

Интернационалниот проект „Spirit of My Region“, реализиран во рамките на Програмата Еразмус+, се одржа во периодот од 06 до 11 април 2025 година. Главна цел на проектот беше размена на искуства и знаења во клучни области за одржливо земјоделство и производство на пијалоци. Овие области вклучуваа:

- Традиционално и современо производство на дестилати
- Органско лозарство
- Употреба на еколошки стандарди во производството на пијалоци

---

2. Учесници на проектот

На проектот „Spirit of My Region“ учествуваа претставници од неколку европски земји, што овозможи богата интеркултурна размена и споделување на експертиза. Учесници беа:

- **СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци, Република Северна Македонија:**
    - Директор: Ратка Росомански
    - Заменик Директор: Горан Зимоски
    - Наставник: Оливера Гркова
    - Ученици: Мила Захарчева (II-3, Образовен профил: Агротехничар) и Кристина Танчева (II-4, Образовен профил: Техничар за Фитомедицина)
- Средно училиште „Св. Трифун“, Александровац, Србија
- Училиште од Модра, Словачка
- Учесници од Evdoxia Estate, Јанина, Република Грција

Присуството на ученици и наставници од различни образовни профили и земји придонесе за сеопфатен пристап кон темите на проектот.



*Учесници на обуката за време на презентациите.*

3. Програма на активности и реализација

*Ден 1: 07.04.2025 – Презентации и Обуки*

Проектот започна со воведен дел од координаторот Гордана Пецељ, која ги претстави целите, значењето на проектот и деталната програма на активностите.



*Дел од публиката на презентациите и предавачите*

- **Стручни предавања:**
  - Никола Малиќанин говореше за најзначајните сорти на сливи за производство на сливова ракија и технолошкиот процес на производство на овошни дестилати.
  - Саша Рашковиќ презентираше техники за органско и одржливо лозарство, со цел подобрување на уникатноста на вкусот. Тој, исто така, ги претстави еколошки прифатливите методи на производство и важноста на стандардизацијата за безбедност и квалитет според ЕУ нормите. Беше говорено и за употребата на социјалните мрежи за промоција на дестилериите.



*Предавачите Гордана Пецељ, Никола Малиќанин и Саша Рашковиќ за време на обуката.*

*Ден 2: 08.04.2025 – Посета на традиционална дестилерија*

Вториот ден, учесниците ја посетија дестилеријата Алексиќ Први во село Губеревац, општина Книќ. Таму имаа можност да се запознаат со традиционалните методи за производство на ракија и да ја разберат важноста на зачувувањето на локалното културно наследство.




*Заедничка фотографија на учесниците пред дестилеријата Алексиќ Први.*




*Приказ на традиционални дестилати од дестилеријата Алексиќ Први.*



*Ден 3: 09.04.2025 – Модерна дестилација*

Третиот ден беше посветен на модерните технологии во производството, со посета на дестилеријата Емперус во Крагуевац. Оваа дестилерија е една од најнаградуваните во Југоисточна Европа во изминатите неколку години. Присутните се запознаа со современите технологии, системите за квалитет и дизајнот на производи за интернационален пазар.




*Надворешен изглед на дестилеријата Емперус во Крагуевац.*



*Модерна опрема за дестилација во Емперус.*



*Буриња за стареење на дестилати во дестилеријата Емперус.*

*Висококвалитетни производи од дестилеријата Емперус.*





*Детали од буре со логото на Емперус*

*Ден 4: 10.04.2025 – Завршни активности*

Последниот ден од активностите вклучуваше посета на компанијата Рубин во Крушевац.






*Производ од компанијата Рубин.*

Потоа, учесниците го обиколија Средното училиште „Свети Трифун“ во Александровац, вклучувајќи го винскиот музеј и винаријата на училиштето.

Завршните моменти од проектот опфатија споредување на едукативните пристапи и практичната обука во лозарството и енологијата, евалуација на обуката и свечено доделување на сертификати на сите учесници.

*Доделување сертификати на учесниците.*









4. Заклучок и постигнати резултати

Проектот „Spirit of My Region“ успешно ги исполни своите цели за размена на искуства и знаења во областа на производство на дестилати, органско лозарство и примена на еколошки стандарди. Учесниците имаа единствена можност да се запознаат како со традиционалните, така и со најсовремените пристапи во индустријата, посетувајќи реномирани дестилерии и образовни институции.

Оваа размена придонесе за продлабочување на разбирањето за важноста на одржливото земјоделство и иновациите во производството на пијалоци. Искуствата стекнати за време на проектот, како и остварените контакти меѓу учесниците од различни земји, се од непроценлива вредност за идниот професионален и едукативен развој. Проектот ја нагласи и важноста на стандардизацијата според ЕУ нормите и ефективната промоција преку современи канали како социјалните мрежи.

Оливера Гркова

## 6.3. ИЗВЕШТАЈ

од активности од проект реализиран со Гимназија ,,Curt Nikolin”, Шведска
и СОЗШУ ,,Ѓорче Петров” Кавадарци

Долгогодишната соработка на нашето училиште „СОЗШУ Ѓорче Петров“ Кавадарци со Гимназија „Curt Nikolin”, Шведска беше реализирана и во текот на 2024 година. Во периодот од 4.10 до 14.10. Во проектот учествуваа 9 ученици и 2 наставници. Ученици кои беа во посета на Шведска:

- Дамјан Кускински
- Михаил Рунтевски
- Анѓелчо Нојков
- Никола Петров
- Благој Ристов
- Антонио Веселинов
- Пепица Стоилкова
- Сања Серафимова
- Тамара Костова

Наставници кои беа присутни при посетата на Гимназијата „Curt Nikolin”, Шведска: Ѓоко Тодоров и Горан Сакалиев.




Заедно со учениците и професорите од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци учесници беа и 11 ученици и 2 професори од СОУ Гимназијата „Добри Даскалов“ - Кавадарци, 10 ученици и 2 професори од СОУ „Ќиро Спанџов -Брко“- Кавадарци и 10 ученици и 2 професори од Медицинското училиште „Др. Панче Караѓозов“ од Скопје.

Во изминатата 2024/25год Стручниот актив по спорт и спортски активности е задоволен од учеството и постигнатите резултати на учениците од СОЗШУ  Ѓорче Петров - Кавадарци.

Со подобрување на севкупните услови за работа,стручниот актив по спорт и спортски активности се стреми за уште поголема активност и позавидни резултати.

Презиме и име на наставникот: **Велковски Горан**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| I$^{1}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 74 | 100 | 17 | | | | | | 5,0 |
| I$^{2}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 73 | 100 | 1 | 5 | | | | | 4,16 |
| I$^{3}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 69 | 95,8 | | 5 | | | | | 4,0 |
| I$^{4}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 63 | 87,5 | 18 | 3 | | | | | 4,85 |
| I$^{5}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 71 | 98,6 | 1 | 4 | | | | | 4,2 |
| I$^{6}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 69 | 95,8 | 30 | | | | | | 5,0 |
| II$^{5}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 72 | 100 | | 6 | | | | | 4,0 |
| III$^{1}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 68 | 94,4 | 2 | 9 | | | | | 4,18 |
| III$^{2}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 71 | 98,6 | | 6 | | | | | 4,0 |
| III$^{3}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 73 | 100 | 3 | 6 | | | | | 4,33 |
| III$^{4}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 73 | 100 | 13 | 4 | | | | | 4,52 |

Презиме и име на наставникот: **Попов Горан**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| | | | | | | | | | | | |
| II$^{1}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 74 | 100% | 8 | 6 | 1 | 1 | / | / | 4.31 |
| II$^{2}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 71 | 98.6% | 3 | 1 | / | 2 | / | / | 3.83 |
| II$^{3}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 70 | 97.2% | 2 | 3 | 5 | / | / | / | 3.7 |
| II$^{4}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 72 | 100% | 12 | 3 | / | / | / | / | 4.8 |
| II$^{6}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 75 | 100% | 35 | / | / | / | / | / | 5.0 |
| III$^{5}$ | Спорт и сп.акт | 66 | 63 | 95.4% | 2 | 3 | / | / | / | / | 4.4 |
| III$^{6}$ | Спорт и сп.акт | 72 | 72 | 100% | 34 | / | / | / | / | / | 5.0 |
| IV$^{1}$ | Спорт и | 66 | 65 | 98.5% | 9 | 8 | 1 | / | / | / | 4.44 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сп.акт | | | | | | | | | | |
| IV2 | Спорт и сп.акт | 66 | 68 | 100% | / | / | / | 1 | / | / | 2.0 |
| IV3 | Спорт и сп.акт | 66 | 63 | 95.4% | 3 | / | 7 | / | / | / | 3.6 |
| IV4 | Спорт и сп.акт | 66 | 63 | 95.4% | 11 | 2 | 1 | / | / | / | 4.71 |
| IV5 | Спорт и сп.акт | 66 | 68 | 100% | 34 | / | / | / | / | / | 5.0 |

Презиме и име на наставникот: **Цеков Дарко**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| II-7 | Тренинг-Кошарка | 684 | 678 | 99.12 | 20 | / | / | / | / | / | 5.00 |
| II-7 | Психомоторика | 72 | 72 | 100% | 20 | / | / | / | / | / | 5.00 |
| II-7 | Теоретски основи на кошарка | 36 | 36 | 100% | 14 | 6 | / | / | / | / | 4.70 |

Презиме и име на наставникот: **Марјан Ѓуров**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| III-7 | Тренинг - Кошарка | 684 | 678 | 99.12 | 9 | | | | | | 5.00 |
| III-7 | Теоретски основи на кошарка | 36 | 36 | 100% | 9 | | | | | | 5.00 |
| III-7 | Атлетика | 72 | 72 | 100% | 9 | | | | | | 5.00 |

ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНА 2024/25 ГОДИНА

Здравствена струка- Фармацевтски техничар

Наставник: **Пењушков Перо**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| I-6 | Анатомија со физиологија | 180 | 189 | 105 % | 13 | 8 | 9 | | | | 4.13 |
| II-6 | Микробиологија со епидемиологија | 72 | 74 | 102.77 % | 23 | 5 | 6 | 1 | | | 4.43 |

Презиме и име на наставникот: **Еленова Јасминка**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| II$^6$ | Аптекарско работење | 72 | 70 | 97.2% | 32 | 2 | 1 | / | / | / | 4.89 |
| II$^6$ | Фармацевтска технологија | 144 | 143 | 99.3% | 30 | 5 | / | / | / | / | 4.86 |
| II$^6$ | Учење преку работа кај работодавач | 144 | 140 | 97,2 | 17 | / | / | / | / | / | 5,0 |
| III$^6$ | Фармацевтска технологија | 144 | 143 | 99.3% | 32 | 2 | / | / | / | / | 4,94 |
| IV$^5$ | Фармацевтска технологија | 132 | 128 | 97% | 34 | / | / | / | / | / | 5,0 |
| IV$^5$ | Фармакологија | 66 | 66 | 100% | 34 | / | / | / | / | / | 5,0 |
| IV$^5$ | Учење преку работа кај работодавач | 132 | 124 | 93.9% | 17 | / | / | / | / | / | 5,0 |

Презиме и име на наставникот: **Ѓорчев Блаже**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| IV-5 | Учење преку работа кај работодавач | 144 | 128 | 88.88 | 17 | / | / | / | / | / | 5.00 |
| III-6 | Учење преку работа кај работодавач | 288 | 272 | 94.44 | 17 | / | / | / | / | / | 5.00 |
| II-6 | Фармакогнозија | 72 | 75 | 104.1 | 35 | / | / | / | / | / | 5.00 |
| III-6 | Фармакогнозија | 144 | 146 | 101.3 | 34 | / | / | / | / | / | 5.00 |
| IV-5 | Фармакогнозија | 132 | 127 | 96.21 | 26 | 8 | / | / | / | / | 4.76 |
| IV-5 | Храна и исхрана | 66 | 67 | 101.5 | 34 | / | / | / | / | / | 5.00 |

Презиме и име на наставникот: **Андов Ивана**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| I-6 | Систем на здравствена и социјална заштита | 36 | 36 | 100 | 20 | 8 | 2 | / | / | / | 4,6 |
| II-6 | Учење преку работа кај работодавач | 144 | 140 | 97,22 | 17 | / | / | / | / | / | 5,00 |
| III-6 | Фармацевтска хемија | 144 | 151 | 104 | 31 | 3 | / | / | / | / | 4,91 |
| III-6 | Медицинска биохемија | 144 | 138 | 95,83 | 32 | 2 | / | / | / | / | 4,94 |
| III-6 | Учење преку работа кај работодавач | 288 | 272 | 94,44 | 17 | / | / | / | / | / | 5,00 |
| III-6 | Козметологија | 72 | 75 | 104 | 11 | / | / | / | / | / | 5,00 |
| IV-5 | Фармацевска хемија | 132 | 130 | 98,40 | 34 | / | / | / | / | / | 5,00 |
| | | | | | | | | | | | |

Наставник: **Косовска Ѓурѓица**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| I-6 | Латински јазик | 72 | 72 | 100 | 30 | / | / | / | / | / | 5,00 |

Наставник: **Билјана Јанкова**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| III-6 | Здравствена психологија | 72 | 70 | 97.2 | 32 | 2 | / | / | / | / | 4.94 |
| | | | | | | | | | | | |

**Актив за уметност**

УЧЕБНА 2024/25 ГОДИНА

Презиме и име на наставникот: **Смилевски Златко**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| I1 | Музичка култура | 36 | 35 | 97.22 % | 7 | 6 | 4 | | | | 4.18 |
| I2 | Музичка култура | 36 | 34 | 94.44 % | | 1 | 5 | | | | 3.17 |
| I3 | Музичка култура | 36 | 35 | 97.22 % | | 2 | 3 | 1 | | | 3.17 |
| I4 | Музичка култура | 36 | 35 | 97.22 % | 8 | 8 | 5 | | | | 4.14 |
| I5 | уметност | 36 | 35 | 97.22 % | 1 | | 1 | 1 | | 2 | 3.33 |
| I6 | Музичка култура | 36 | 34 | 94.44 % | 25 | 5 | | | | | 4.83 |

Предмет: **Ликовна уметност**
Презиме и име на наставникот: **Соња Самарџиева Поп-Ицов**

| | | часови | | | успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | предмет | предв | реализир | процент | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоц | просек |
| I-1 | Ликовна уметност | 36 | 34 | 94,4 | 9 | 2 | 3 | 3 | / | / | 4 |
| I-2 | Ликовна уметност | 36 | 35 | 97,2 | 3 | 3 | / | / | / | / | 4,5 |
| I-3 | Ликовна уметност | 36 | 35 | 97,2 | 5 | 1 | / | / | / | / | 4,6 |
| I-4 | Ликовна уметност | 36 | 35 | 97,2 | 14 | 3 | 1 | 3 | / | / | 4,3 |
| I-5 | Ликовна уметност | 36 | 35 | 97,2 | 3 | / | / | 2 | / | / | 4,2 |
| I-6 | Ликовна уметност | 36 | 34 | 94,4 | 30 | / | / | / | / | / | 5 |

# Прилог

# 8

Извештај за работата на Тимот за инклузија
2024/25

**ИЗВЕШТАЈ НА УЧИЛИШЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ**

**Училиште:** СОЗШУ„Ѓорче Петров“ – Кавадарци
**Период на известување:** учебна година 2024 – 2025 година
**Членови на тимот:**

- Ратка Росомански - директор
- Антонија Делева Рамова – дефектолог/ координатор
- Тања Камчева - педагог
- Валентина Мукаетов – психолог
- Менча Мајсторова - наставник
- Роза Тефова - наставник
- Наталија Вчкова -настанвник
- Божана Гокчева - родител

## 1. Цел на извештајот

Овој извештај ги опфаќа активностите, постигнувањата и предизвиците на училишниот инклузивен тим во текот на учебна 2024-2025 година, со цел следење на спроведувањето на инклузивните практики и обезбедување поддршка за учениците со посебни образовни потреби.

Активностите реализирани од страна на УИТ во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци во текот на учебната 2024/2025 година се во согласност со Програмата за инклузија на ученици со ПОП на ниво на училилиште.

Оваа програма е насочена кон остварување на следните приоритетни цели:

- Идентификација на ученици со посебни образовни потреби;
- Планирање и организирање на ВОП за учениците со ПОП согласно нивните потреби (обезбедување на услови за непречено реализирање на инклузивниот процес);
- Обезбедување на соодветна поддршка на учениците со посебни образовни потреби во редовното средно образование согласно нивните способности и потреби;
- Следење на напредокот на учениците со посебни образовни потреби во редовното образование.

## 2. Активности

➢ Во текот на месец август УИТ подготви **годишна програма за инклузија на ученици со посебни образовни потреби за учебната 2024/2025 година.**

➢ Во тековната учебна година УИТ одржа **три формални состаноци**:

✓ <u>Првиот состанок на УИТ</u> се одржа на почетокот на учебната година (17.09.2024 год.) со следниот дневен ред:

- Бројна состојба на учениците со ПОП на почетокот на учебната 2024-2025 година;
- Определување на видот на дополнителна поддршка што треба да се обезбеди за учениците согласно нивните потреби;
- Активности за подобрување на инклузивната клима во училиштето;
- Планирање и организирање на воспитно – образовниот процес за ученици со аутизам и комбинирани пречки (ученици со комплексни потреби).

✓ <u>Вториот состанок на УИТ</u> се одржа по завршување на првото полугодие (17.01. 2025), на кој акцент се стави на постигнувањата на учениците на крајот на првото полугодие и се

дадоа препораки за подобрување на инклузивноста на учениците со ПОП во делот на наставниот процес.

- ✓ Третиот состанок  на УИТ  се одржа на крајот на наставната година (12.06.2024) со следниот дневен ред:
  - Увид во постигнувањата на учениците со ПОП (успех, редовност и поведение) на крајот на наставната година;
  - Евалуација на инклузивната политика и практика на ниво на училиште.

➢ Во текот на месец септември согласно **Процедурата за откривање на учениците со ПОП** се реализираа низа активности: *соработка со стручни соработници/дефектолози од основните училишта; соработка/разговори на стручнииот соработник/дефектолог со родители, наставен кадар, ученици; опсервација и проценка на пријавените ученици од страна на стручен соработник/дефектолог со цел навремено* откривање на тешкотиите/потребите на учениците и обезбедување на соодветна поддршка.

- Врз основа на овие активности, **бројната состојба на ученици со ПОП во СОЗШУ„Ѓорче Петров" - Кавадарци на почетокот на учебната 2024/25 година** изнесуваше **12** (ученици кои се соочуваат со попреченост или тешкотии во учењето). Сите ученици се евидентирани во регистарот на ученици со посебни образовни потреби:

| **сектор** | **профил** | **Година на образование** | | | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Прва** | **втора** | **трета** | **четврта** | |
| **Шумарство и обработка на дрво** | Тех. за пејсажен дизајн/шумарски тех. | / | 1 | | 1 | **2** |
| | Тех. за мебел и ент. | 2 | 1 | / | / | **3** |
| **Земјоделство, рибарство и ветеринарство** | Градинар /цвеќар | / | 2 | 4 | / | **6** |
| | Техничар за фитомедицина | 1 | / | / | / | **1** |
| **вкупно** | | **3** | **4** | **4** | **1** | **12** |

- Од регистрираните 12 ученици, 7-мина поседуваат медицински документ од соодветна институција за проценка на потребите и можностите (4-ца ученици - Мислење од стручно тело за проценка по МКФ, 3-ца ученици - Наод и мислење од комисија за проценка на видот и степенот на попреченоста. Идентификацијата на останатите 5 ученици се изврши од страна на стручната служба во училиштето во соработка со наставниците, по пат на опсервација и проценка и од страна родителите кои при уписот укажуваат на потешкотиите и потребите на ученикот.
- Според приложената медицинска документација и мислењето на стручната служба во училиштето евидентираните ученици се соочуваат со следните потешкотии и попречености: *аутизам, комбинирана попреченост, интелектуална попреченоист, специфични и општи тешкотии во учење.*

➢ **Формирање на Инклузивни тимови за секој ученик со посебни образовни потреби** (ИТУ) којшто ќе работи по ИОП или ќе добива општа поддршка.

- Активности за о**пределување на видот на поддршка што треба да се обезбеди за секој ученик со ПОП поединечно.** Во насока на обезбедување соодветна поддршка за учениците со ПОП, во текот на месеците септември-октомври од страна на стручните соработници и наставници се спроведе опсервација и проценка на функционалните можности и способности на новоидентификуваните ученици со ПОП, како и проценка на нивните потреби. Врз основа на добиените резултати, мислењето на стручниот тим и препораките на стручното тело за проценка, за учениците со ПОП во текот на учебната 2024/25 година се обезбеди следниот вид на поддршка:
    - Општа поддршка (I ниво) насочена кон индивидуализација и диференцијација на наставата (прилагодување на пристапот на работата на наставникот кон можностите и потребите на ученикот и прилагодување на наставната програма по одделни предмети). Оваа група опфаќа 5 ученици кои немаат Наод и мислење од Верифицирана институција. Кај овие ученици зависно од нивните потреби се применува индивидуална работа во насока на надминување на тешкотиите во учењето, како и советодавна работа со цел успешно решавање на социо- емосионалните проблеми со кои се соочуваат овие ученици, но пред сé јакнење на нивната самодоверба и сл.
    - Интензивирана поддршка (II ниво на поддршка) за ученици кои следат настава по индивидуален образовен план (ИОП) - со кој пристапот, резултатите од учење и содржините по сите наставни премети се прилагодуваат кон можностите и карактеристиките на ученикот. Оваа група опфаќа 7 ученици кои поседуваат Наод и мислење. Овие ученици се вклучени во индивидуален дефектолошки третман согласно потребите, а во функција на подобрување на состојбата и функционалноста на ученикот.
- УИТ во соработка со инклузивните тимови на ученици **изработи ИОП за секој ученик за кој е утврдена потребата од истото, како и План за поддршка за учениците со тешкотии во учење.**
- **Континуирана соработка на УИТ со родителите на учениците со ПОП** (советодавни – консултативни разговори, телефонски контакти со цел навремено запознавање на родителите со сите планирани активности, успехот и напредокот на ученикот, помош и поддршка за успешно справување и решавање на сите проблеми со кои се соочува нивното дете, но и препораки и насоки за работа со учениците дома.)
- Согласно програмата за работа на УИТ и потребите на ученикот дефинирани во ИОП, на учениците со ПОП им се обезбеди **континуирана дополнителна поддршка од страна на стручните соработници** преку **индивидуална работа** кадешто акцент се стави на следните активности: поддршка на учениците во надминување на тешкотиите во учењето, примена на психомоторна реедукација, дефектолошки третман за подобрување на функционалните можности и способности на ученикот; советодавно - консултативни разговори согласно потребите на учениците, непосредна помош и поддршка во совладувањето на предвидените наставни содржини и сл.
- Инклузивниот тим во училиштето редовно ги следеше **постигнувањата на учениците со ПОП, преку увид во нивниот успех и поведение на крајот на секое тримесеčје.** Сите 12 ученици со ПОП кај кои е утвдена потреба од дополнителна поддршка во учењето, успешно ја завршија училишната година и го постигнаа следниот успех:

| Постигнат успех на крај на наставна година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **успех** | **прва** | **втора** | **трета** | **четврта** | **вкупно** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| доволен | / | / | / | / | **/** |
| добар | 3 | 4 | 1 | / | **8** |
| Мн. добар | / | / | 1 | 1 | **2** |
| одличен | / | / | 2 | / | **2** |
| **вкупно** | 3 | 4 | 4 | 1 | **12** |

- Инклузивниот тим во училиштето соработуваше со релевантни институции за прашања поврзани за учениците со ПОП ( ДПИ, органи на локална самоуправа, МОН);
- Реализирани низа **активности и работилници за подобрување на инклузивната клима** во училиштето (работилници на тема инклузија, работилници за одбележување на значајни датуми - месец на дислексија, 3 –ти Декември – меѓународен ден на лица со попреченост, ден на лица со Даунов синдром, ден на лица со аутизам и др.).
- Со цел **унапредување на компетенциите на наставниците од подрачјето за социјална и образовна инклузија**, а воедно и унапредување на инклузивната практика, УИТ е во постојана комуникација и соработка со наставниците со цел идентификација и отстранување во граници на можностите на сите тешкотии кои го попречуваат успешното реализирање на овој процес. Во контекст на ова се реализираа следните активности:

✓ Поддршка на наставниците во работата со учениците со ПОП, преку давање насоки и препораки за работа со ученици со различна попреченост и тешкотии во учењето, стратегии за работа со нив - интерен прирачник:
  - Општи препораки во работата со учениците со ПОП;
  - Стратегии за работа со ученици со ПОП (видови на поддршка);
  - Постапки на прилагодување во работата со учениците со ПОП
  - Дидактичко – методички постапки во работата со учениците со ПОП;
  - Насоки за работа со ученици со успорен когнитивен развој;
  - Насоки за идентификација на учениците со тешкотии во учењето;
  - Насоки за работа со ученици со тешкотии во учењето (дислексија),
  - Насоки за оценување на учениците со ПОП.

✓ **Интерна обука наменета за наставници** на тема: ***Инклузивно образование***

**Главни содржини на обуката:**
  - Запознавање на наставниците со Новиот предлог закон за средно образование од аспект на инклузија;
  - Инклузивно образование и изработка на индивидуален образовен план (според македонски модел претставен во Концепција за инклузивно образование, 2020 год.
  - Истакнување на важноста на индексот на инклузија и неговата примена при самоевалуација на инклузивна култура, политика и практика.

✓ Упатување на наставниците да користат различни ресурси со цел осовременување на наставата;

✓ Советодавни – консултативни разговори според потребите на наставниците.

## 3. Предизвици

Во однос на концептот тотална инклузија, училиштетото и училишниот инклузивен тим се соочува со многу тешкотии во планирање и реализирање на успешна инклузивна практика, особено за учениците со комплексни потреби. Тешкотиите произлегуваат од многу фактори, но како најзначајни ги издвоивме следните:

- Законското нерегулирање на инклузијата во средното образование, како круцијален фактор што ги наметнуваше сите проблеми/тешкотии, оневозможуваше мониторинг и вреднување на успешноста на инклузивниот процес. **Законските измени и дополнувања од аспект на инклузија во Законот за средно образование се усвоени во месец април, 2025 год.** Во контекст на ова очекуваме позитивни ефекти во наредната учебната година.
- Отсуство на соодветни подзаконски акти кои одблиску ќе ги уредат сите аспекти кои се однесуваат на инклузивниот процес.
- Недостаток на соодветни просторни услови и ресурси за индивидуална работа со ученици со комплексни потреби согласно потребите на учениците.
- Отсуство на задолжителни и редовни едукации на наставници и стручни соработници во подрачје социјална и образовна инклузија.
- Недостаток на образовен асистент за секој ученик со попреченост кој има потреба.

## 4. Потреби

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование, (член 3-а, 3-б, 3-в, 3-г, член 4) и почитување на правото за квалитетно образование на секое дете (член 24 од Конвенција за правата на лицата со попреченост) ги идентификувавме следните приоритетни области во коишто имаме потреба да се развиваме, со цел унапредување на инклузивноста на ниво на училиште:

- Обезбедување на образовни асистенти за секој ученик согласно препораките од Стручното тело за проценка;
- Обезбедување на соодветни просторни услови за индивидуална работа со ученици со ПОП т.е **ресурсна соба/училница соодветно опремена со** различни материјално – технички услови и ресурси согласно потребите на учениците со попреченост (нагледни средства, дидактички материјали, монтесори материјали, средства за психомототен развој, специфични материјали согласно попреченоста на учениците и сл.);
- Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во делот на социјална и образовна инклузија со обезбедување на задолжителни обуки (Обуки за примена на инклузивни методи и изработка на ИОП/модифицирана програма, прилагодување на наставни содржини согласно потребите на учениците и сл.);
- Донесување на Правилник за инклузија на ученици со посебни образовни потреби во редовното средно образование, кој поблиску ќе ги уреди сите аспекти кои се однесуваат на инклузивниот процес (остарување на право на иоп/модифицирана програма, изработка, следење и вреднување на истите, со примена на унифицирани обрасци);
- Правилник за оценување на ученици со ПОП во средно образование кои учат по ИОП/модифицирана програма;
- Зголемена соработка со локални органи, локални и национални организации за поддршка на инклузијата во насока на надминување на различните бариери кои го попречуваат успешното реализирање на овој процес (општествени, образовни, инфраструктурни, економски, правни и институционални бариери);
- Воспоставување на систем на поддршка за ученици со комплексни потреби потешка вклучени во редовното средно образование (комбинирана попреченост, аутизам) преку обезбедување на дополнителни услуги од други соодветно стручни центри (Центри за поддршка, дневни центри).

# Прилог

# 9

Извештај од Завршната екскурзија на учениците од Трета година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВЕДЕНА ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ГОДИНА**

**Реализација на екскурзијата**: 6 (шест дена), 3 (три) ноќевања

**Време на изведување на екскурзијата** : Од 12.05.2025 -17.05.2025

**Број на ученици** : 55

**Број на наставници** : 3

**Кратка агенда и локаци кои беа посетени :**

- Поаѓање од Кавадарци;
- Пристигнување и сместување во Лидо Ди Јесоло (две ноќевања);
- Од Лидо ди Јесоло патување до Верона;
- Разгледување на Верона;
- Патување од Верона до Лидо ди Јесоло;
- Од Лидо ди Јесоло патување со брод до Венеција;
- Разгледување на Венеција;
- Од Венеција патување со брод до Лидо ди Јесоло;
- Од Лидо ди Јесоло до Монте Катини сместување(едно ноќевање);
- Патување од Монте Катини до Фиренца;
- Разгледување на Фиренца;
- Поаѓање и пристигнување во Кавадарци;

**ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Ден 1 – 12.05.2025 ( Понеделник)**

Поаѓањето беше организирано во 12 часот, пред спортската сала Јасмин и се упативме кон Италија.Патувањето траеше 18 часа со попатни паузи , во една пријатна атмосфера и убаво расположение.

**Ден 2 – 13.05.2025 ( Вторник)**

Пристигнување во раните утрински часови во Пунта Сабиони од каде со бродче се возевме до Венеција, разгледување на Венеција и во вечерните часови се упативме кон Лидо ди Јесоло каде што организирано ноќевање.

**Венеција:** Плоштад *Св. Марко*, Мостот на воздишки, Гранд Канал, Базилика Свети Марко, Понте Риалто, Ca’ d’ Oro, Астрономскиот часовник, Црква Санта Марија де ла Пиета.

**Венеција** е град во североисточна Италија. Изградена е на 118 мали острови во устието на реката Бренте во венецијанскиот залив. Позната е и како „град на каналите“. Повеќе од илјада години Венеција била главен град на Венецијанската Република. Венеција има над 170 канали по кои пловат гондоли, чамци, мали пароброди и моторни бродови.

Најголем е Големиот канал на кој се наоѓа познатиот мост „Ријалто“, а околу 380 помали и поголеми мостови служат за премин преку каналот. Венеција има многу познати архитектонски и уметнички споменици: Дуждова палата, црквата *Свети Марко* и деведесет други цркви, богати музеи, уметнички галерии, познатата Академија на уметностите, опсерваторија и други научни и културни установи. Во неа се одржуваат и познатиот Венецијански филмски фестивал, Биеналето, Тетарскиот фестивал. Позната е и по изработката на предмети од стакло (потекнува од островот Мурано), чипка, сребро, злато, кожа.

- **Базилика Свети Марко - Базиликата „Свети Марко“** е катедрална црква која се наоѓа во градот Венеција во Италија. Овој христијански објект е најпознатиот христијански храм во градот и еден од најпознатите примери на византиската архитектура. Катедралната црква се наоѓа на истоимениот плоштад и истоимениот регион. Во близина на црквата се наоѓа Дуждовата палата. Базиликата е долга 76,5 метри и висока 43 метри. На почетокот се користела како параклис на венецијанските управители, а не како катедрална црква. Во 1807 година станала седиште на патријархот на Венеција, архиепископ на римокатоличката епархија на Венеција. Зградата е позната и како Златна црква.

- **Мостот на воздишки - Мостот на воздишките** (италијански: *Ponte dei Sospiri*) — мост кој се наоѓа во Венеција, Италија. Мостот бил направен од варовник и има прозорци со камени решетки. Се наоѓа над реката на Палатите и ги поврзува старите зандани со собите за испрашување во Палатата на Дуждовите. Погледот од Мостот на Воздишките бил последниот поглед на Венеција кој го гледале осудениците пред да бидат затворени или погубени. На ова место многу луѓе за последен пат во животот погледнале кон синото небо и воздивнале за слобода. Така и го добил името - Мост на Воздишките. Денес овој мост е уште една од многуте туристички атракции кои можат да се видат во Венеција.

**Ден 3 – 14.05.2025 Среда**

После појадокот, групата  од Лидо ди Јесоло се упати кон Верона. Учениците имаа можност да ги посетат сите убавини од Верона и да уживаат во неа.

**Верона** Големата арена, Плоштадите Бра, Ербе, Дел Сињори, замокот Векио, куќата на Јулија, катедралата.

- ***Замок Векио -*** Овој замок се смета за еден од најважните воени градби од фамилијата Деласкала која владеела во тоа време со Верона. Неговата изградба е започната во 1354 година а завршена е 1936 година. Денес во него се наоѓа музејот Кастелвечио

- ***Голема арена –*** Веронската арена е една од поголемите арени во Европа. Изградена е во текот на 1 век и во тоа време можело да собере 30.000 гледачи а во денешно време 22.000. Денеска се користи за разни приредби, организирање и прикажување на оперски изведби.

- **Куќата на Јулија –** Атракцијата се заснова на Италијанската приказна за младата вљубена двојка а денес се верува дека т.н куќа на Јулија во Верона е местото каде што Ромео првпат изјавил љубов на својата сакана. Куќата во која живеела Јулија потекнува од 13 век и на неа сеуште се гледа грбот на семејството. Со текот на годините посетителите ги шарале ѕидовите го разни портаки и љубовни графити  но и со писма во кои ја прашуваат Јулија за некоја љубовна дилема.

- **Катедралата во Верона**, чие официјално име е **катедралата Санта Марија Асунта**, но исто така позната и како **катедралата Санта Марија Матриколаре**, чие име доаѓа од името на старата ранохристијанска црква. Оваа катедрала претставува главното место на католичката богослужба во градот Верона. Во исто време таа е и мајка црква на истоимената италијанска епархија (Веронска епархија)и национален споменик. Градбата на катедралата претставува дел од еден артикулиран поширок архитектонски комплекс, кој ги вклучува палатата Палацо дел Весковадо, манастирот на Канонитe, библиотеката за поглавјата, крстилницата Сан Џовани во Фонте и црквата Санта Елена. Крстилницата и црквата Сан Елена се поврзани со катедралата преку портата на Санта Марија Матриколаре (Санта Марија Асунта).

**Ден 4 – 15.05.2025 Четврток**

Упатување од Лидо ди Јесоло кон Фиренца. Учениците имаа можност да се фотографираат на овие светски познати локалитети и да понесат незаборавни моменти од ова патување. Учениците од фармацевтската струка ја посетија и најстарата аптека во светот која што се уште постои и работи.Во вечерните часови од Фиренца се упативни кон Монтекатини каде што беше организирано ноќевањето.

**Фиренца:** Катедрала Санта Марија дел Фиоре-Дуомо, Плоштад Микеланџело, Понте Векио (стар мост), Парк Боболи.

- **Фирентинска катедрала** наречена **„Богородица Цветна“** катедралата во градот Фиренца, Италија. Започната е со изградба во 1296 година во готски стил дизајнирана од архитектот Арнолфо ди Камбио. Катедралата структурно била завршена во 1436 година, заедно со куполата која била дизајнирана од страна на Филипо Брунелески. Надворешноста на базиликата била обложена со полихромни мермерни панели, во различни нијанси, пред сѐ од зелена и розова боја, ограничени и врамени со бела боја. Во 19 век врз катедралата била изведена доградба со готска преродба од страна на архитектот Емилио Де Фабрис.Катедралниот комплекс, на Пјаца дел Дуомо, ги вклучува Крстилницата и Камбанаријата на Џото. Овие три згради се дел од светското наследство на УНЕСКО кое го покрива историскиот центар на Фиренца и се главна туристичка атракција на провинцијата (покраина) Тоскана. Базиликата претставува една од најголемите цркви во Италија.Катедралата претставува мајка црква на надбискупијата во Фиренца, чиј архиепископ моментално е отецот Џузепе Бетори.

- **Градините Боболи** е историски парк во градот Фиренца кој бил отворен за јавноста во 1766 година. Првично дизајниран за Медичи, тој претставува еден од првите и најважни примери на италијанската градина, која подоцна послужила како инспирација за многу европски судови. Големата зелена површина е вистински музеј на отворено со статуи од различни стилови и периоди, антички и ренесансни кои се распоредени низ градината. Исто така, има големи фонтани и пештери, меѓу нив и прекрасната грото Буонталенти изградена од уметникот, архитект и скулптор Бернардо Буонталенти помеѓу 1536 и 1608 година.

- **Понте Векио** средновековен камен мост преку реката Арно, во Фиренца, Италија. Двата соседни мостови на Понте Векио се Понте Санта Тринита и Понте але Грације. Под мостот поминува реката Арно во нејзината најтесната точка, каде што се верува дека мостот првпат бил изграден во римско време, кога преку него поминувал Виа Касија. Римските столбови биле од камен со надградба од дрвото. Мостот првпат се појавува во документ од 996. Откако бил уништен од поплава во 1117 година, бил реконструиран во камен, но повторно бил срушен во 1333 година. Тој бил повторн изграден во 1345. Џорџо Васари го припишува неговиот дизајн на Тадео Гади].

Современите историчари го презентираат Нери ди Фиораванти како можен архитект.Мостот се состои од три арки: главниот лак има распон од 30 метри, а двете странични арки 27 метри.

- Најстарата аптека во светот е Officina Profumo-Farmaceutica di Santa Maria Novella која е основана во 1221 година од доминикански монаси од манастирот Santa Maria Novella,а јавно е отворена во 1612 година, се наоѓа во Via della Scala 16, Фиренца, Италија.Во оваа аптека можат да се пронајдат традиционални парфеми, билни лекови, козметика, креми, масти,тинктури, сапуни и ликери произведени според стари рецепти.Палета од најпознати традиционални производи на Officina Profumo-Farmaceutica di Santa Maria Novella се:

1. Acqua di Santa Maria Novella (1614)

• Еден од првите парфеми во Европа. Подготвен за Катерина де Медичи, француска кралица од Фиренца.

• Освежителна водичка со билки и цитрус – се користела како парфем и тоник.

2. Acqua di Rose (Розова вода)

• Природен дестилат од роза, со користење во нега на кожа, тонирање и освежување. Многу блага и популарна до денес.

3. Sapone al Latte (Сапун со млеко)

• Рачно правен сапун со млеко и природни состојки, нежен за чувствителна кожа.

4. Pomata alla Calendula (Крем со невен)

• Лековит крем со екстракт од невен, за смирување на кожата, воспаленија и иритации.

5. Ликери и сирупи од билки

• Производи на база на традиционални рецепти, со лековити и тонични својства.

Денес~ Аптеката е музеј, продавница и лабораторија. Посетителите можат да ја разгледаат оригиналната внатрешност со антички мебел, стаклени садови и ретки архиви, оригинални шишиња, како и книги со стари рецепти од средниот век.Посетена од светски познати личности:

• Папи и кралски семејства,

• Чарлс Дарвин, кој бил фасциниран од билкарските тинктури,

• Современи славни личности, како што се актерите и модни икони кои ја сакаат „луксузната традиција“

**Ден 5 – 16.05.2025 (Петок)**

По појадокот учениците имаа можност да посетат неколку интересни локалитети од градот. Во 14 часот групата се упати кон Македонија

**Ден 6 – 17.05.2025 (Сабота)**

Патувањето се одвиваше без проблеми, со попатни паузи. Учениците беа задоволни од посетата, по што ќе им останат незаборавни моменти и искуство на кое ќе се сеќаваат целиот свој живот.






# П р и л о г

# 10

Тактичко показна вежба на тема „Загрозување и ризици“

**<u>ИЗВЕШТАЈ</u>**
**од предавање на тема Загрозување и ризици и ПП-вежба**
**со стручната служба и помошниот персонал на**
**СОЗШУ „Ѓорче Петров Кавадарци**

**<u>Цел на активноста</u>**

**- Да стекнат знаења умеења и вештини за видовите природни и други несреќи**

**-Да ги познаваат мерките и средствата за заштита и спасување**

**-Да се обучат за превентивна и оперативна акција за самозаштита**

**-Дисциплинирано да се однесуваат во адекватната ситуација**

**-да се оспособат да истражуваат проблем актуелен за неговата околина**

---

**ПП-вежба**










*Мај 2025 год.* *Ментор Љупчо Бинов*

# Содржина


1. Вовед 2

2. Организација на училиштето 3

2.1 Струки и образовни профили 3
2.2 Ученици 4
2.2.1 Запишани ученици 4
2.2.2 Успех, редовност и поведение 5
2.3. Раководење на училиштето 6
2.4. Управување со училиштето 8
2.5. Стручни органи и тела 9
2.5.1 Наставнички совет 11
2.5.2 Совет на паралелка 13
2.5.3 Раководители на паралелки 13
2.5.4 Стручни активи 14
2.6. Педагошко-психолошка служба 14
2.7. Библиотека 15
2.8. Администартивно техничка служба 17
2.9. Структура на вработените 17

III. Настава 17

IV. Воннаставни активности 20

1. Секции 20
2. Активности и Одбележување на значајни датуми 21
3. Учество во натпревари 56
4. Конференци, трибини, предавања и други обуки 59
5. Здравствена заштита на учениците 59
6. Проекти 60
7. Екскурзии 60
8. Соработка со родителите 61
9. Соработка со опкружување 61
10. Производство 63
11. Материјално-технички ресурси 64

Прилози

**Прилог 2.1 – Состојба при упис 65**
**Прилог 2.2 – Преглед на успех и изостанувањето по ученик 69**
**Прилог 2.3 – Успех и поведение по паралелки 89**
**Прилог 3.1 – Портфолио на директор 94**
**Прилог 3.2 – Извештај на директор 97**
**Прилог 4.1 – Извештај од работата на УО 100**
**Прилог 5.1 – Наставнички и класни совети 103**
**Прилог 2.6.1 – Извештај од работата на педагогот 114**
**Прилог 2.6.2 – Извештај од работата на психологот 127**
**Прилог 2.6.3 – Извештај од работата на дефектологот 138**
**Прилог 6 – Извештаи од проекти 168**
**6.1 – 2023-1-MK01-KA121-VET-000128881 - Клучна акција 1-Атина 169**
**6.2 – Проект со Гимназија ,,Curt Nikolin”, Шведска 177**

**– Извештај од работата на активите 181**
**Актив шумарско-дрвопреработувачка струка 182**
**Актив земјоделско-ветеринарна струка 188**
**Природно-математички актив 196**
**Актив по македонски и странски јазици 202**
**Општествено-хуманистичко подрачје 207**
**Актив по спорт и спортски активности 210**
**Актив од здравствена струка 213**
**Актив по уметност 216**
**Прилог 8 Извештај на тимот за инклузија 222**
**Прилог 9 Извештај од завршаната екскурзија 230**
**Прилог 10 Извештај од тактично показна вежба 233**
**Додаток – Портфолија на наставниците 219**

# ПОРТФОЛИЈА
# НА НАСТАВНИЦИТЕ



1 **СТЕФАН АЦЕВ**

Образование: Шумарски Факултет Скопје, отсек дрвна индустрија
Звање, година на дипломирање: дипл.шумарски инж. отсек дрвна индустрија, 1996
Старост: 48 г.
Работен стаж: 21 години
Националност:Македонец
Добро познавање на работата со компјутери вклучувајќи :
Оперативни системи: Windows, Linux Edubuntu, Office software 365
Компјутерска графика и дизајн: Autodesk Autocad,Corel Draw
Познавање на аглиски јазик ( напредно ниво, добро познавање и писмено и усмено)
Компетенции, активности,обуки и сл.:

* СЕА-Проект:-активни методи во наставата (2005,2006,)
* УСАИД – Успешно завршена обука за "Изработка и Одржување на Училишни Веб Страни со алатката МАМБО"
* Учество во развојот на новите наставно образовни програми во соработка со Бирото за развој на образованието
* Работи како дел од тимот што организира маркетиншки презентации на училиштето

*Обука за примена на СПИН програмата во наставните програми и курикулуми, јануари 2007

* USAID, E-School во соработка со Министерството за образование и наука на Република Македонија
  - Завршена обука за "Основни знаења од информациската и комуникациската технологија" , 2005
  - Завршена обука за "Професионален развој и интеграција на информатичката технологија во наставата" 2005
  - Изработен проект со примена на информатичката технологија во проектно учење и поврзување со заедницата, 2005
  - Обучувач за "Примена на ИКТ во наставата" , 2005/2006
* USAID – Успешно завршена обука за "Изработка и Одржување на Училишни Веб Страни со алатката
* USAID, SEA во соработка со Министерството за образование и наука
Работилници за интерактивна наставна методологија (учење во училница, преку заедница, преку проекти и учење преку работа)
* Digital Media Association, за успешно завршена обука за "3Д Е-школо обука за обучувачи Прво ниво
* Учество на Образовното рандеву 2006 како ментор во натпреварот за "НАЈДОБРА ВЕБ СТРАНА НА РЕАЛНА КОМПАНИЈА

*Учество на обука за "Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата", мај 2009
Автор на учебник "Машини и алати за обработка на дрвото" за II година, техничар за обработка на дрвото, 2010

| | |
|---|---|
| | - Завршена обука за "Improvement of School Based Assessment" 2008 |
| <br>2 **ЗИМОСКИ ГОРАН** | **ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ:**<br>Име и Презиме: **Горан Зимоски**<br>Дата на раѓање: 31.08.1970<br>Адреса: Илинденска 119-6/5, 1430 Кавадарци<br>Телефон: 072 309 126<br>Националност: Македонец<br><br>**ОБРАЗОВАНИЕ:**<br>**Дипломиран Шумарски инжињер отсек дрвна индустрија 1990-1995**<br>Дипломиран на Шумарски Факултет, отсек дрвна индустрија на универзитетот Св “Кирил и Методиј” Скопје<br><br>**ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО:**<br>• **СОЗШУ ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци 1996**<br>Работно место : професор по стручни предмети од шумарско- дрвопреработувачка струка,<br>Компетенции, активности,обуки и сл.:<br><br>*Учество во изработката на стандардизирани програми и прашања за стандардизирани тестови за екстерно проверување<br>за постигањата на учениците<br>*СЕА-Проект:-активни методи во наставата (2005,2006,)<br>* Учество во обука за ИЗГОТВУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИВНИ ТЕСТОВИ НА ЗНАЕЊЕ 2008<br>* **Учество во развојот и изработката на новите наставно образовни програми во соработка со Бирото за развој на образованието**<br>* Работи како дел од тимот што организира маркетиншки презентации и празници и манифестации на училиштето<br>*Координатор на проектот МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО<br>* УСАИД, E-School во соработка со Министерството за образование и наука на Република Македонија<br>- Завршена обука за “Основни знаења од информациската и комуникациската технологија” , 2005<br>- Завршена обука за “Професионален развој и интеграција на информатичката технологија во наставата” 2005 |

-Завршена обука за изработка на ПРОЕКТИ И НИВНО АПЛИЦИРАЊЕ 2007
- Завршенаобука за изработка на БИЗНИС ПЛАН 2007
- Завршена обука за Improvement of School Based assesment 2008

* УСАИД, СЕА во соработка со Министерството за образование и наука
- Работилници за интерактивна наставна методологија (учење во училница, преку заедница, преку проекти и учење преку работа 2006

* Учество на Образовното рандеву 2006 и 2007 како ментор во натпреварот за “НАЈДОБ АР ПОСТЕР И НАЈДОБАР ШТАНД

*Учество во обука за изработка на годишни планови, тематски плоанирања и дневна подготовка

*Автор на учебник ,, Машини и алати за обработка на дрвото ,,-за втора и трета година

*Сертификат за едукатор на возрасни и обучубач на едукатори на возрасни ниво 2

**2.Советник при советот на општина Кавадарци 2000-2005**

**ЈАЗИЦИ:**

Македонски : мајчин јазик
Англиски : Ниво А1(писмено усмено)

**ВЕШТИНИ:**

Способен да работи под временски притисок, резултатски ориентиран, брз ученик, желен да го сподели знаењето и вештините, одговорен, комункативна и толерантна личност, индивидуален и тимски работник. Високо мотивиран да го унапредува своето знаење и вештини, поседува добри аналитички и организациони вештини, има способност брзо да се адаптира на нова технологија, менаџмент, методи и средина.

**КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ:**

Добро познавање на употребата на компјутерите, вклучувајќи:

- Работа со компјутери Солидно
- Оперативни системи Win XP;Win 10
- Office Software: MS Word, Exel;
- Компјутерска графика и дизајн: Autodesk Autocad, Corel Draw Suite
- Софтвер за презентација: MS Power Point,

- **ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ:**

Возачка дозвола



3 **Деан Илков**

Образование: Шумарски Факултет Скопје, отсек дрвна индустрија

Звање, година на дипломирање: дипл.шумарски инж. отсек дрвна индустрија,1999

Старост: 1969

Работен стаж: 13 години

Националност: Македонец

Познавање на работата со компјутери вклучувајќи :

Office software 2003, 2007 : MS Word, Excel, Power Point,

Познавање на аглиски јазик

Компетенции, активности,обуки и сл.:

* СЕА-Проект:-активни методи во наставата (2005,2006,)
- Завршена обука за “Основни знаења од информациската и комуникациската технологија” , 2005
Работилници за интерактивна наставна методологија (учење во училница, преку заедница, преку проекти и учење преку работа)

*Учество на обука за “Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата“, мај 2009
Учество на семинар “Методи и техники за активна настава и техники за мотивирање на учениците“, ТЕРА Скопје, 2010



Образование: Шумарски Факултет - Скопје

Звање, година на дипломирање: Дипломиран инженер по Шумарство, 2000 год.

Старост: 1972

Работен стаж: 9 години

Националност: Македонка

Познавање на компјутери ( Windows XP, Word, Excel, PowerPoint, Internet )

Познавање на аглиски јазик ( напредно ниво )

Компетенции, активности,обуки и сл.:

СЕА-Проект:-активности во средното образование

| | | |
|---|---|---|
| 6 | РОЗА ТЕФОВА | - Модул 1 УЧЕЊЕ ВО УЧИЛНИЦА 2007, 2008 год.<br>- Модул 2 УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРОЕКТИ 2007, 2008 год.<br>Учество на семинар "Методи и техники за активна настава и техники за мотивирање на учениците", ТЕРА Скопје, 2010<br>*Учество на обука за "Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата", мај 2009<br>Современи форми и методи во наставата 2013година<br>Семинар за образовен профил Столар тригодишно образование. Имплементација на реформираните две и три годишни планови и програми во рамките на Твининг проектот<br>Учество во изработка на прашања за екстерно оценување - со БРО за образование<br>Професионални компетенции кај директорите, стручните соработници и наставниците во училиштата и изготвување на личен професионален план<br>Методи, техники и алатки за робота со ученици со ПОП<br>Учество во предавање на тема ,,Унапредување на воспитно образовната работа во училиштето со посебен акцент на воспитната функција'' 2020 год.<br>Учество на онлајн курс на тема ,,Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење'' 2020 год.<br>Учество на обука за ,,Користење на дигитални алатки'' 2020 год. |

| | |
|---|---|
| <br>**Радица Бинова** | Образование: Шумарски факултет - Скопје<br>Звање, година на дипломирање шумарски инжинер-професор по стручни предмети 2012 год.<br>Старост: 1988<br>Работен стаж: 9 години<br>Националност:Македонка<br>Познавање на компјутери (Windows XP, Word, Excel, Internet, Pauer point,Pabliser<br>Положени педагошки испити<br>Компетенции, активности,обуки и сл.:<br>Интерактивни модели за развивање на педагошките компетенциина наставниците - Април, 2019<br>Учество на предавање на Тема: "Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето со посебен акцент<br>на воспитната функција" - Февруари,2020<br>Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење - Септември,2020 |

Учество на обука на Тема: "Современи концепти во средно образование - новата улога на наставникот и новите
стратегии на поучување и учење" -за наставниците во средните училишта во времетраење од 8(часа)-Биро за развој 2021

Учество на обука за Мотивација на ученици во рамките на ,,Клубот за наставници.Инвестирам во себе!" -Јуни, 2021

Учество на обука за Користење на дигиталните алатки во наставата во рамките на "Клубот за наставници.Инвестирам во себе!"-Март, 2021

Учество на обука за Употреба на техники за фасилитирање во рамки на 'Клубот за наставници.Инвестирам во себе!"-Октомври, 2021

,,Методи и техники за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени,,-ЕДУИНО 2022

,,Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни,,-ЕДУИНО 2022

,,Предизвикувачко однесување -справување и добри практики,,-ЕДУИНО 2022

,,Родителите и децата од дигиталната генерација,, -ЕДУИНО 2023

,,Говор на омраза во онлајн медиумите,,- ЕДУИНО 2023

,,Оценување и евалуација на наставата,, во рамките на програмата ,,Клубот на наставници 2023,,

Обука за планирање на наставата во рамки на програмата Клуб на наставници 2023

Сертификат за освоено второ место во категорија најдобар штанд -МАССУМ 2025



Образование: Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ Св.Кирил и Методиј, Скопје

Насока: Пејзажно дизајнирање

**Звање, година на дипломирање: дипл.шумарски инж. по пејзажно дизајнирање , јуни 2018**

Старост: 1995 година

Работен стаж: 4 години

Националност: Македонка

Добро познавање на работата со компјутери вклучувајќи :

Windows XP, Word, Excel, Microsoft Office Powerpoint,Corel Draw ,AutoCad, Photoshop, PhotoGardenDesigner.

Познавање на аглиски јазик ( напредно ниво, добро познавање и писмено и усмено)

Компетенции, активности,обуки и сл.:

**Александра Петрова**

Обука за Производство на брикети - Универзитет Св.Кирил и Методиј (Шумарски факултет)

Претседател на студенти на Шумарски факултет

Мотивациска обука за започнување на сопствен бизнис , АППРМ Јуни 2018

Производство на брикети - Универзитет Св.Кирил и Методиј (Шумарски факултет)

Педагошко - психолошка и методска доквалификација, Филозофски факултет Скопје, 2019 год.
Учество на предавање на тема "Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето со посебен акцент

на воспитната функција"- Проф.Д-р Розалина Попова Коскаркова, 2020 год.
Учество на обука на тема: ,,Современи концепти во средно образование - новата улога на наставникот и новите

стратегии на поучување и учење" за наставниците во средните училишта во времетраење од 8 (часа) - Биро за развој

2021 година.
Учество на ЕДУИНО ВЕБИНАР - Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams, 2020 год
Учество на обука за користење на дигитални алатки во рамки на програмата за наставници : Инвестирам во себе!

одржан на 03.03.2021 година
Учество на ЕДУИНО ВЕБИНАР - Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина -25.01.2021 година

,,Оценување и евалуација на наставата,, во рамките на програмата ,,Клубот на наставници 2023,,

Обука за планирање на наставата во рамки на програмата Клуб на наставници 2023
Учество во меѓународен проект Erasmus+ - Зајакнување на критичката мисла на младите и медиумската свест - Минхен

14-22.12.2022

**Горан Сакалиев**



Звање, година на дипломирање: Дипломиран шумарски инженер, Јануари 2012 година,

Магистрант на катедрата за Отварање на шумите и шумски транспортни средства 2016 -

Старост: 1988 година

Работен стаж: 2 година

Националност: Македонец

Работа со компјутери:
Windows XP, Internet, Microsoft Office (Word, Excel, Power Point), Autocad, Quantum GIS, ArcGIS
Познавање на странски јазик: Англиски јазик (високо ниво)
Компетиции, активности, обуки и сл.:
Педагошко-психолошко и методска доквалификација: Унив. “Гоце Делчев” – Факултет за образовни науки – Штип, Мај 2022 година

Учество во проект: Team leader ,,Take a step it's not too LAKE'' - Burdur - Турција, од 01.06.2022 до 08.06.2022 година
Учество во проект: Team leader ,,ECO-DRR'' - Tokyo - Јапонија, од 27.10.2019 до 21.11.2020 година
Учество во проект: ,,JUNEX'' - Prespa Lake - Албанија, Грција, Македонија, 2016 година
Учество во разни работилници од областа на шумарството
Обука за изработка на Посебен План за стопанисување на шумите, Посебен План за одгледување и заштита
Обука за користење на GPS-навигатор, тотална станица
Обука за користење на Дрон
Обука за изработка на Топографски карти за потребата за Уредувањето на шумите, со посебен акцент на исцртување на оддели, пододдели, патишта, голини итн.
Член во комисијата составена од МЗШВ за давање на мислење од областа на шумарството, при барање од
Министерството за Економија за екпслоатација на минерални суровини и трајна пренамена на шумско земјиште од 2019 година
Изработка на Посебни планови за стопанисување на шумите од 2016 до 2021 година

---

**Тодорка Коцева**

Образование: Шумарски Факултет - Скопје
